25. Одлука за финансиска помош за смртен случај на проф. д-р Цвета Мартиновска.
26. Одлука за откуп на носии за потребите на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
27. Одлука за ангажирање на проф. д-р Andrew Burke како визитинг професор.
28. Одлука за ангажирање на проф. д-р Roy Thurik како визитинг професор.
29. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
30. Одлука за набавка на книгата „Структура на кристалите“.

**На 133. седница на Универзитетскиот сенат одржана на 27.2.2017 година беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2016 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
2. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2016 година на Уни сервис ДООЕЛ – Штип.
3. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2016 година на Уни сервис агро ДООЕЛ – Штип.
4. Одлука за усвојување на завршна сметка за 2016 година на Универзитетски спортски центар.

**На 134. седница на Универзитетскиот сенат одржана на 27.2.2017 година беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за избор на м-р Марјан Јанкоски во звање редовен професор.
4. Одлука за избор на д-р Ацо Кузелов во звање редовен професор.
5. Одлука за избор на д-р Љупчо Михајлов во звање редовен професор.
6. Одлука за ангажирање на проф. д-р Грегорис Макридес за визитинг професор.
7. Одлука за усвојување на Листа на наставници за реализирани активности за користење на флексибилно работно време – ФРВ за 2017 година.
8. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
9. Одлука за усвојување на Правилник за дополнување на Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
10. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Медицински сестри/Медицински техничари на прв циклус тригодишни студии на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
11. Одлука за склучување на договори помеѓу Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и приватни здравствени стоматолошки ординации, за летен семестар во учебната 2016/2017 година.
12. Одлука за избор на редакциски тела на меѓународното научно списание „Воспитание – списание за образовна теорија и пракса“ во рамките на Факултетот за образовни науки.
13. Одлука за склучување Договор за деловна соработка со „Балканика“ ДОО – Скопје.

14. Одлука за исплата на фиксен надоместок на стручњаци од пракса ангажирани во учебната 2016/2017 година.
15. Одлука за одобрување на средства за награди за Ораторска вечер 2017 на Правен факултет.
16. Одлука за усвојување на Маркетинг понуда доставена од „Еф-три“ ДОО Скопје.
17. Одлука за соработка со меѓународна Едуконференција.
18. Одлука за учество во соорганизација на семинар на тема „Новините во техничкиот преглед на возила, содржани во директивите на ЕУ – предуслов за унапредувањето на безбедноста на сообраќајот и екологијата“.
19. Одлука за повторен избор на д-р Виолета Димова во звање редовен професор.
20. Одлука за усвојување на Годишен план за вработување за 2017 и 2018 година.
21. Одлука за усвојување на Понуда за учество на саем „Денови на образование и кариера“ за 2017 година.
22. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Електроенергетика и автоматика на трет циклус студии на Електротехнички факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
23. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Деловна економија на трет циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
24. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Генетика и селекција на растителното производство на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
25. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Енологија на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
26. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Лозарство на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
27. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Наука за земјиштето и хидрологија на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
28. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Преработка и контрола на анимални производи на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
29. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Растителна биотехнологија на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
30. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Растително производство на трет циклус студии на

Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
31. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Фитомедицина на трет циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
32. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Политички науки – политички системи на трет циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
33. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Правни науки – човекови права и слободи на трет циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
34. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Наука и технологија на текстил на трет циклус студии на Технолошко-техничкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
35. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Компјутерска техника и информатика на трет циклус студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
36. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Математички науки и примени на трет циклус студии на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
37. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Воспитание и образование во раниот детски развој на трет циклус студии на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
38. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Училишна педагогија на трет циклус студии на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
39. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Геологија и геофизика на трет циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
40. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Наоѓалишта на минерални суровини на трет циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
41. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Петрологија, минералогија и геохемија на трет циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
42. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Површинска експлоатација на трет циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
43. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Подготовка на минерални суровини на трет циклус студии

на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

44. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Подземна експлоатација на трет циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
45. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Хидрологија и геотехника на трет циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
46. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Туризам и угостителство на трет циклус студии на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
47. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиска програма Македонистика, литературологија, културологија на трет циклус студии на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**На 135. седница на Универзитетскиот сенат одржана на 24.4.2017 година беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за финансии, инвестиции и развој.
3. Одлука за доделување на титулата почесен доктор на науки (Doctor Honoris Causa) на проф. д-р Волф Ошлис.
4. Одлука за ангажирање на проф. д-р Јовица Васин како визитинг професор.
5. Одлука за ангажирање на проф. д-р Кристин Витнбл како визитинг професор.
6. Одлука за усвојување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
7. Одлука за покренување иницијатива за соработка на аудиопродукција и постпродукција на влашки јазик за документарниот филм „Исус“.
8. Одлука за покренување иницијатива за соработка со фондацијата „Томислав Зографски“.
9. Одлука за посета на Меѓународен саем за техника во Белград од страна на студенти од Машински факултет.
10. Одлука за организирање на Летна школа на Правен факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
11. Одлука за заедничко организирање на Меѓународен 17-ти CEEPUS симпозиум и Летна школа по биоанализа од страна на УГД и УКИМ.
12. Одлука за давање согласност на одлуките од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки за одржување на Работилница на

модели со наслов „Оралнохирушки процедури во менаџирањето на фрап – дизајн: резенки, инструменти и техники на шиење“.
13. Одлука за годишно членство на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип во EAEC (Европска асоцијација на Еразмус координатори).
14. Одлука за усвојување на барање за користење на средства од научни проекти доделени од Министерството за образование и наука.
15. Одлука за донирање на парични средства за печатење на книга со наслов „Зборник на политички затвореници од 1945 до 1990 година, трет том“.
16. Одлука за одобрување на трошоци за авиобилети на релација Москва – Воронеж – Москва.

**На 136. седница на Универзитетскиот сенат одржана на 29.5.2017 година беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за избор на проф. м-р Ѓеорги Мицанов во звање редовен професор.
3. Одлука за избор на проф. д-р Ристо Ѓ. Кукутанов во звање редовен професор.
4. Одлука за избор на проф. д-р Верица Илиева во звање редовен професор.
5. Одлука за усвојување на Правилник за стекнување и распределба на средствата остварени брз основа на втор циклус универзитетски студии, трет циклус (докторски) студии и специјализации на здравствени работници и здравствени соработници со високо образование на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
6. Одлука за давање на согласност на одлуките од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа за усвојување на Завршни извештаи за научноистражувачки проекти.
7. Одлука за утврдување на висината на паричните средства во Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип од 2017 година.
8. Одлука за финансирање на научноистражувачки проекти за 2017 година и продолжување на рокот за финансирање на научноистражувачки проекти.
9. Одлука за давање на согласност за придружно членство на други единици кон Универзитетот.
10. Одлука за набавка на 40 книги со наслов „Уставно право“ од проф. д-р Светомир Шкариќ за потребите на Правен факултет.
11. Одлука за одобрување на пакет програма за полагање стручен испит и стекнување сертификат и уверение за туристички водич, туристички придружник и раководител на туристичка агенција за студентите запишани на втор и трет циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика.
12. Одлука за стручна посета на студенти од академските студиски

програми на Факултетот за медицински науки за престој на клиниките на Државниот медицински универзитет во Самара.
13. Одлука за основање на Поликлиника во состав на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
14. Одлука за формирање на Комисија за расход на основни средства на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
15. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија и утврдување на надомест за членовите на комисијата за работната група за успешно реализирање на уписите на Универзитетот и за вработените од единиците на Универзитетот кои се задолжени за примање на документи и внесување на податоци за пријавените кандидати за студиската 2017/2018 година.
16. Одлука за учество на Лабораторијата за дигитални ресурси при Факултетот за информатика во потпроект „Мој дигитален МСУ“.
17. Одлука за изнајмување на стан за потребите на странски професори, ангажирани во Фулбрајт програмата на Универзитетот.
18. Одлука за усвојување на Барање од ООУ „Славејко Арсов“ – Штип за донација на училишна опрема.
19. Одлука за определување на временски период во кој вработените на Универзитетот колективно ќе го користат првиот дел од годишниот одмор за 2017 година.
20. Одлука за усвојување на Извештај од реализација на промотивни активности на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за 2017 година.

**На 137. седница на Универзитетскиот сенат одржана на 20.6.2017 година беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисија за нормативна и издавачка дејност.
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој.
3. Донесување на одлука за избор на проф. д-р Снежана Ставрева Веселиновска во звање редовен професор.
4. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2017 година.
5. Одлука за за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за одлучување за прием на кандидати за втор циклус студии за учебната 2017/2018 година.
6. Одлука за формирање на Универзитетска конкурсна комисија за одлучување за прием на кандидати за трет циклус (докторски) студии за учебната 2017/2018 година.
7. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на интегрирани студии на прв и втор циклус на студии на студиска програма Фармација на Факултетот за медицински науки.
8. Одлука за покривање на трошоци за учество на натпревар во симулирано судење (усна и писмена правна аргументација) на студентите од Правниот факултет.

9. Одлука за реализација на теренска настава од страна на студентите на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
10. Одлука за давање согласност за исправка на техничка грешка во студиската програма 2012/2013 и 2013/2014 година на насоката Класично сликарство на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
11. Одлука за давање на согласност за депонирање на старо железо во овластен откупниот отпад.
12. Одлука за усвојување на Барање за донација на употребувана компјутерска опрема поднесено од Метеролошка станица – Струмица.
13. Одлука за исплата на паричен надомест на учесниците во работата на Ректорската управа, за подготовка, разгледување, заземање на став и гласање по точките од дневниот ред на седниците.
14. Одлука за исплата на паричен надомест на учесниците во работата на Универзитетскиот сенат, за подготовка, разгледување, заземање на став и гласање по точките од дневниот ред на седниците.
15. Одлука за изменување и дополнување на Одлука за стручна посета на студенти од академските студиски програми на Факултетот за медицински науки за престој на клиниките на Државниот медицински универзитет во Самара, Русија.
16. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма Наука и технологија за композитни материјали на македонски јазик за трет циклус на студии Технолошко-техничкиот факултет.
17. Одлука за учество на проект од Програмата за подобрување на локалната и регионалната конкурентност на Светска банка, со наслов „Едукативен центар за развој и иновации во туризмот (скратено ЕЦРИТ)“.
18. Одлука за учество на проект од Програмата за подобрување на локалната и регионалната конкурентност на Светска банка со наслов „Унапредување на туристичкиот потенцијал и подобрување на туристичката визибилност на дестинацијата Скопска Црна Гора и Кумановскиот регион“.
19. Одлука за усвојување на Ценовник на услуги на Институт за јазици на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**На 138. седница на Универзитетскиот сенат одржана на 4.9.2017 година беа донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за верификација на мандат на член во Универзитетскиот сенат, претставник од Факултет за информатика.
2. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност.
3. Одлука за усвојување на предлог-мислења од Комисијата за финансии, инвестиции и развој.

4. Одлука за избор на проф. д-р Татјана Џорлева во звање редовен професор.
5. Одлука за избор на проф. д-р Душан Спасов во звање редовен професор.
6. Одлука за продолжување на динамиката на плаќањата и динамиката на реализација на обврските по склучен Договор бр.0507-142/1- 51 од 5.4.2017 година за набавка на реконструкција на објекти за потребите Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип по Оглас бр.03/2017 со ДРВО – ПРОМ ДООЕЛ с.Мородвис, Зрновци.
7. Одлука за формирање Комисија за вонреден попис на канцелариски мебел на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
8. Одлука за ослободување од партиципација за прв и втор семестар на студентите од ромска националност кои се запишани во учебната 2017/2018 година.
9. Одлука за усвојување на Проект за имплементација на софтверско решение (модул) за втор циклус студии, трет циклус студии, специјализации на студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
10. Одлука за дополнување на Одлуката за исплата на фиксен надоместок на пензионирани професори ангажирани како стручњаци од пракса во учебната 2017/2018 година.
11. Одлука за давање согласност на одлуките од Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во врска со одржувањето на симпозиум со меѓународно учество „Неправилности, грешки и пропусти и нивно санирање при стоматалошките интервенции“.
12. Одлука за формирање на комисија за прибирање на понуди за деловна соработка со медиуми.
13. Одлука за утврдување на критериуми за селекција на Еразмус + мобилност на наставнички кадар.
14. Одлука за ангажирање на Priv.-Doz. Prof. Dr. Dr. h.c. Jörg M. Elsenbach за визитинг професор.
15. Одлука за продолжување на договорот за претплата за одржување на веб-страниците на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
16. Одлука за давање согласност на одлуката од Наставно-научниот совет на Правниот факултет за хотелско сместување.
17. Одлука за давање согласност за формирање на мрежата ЕАЕЦ– Македонија (European Association of ERASMUS Coordinators Network – branch in Macedonia) при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## КАБИНЕТ НА ПРОРЕКТОР ЗА НАСТАВА

Извештајот за работата на Кабинетот на проректорот за настава за 2016/2017 година содржи активности реализирани согласно со надлежноста на проректорот за настава и работите и работните задачи на вработените кои биле планирани и дополнителни активности кои произлегоа од редовните обврски и задолженија како од многу актуелни прашања и случувања.

Планираните активности за работа за 2016/2017 година се реализирани согласно со академскиот календар на Универзитетот.

Во спроведувањето на активностите во тековната 2016/2017 година непосредно се соработуваше со единиците на Универзитетот и универзитетските центри.

Во текот на 2016/2017 година, Кабинетот на проректорот за настава работеше со еден проректор за настава, еден раководител на студентски прашања за прв и втор циклус студии и еден референт во Кабинет на проректор за настава.

Во студиската 2016/2017 година на Универзитетот беа активни следниве студиски програми:

**Прв и втор циклус студии**

- Правен факултет – 6 прв циклус, 10 втор циклус;
- Економски факултет – 9 прв циклус, 6 втор циклус;
- Факултет за образовни науки – 6 прв циклус, 8 втор циклус;
- Земјоделски факултет – 12 прв циклус, 6 втор циклус;
- Музичка академија – 23 прв циклус, 6 втор циклус;
- Ликовна академија – 2 прв циклус;
- Факултет за информатика – 8 прв циклус, 14 втор циклус;
- Факултет за природни и технички науки – 14 прв циклус, 12 втор циклус;
- Филолошки факултет – 5 прв циклус, 11 втор циклус;
- Факултет за медицински науки – 9 прв циклус, 15 втор циклус;
- Факултет за туризам и бизнис логистика – 11 прв циклус, 7 втор циклус;
- Електротехнички факултет – 5 прв циклус, 2 втор циклус;
- Машински факултет – 5 прв циклус, 2 втор циклус;
- Технолошко-технички факултет – 7 прв циклус, 2 втор циклус;
- Филмска академија – 3 прв циклус.

**Трет циклус студии**

- Кампус 2 - Биотехнички науки и Техничко-технолошки науки (Факултет за природни и технички науки, Земјоделски факултет, Факултет за информатика, Технолошко-технички факултет, Машински факултет), 13 трет циклус;
- Кампус 3 - Факултет за медицински науки, 5 трет циклус;
- Кампус 4 - Филолошки факултет, Електротехнички факултет,

Факултет за туризам и бизнис логистика и Факултет за образовни науки, 5 трет циклус.

На Универзитетот „Гоце Делчев“ редовно вработен кадар вклучен во настава има 301 лице, надворешно ангажирани наставници и соработници има 84 лица, стручњаци од пракса има 121 лице.

**Согласно со обврските предвидени со актите на Универзитетот, во периодот септември 2016 – септември 2017 година активностите беа реализирани на следниот начин:**

**1. Активности врзани за реализација на настава на студентите од прв циклус**:

- Изработка на Предлог-конкурс за запишување на студенти на прв циклус студии.
- Објавување на Конкурс за запишување на студенти.
- Прием и запишување на студенти за прв циклус на студии реализиран во три уписни рока.
- Издавање на информатори за студентите запишани во учебната 2016/2017 година.
- Реализација на студентски календар за испитни сесии и студентски и наставни активности за календарската 2016 година.
- Изработка на електронски распоред согласно со расположливите условни капацитети во Штип, како и во сите наставни центри каде наставата се одвива редовно.
- Е-индекс – сите активности на студентите врзани за нивните обврски за време на студирањето, пријавување на испити, заверување и запишување на семестар и друго се одвиваат по електронски пат, вклучително и е-плаќањето кое има многу висока стапка на искористеност.
- Реализацијата на електронско следење и одвивање на наставата преку потпишување на редовност на настава од страна на наставниците, електронско генерирање на извештаи по завршена сесија.
- Формирана е работна група за акредитација на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии и истите се доставени до одборот за акредитација и до Министерството за образование и наука.
- Студиските програми на Филмската академија беа ставени во мирување заради концептот на Универзитетот за запишување на студенти на Филмската академија на четири години.
- Објавување на студиски програми за учебната 2016/2017 година на македонски и англиски јазик на веб-страницата на Универзитетот.
- Објавување на предметни програми на македонски и англиски јазик на веб-страницата на Универзитетот.
- Сите активности за запишување на студентите се завршени до 15 септември 2017 година, вклучително и апликациите на странските студенти кои се пријавени за следење на наставата на Универзитетот „Гоце Делчев“.

- За странските студенти кои се пријавиле да студираат на македонски јазик е организирана настава по македонски јазик (степен А1 и А2), односно полагање соодветен испит за полагање.

**2. Активности реализирани преку состаноци со Комисија за наставни прашања, продеканите на единиците на Универзитетот за решавање на актуелните проблеми и новини врзани за наставата од прв циклус.**

- Следење на редовност во реализација на предметните програми од страна на наставниците и соработниците.
- Проверка на состојбата со Договорите за ангажирање на наставници и потребни согласности на секој од факултетите.
- Преглед на состојбата со ажурирањето на испитните пријави.
- Завршни активности и предавање на матичните книги за запишани студенти во прв циклус студии.
- Забрзување на процедурите за преглед на студентски досиеја.
- Навремена изработка на додатоците на диплома кои кореспондираат со генерациите на кои им се издава диплома.
- Навремено доставување на списоци на завршени студенти за издавање на дипломи и додатоци на дипломи.
- Реализација на клиничка настава согласно со предметните програми.
- Иницирање на потпишување на договори за соработка со други високообразовни институции од други држави за олеснување на проектите за размена на студенти и вработени (Еразмус и слично).

**3. Покриеноста на настава за прв циклус на студии**

Се врши согласно со доставените одлуки од наставно-научните совети на факултетите и во соработка со Правилникот за прв циклус студии, истата се проверува дали соодветствува со барањата на Законот за високо образование.

Секој наставник треба да има најмногу 4 предмети и 8 часа настава по семестар, а секој соработник најмалку 16 часа практична настава.

По проверката истите се доставуваат за изработка на електронски распоред.

**4. Ангажираност на наставници за прв циклус на студии**

- Ангажираноста и покриеноста на наставата со наставници вработени на УГД се врши согласно со одлуките на ННС од факултетите и правникот за прв циклус студии изработува решенија. Наставниците вработени на УГД можат да изведуваат настава на матичните и на други/сродни факултети.
- Покриеноста на наставата со ангажираност на наставници од други универзитети се врши по барање на ННС од факултетите и доставување на согласниот од институцијата од каде што доаѓа. По проверката на документите се изработува договор за ангажираност и предлог решение до ректорот.

- Истата постапка се води и за ангажираност на соработници и стручњаци од практика од други институции и за сите области за кои има потреба.
- Најголем број на ангажираност на наставници, соработници и стручњаци од практика има на ФМН, поради спецификите на студиските програми, нивната поврзаност со клиниките и институциите од јавното и приватното здравство и потребата истата да се реализира на соодветно место.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕСОТ НА РЕАКРЕДИТАЦИЈА

За потребите на Универзитетот и задачите произлезени од законската обврска за реакредитација на студиските програми од сите три циклуса беше формирана работна група за организација на процесот.

Работната група беше во состав:

- проф. д-р Кирил Барбареев – проректор за настава;
- проф. д-р Дејан Мираковски – проректор за развој, инвестиции и одржување;
- проф. д-р Лилјана Колева Гудева – професор од Земјоделски факултет;
- проф. д-р Винета Сребренкоска – декан на Технолошко-технички факултет;
- д-р Христина Серафимовска – референт во Кабинет на проректори.
- м-р Светлана Попова – секретар за втор и трет циклус студии.

Како надворешен соработник со своето искуство и експертиза во работната група учествуваше и проф. д-р Миколај Кузиновски од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Во периодот од 27.1.2016 до 12.4.2017 г. беа одржани 20 работни состаноци на кои беа утврдени општите правила и правни одредби на кои се придржуваа факултетите при изработка на елаборатите за реакредитација на студиските програми. За таа цел работната група изработи три упатства кои беа доставени до факултетите, и тоа:

1. Упатство за реакредитација на студиските програми од прв циклус студии;
2. Упатство за реакредитација на студиските програми од втор циклус студии;
3. Упатство за реакредитација на студиските програми од трет циклус студии.

Од страна на оваа работна група се подготвени и испратени на акредитација вкупно 96 елаборати за студиските програми од прв циклус студии, 81 елаборат за студиските програми од втор циклус студии и 17 елаборати за студиските програми од трет циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Активности врзани со Универзитетски спортски центар** (има посебен и целосен и детален извештај за Универзитетски спортски центар)

Овие активности се поврзани со:

- Организација и реализација на задолжителната настава по спорт и рекреација за студентите од прва година на сите факултети, нејзината посетеност.
- Реализација на слободни активности на студенти од сите години на сите факултети.
- Организација на универзитетска баскет лига.
- Организација на универзитетска лига во одбојка.
- Учество на женска и машка екипа на Европското спортско првенство на одбојка на плажа во Бугарија.
- Учество на студенти со универзитетски клубови во активностите на Универзитетската спортска федерација и државните универзитетски лиги каде што членува Универзитетот „Гоце Делчев“.
- Реализација на спортски активности на вработени на УГД.
- Креирање на веб-страница на Универзитетски спортски центар, медиумски активности поврзани со работата на УСЦ.
- Реализација на пилот-истражување за потребите на наставата по спорт и рекреација (спроведување на Анкетен прашалник на крај од секој семестар за утврдување на фитнес нивото и фитнес статусот на студентите).
- Активности на спортските клубови на УГД - кошарка, одбојка, пинг-понг и карате во соодветните лиги, нивно опремување со спортски реквизити, превоз и сè што е потребно за нормално учество во натпреварите, редовни лекарски систематски прегледи, осигурување и членарини.

**5. Соработка и средби со претставници од Студентскиот парламент** која се интензивира како резултат на реалната потреба за усогласување на дел на активностите, посебно врзани за:

- Спортот и организација на универзитетски, меѓууниверзитетски и меѓународни турнири.
- Учество на студенти на национални/меѓународни конгреси и манифестации и нивно претставување со стручни/научни трудови.
- Реализација на редовната настава/пракса.

**ЗАКЛУЧОК**

Разгледувајќи ги сите активности кои се преземани може да се заклучи дека успешно се завршени сите обврски, а задачите се исполнети навремено и квалитетно.

Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или наставниците ангажирани на прв циклус студии.

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА КАБИНЕТОТ НА ПРОРЕКТОРОТ ЗА НАСТАВА НА УГД ВО ПЕРИОД 2015-2019 ГОДИНА

Програмата за работа на Кабинетот на проректорот за настава е подготвена врз основа на неколку клучни параметри:

1. Заклучоците од извештајот на Европската асоцијација на универзитети (EUA) - од заклучоците и сугестиите на Комисијата на надворешната евалуација на УГД спроведена во април 2015 г.
2. Од европските стандарди и насоки за осигурување на квалитет во наставата (Образование и обука 2020), (Report to the European Commission on Improving the quality of teaching and learning in Europe's higher education institutions June 2013).
3. Од програмата за работа на ректорот на УГД за периодот од 2015 до 2019 година.

Универзитетската настава има клучно значење и огромна важност и одговорност во градењето на професионалните компетенции и личносните квалитети на студентите и наставниците.

Концептот на универзитетската настава на УГД ќе се заснова на принципите на европската хуманистичка традиција (Magna Charta Universitatum, 1988), но истовремено ќе се развиваат академски политики за развој на студиски програми кои академскиот квалитет ќе го комбинираат со потребите на пазарот на труд и вработувањето (Towards the European Higher Education Area, 2001).

Притоа, клучни се три нејзини аспекти: односот меѓу наставата и истражувањето, наставните цели и задачи и наставните форми и методи.

Целите на Кабинетот на проректорот за настава е универзитетската настава на УГД да го развива методолошкото мислење кај студентите, да се негуваат способностите за анализа, разрешување проблеми, комуникација, писмено изразување, усна презентација, тимска работа и други, преносливи способности и вештини (transferable skills), кои се неопходни за живот во граѓанското општество.

Токму овој модел на универзитетска настава и учење денес станува општоприфатен, бидејќи е во согласност со Болоњскиот процес и со реформата на високото образование.

Планот на дефинирањето на способностите што треба да се градат кај дипломците се категоризирани во неколку нивоа на општост:

- Способности кои се однесуваат на полето на студирање
- Способности кои се однесуваат на идната професионална дејност
- Преносливи или општи способности, на кои се обрнува посебно внимание на курикулумот, а кои се посебно потенцирани во документите на Европската комисија за образование, како на пример градење аргументи и решавање проблеми, донесување судови, комуникациски способности (Working on the European Dimension of Quality, 2002).

Сето ова значи стимулирање на педагошката практична работа, учество во различни проектни активности, работа во мали групи или во парови, водење дневник за спроведени активности и други форми на следење на сопствениот ангажман и придонес. Оттука, ваквиот пристап ќе овозможи студентот да претставува активен субјект во процесот на учење и наставата, односно преку сопствената ангажираност, преземањето одговорности и можноста за дејствување во пошироката средина, да ја создава сликата за себе и за сопствената важност и улога во светот во кој живее.

Прашањето на универзитетската настава и нејзините цели и задачи е прашање на градење на способностите и компетенциите на студентите, а нив секогаш ги детерминираат пазарот на труд односно општествено-економските услови.

Современата настава и учење има тројна мисија:

1. Да овозможи разбирање на светот, како услов за соочување со него и адаптирање на него;

2. Да обезбеди активно дејствување во светот, бидејќи само на тој начин се можни негово менување и унапредување;

3. Да оствари градење на сопствениот идентитет во тој свет, што подразбира да се осознае вредноста на личниот придонес, одговорност и место во него.

Универзитетот е во европскиот простор кој сè повеќе е конкурентен, но тој простор е и компатибилен и ефикасен. За да се одговори на овие барања, неопходно е да се подобри наставниот процес и квалитетот на знаењата што се усвојуваат. Тие не треба да бидат фактографски, туку функционални, не како цел за себе, туку како почетна етапа во процесот на учење и инструменти за стекнување практично искуство.

## ФОРМИ И МЕТОДИ НА НАСТАВА И УЧЕЊЕ

Универзитетската настава денес им дава предност на т.н. активни методи на работа, односно на методи и техники кои поттикнуваат активно, одговорно и кооперативно учење. Таквите методи и услови за учење создаваат бројни техники за работа во мали групи, дебатни техники, работа на проекти, индивидуална и групна презентација, дискусии по прочитана литература. Нивната примена е резултат на потребата од градење способности за аналитичко и критичко размислување, како и од оспособување на студентите за самоучење и самообразование.

Професорот како приоритет ги има програмите што треба да ги реализира и студентите со кои треба да работи, а изборот на методите и техниките што ќе се користат зависи од неговата оспособеност да направи проценка на нивната ефикасност во обезбедувањето на очекуваните резултати од учењето. Затоа, унапредувањето на наставата од аспект на нејзино методско иновирање ќе подразбира:

- Создавање универзитетска средина која ќе стимулира постојано проширување на репортоарот на наставни техники со кој располагаат професорот и асистентот;

- Оспособување за селекција на наставните техники во согласност со природата и карактерот на содржините што треба да се реализираат;
- Оспособување за практична примена и за креативно модификување на наставните техники;
- Постојано преиспитување на успешноста во реализацијата на часовите врз основа на реакцијата на студентите и личните опсервации.

Имајќи ја предвид автономијата на секој професор, формите, методите и техниките на настава се првенствено инструменти, средства за работа, а не цел сами за себе.

**ПРИОРИТЕТИ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ**

Приоритетите на дејствување се стратешка определба за остварување на програмата за работа на Кабинетот на проректорот за настава на УГД.

За исполнување на целите на Кабинетот се предлагаат следните приоритети:

- Редовно држење на наставата. Цел не е само редовно држење на наставата туку *добро држење на наставата;*
- Континуирани анализи на структурата на студиските програми на 1 и 2 циклус студии;
- Развивање на стратегија за континуиран професионален развој;
- Зајакнување на наставата, учењето, праксата, е-учење и е-настава;
- Оценувањето и вреднувањето во наставата;
- Вештини за личен професионален развој;
- Поддршка, почитување, препознавање и награди за квалитет во наставата;
- Поддршка на педагошките истражувања за универзитетската настава;
- Поддршка и развивање на средини за учење и добра настава;
- Методиката на наставата се уште се доживува како дел од општата методика (педагогија) а не како научна област, затоа и нема развој на матичните наука во наставата. Ретки се истражувањата од областа на методиката на наставата.

**<u>Конкретни активности</u>**

- Квалитетот на наставници би требало да почне да се зголемува ако се акредитираат реално квалитетни магистерски и докторски студии од областа на методиката на наставата за сите поединечни предмети. Заеднички студии на универзитетите, додипломски, мастер и докторски.
- Факултетите имаат реален недостаток во креирањето на објективни показатели за процена на квалитетот и методот на изведување на наставата. Потребно е воведување и зголемување на критериумите за педагошка работа.
- Зголемување на бројот на интердисциплинарни студиски програми.
- Зголемување на процентот и квалитетот на е-учење во студиските програми.

**Формирање на Центар за образование на наставници (во тек).**
**Промена на концептот на оценување на УГД.**

- Создавање на систем за континуирано усовршување на наставниците за унапредување на процесот на учење и подучување.
- Усовршувањето на наставниците да се воведе како критериум за избор во наставно-научни звања.
- Воведување на мерливи механизми за изразување на задоволството на студентите.
- Правење на попис на практичните компетенции за секоја студиска програма.
- Дефинирање на односот на наставнички и ненаставнички кадар на УГД.
- Заедно со Центарот за квалитет ќе се изградат и воспостават процедури за евалуација за студентите и наставниците.

## УНИВЕРЗИТЕТСКАТА БИБЛИОТЕКА

**Вовед**

Во 2016 - 2017 година Универзитетската библиотека успешно ги извршуваше работните задачи што беа предвидени и поставени во текот на годината.

**Прием на библиотечен материјал**

Во библиотеката и оваа година беше вршен прием на библиотечниот материјал. Истиот беше стручно обработен (комплетно рачно и компјутерски) и беше дистрибуиран до библиотеките на единиците на Универзитетот.

Книгите се добиваа главно врз две основи:
- Купување од страна на Универзитетот од други субјекти и
- Донации од:
– Владата на РМ,
– подароци од амбасадите на Руската Федерација и на Германија,
– Турскиот културен центар „Јунуз Емре“,
– од професори,
– од Управата за заштита на културното наследство,
– од Министерството за култура,
– од Институтот за национална историја и
– донации од поединечни автори на книги.

Исто како и досега, новодобиените книги најнапред се евидентираа т.е. архивираа во деловодна книга, а за книгите кои се набавени со фактура се изготвуваа сметководствени пресметки поединечно за секоја книга. Потоа на секој влезен или излезен документ се вршеше архивирање (а доколку нема список на книги се правеше записник), потоа се вршеше скенирање и нивно внесување во компјутерската програма Suscriptor.

**Техничка и стручна обработка**

Библиотеката на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и оваа година продолжи со техничка и стручна обработка (каталогизација на библиотечниот материјал) според најновите меѓународни стандарди за библиотечно работење (UNIMARK). Се вршеше и компјутерската обработка во библиотечната оперативна програма FACIT.

Во текот на годината се вршеше и прием и средување на вратени задолженија според налози на факултетите.

Тековно се запишуваа студенти и вработени и истите се услужуваа со библиотечниот фонд, а воедно и им се даваа информации во врска со расположливата литература во библиотеката.

**Тековни активности**

Во текот на 2016 - 2017 година во Универзитетската библиотека при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се реализирани низа активности, кои во продолжение ќе ги наброиме:

- Техничка обработка на библиотечниот фонд. Оваа обработка се состои од потпечатување, заведување во инвентарна книга, сигнирање, инвентарирање во книгите, пишување на картон на книгата. Правење пресметка на книгите според фактура. Креирање компјутерски запис во библиотечната програма FACIT. Правење задолженија за книгите, архивирање и препраќање на книгите по факултетските библиотеки.
- Скенирање на архивираните документи и нивно внесување во Suscruptor.
- Тековно услужување со книги и друг библиотечен фонд. Во текот на целата година студентите, постдипломците, професорите и останатите вработени на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип од сите факултети редовно беа услужувани со книги и друг библиотечен фонд.
- Издавање потврди на дипломирани студенти дека не должат книги откако претходно истите беа проверувани.
- Електронско внесување на обработени наслови на книги од проектот на Влада на РМ во електронската евиденција.
- Новина е внесување на потребните податоци на актуелни библиотечни членови на библиотеката на Кампус 4 во библиотечната програма FACIT.
- Прием на задолженија на книги, нивна проверка и средување во класер.
- Прием на нови книги од поголеми или помали донации од институции и поединци.
- Учество во пописот на основни средства на Универзитетската библиотека.
- Селење на дел од библиотечниот фонд од библиотеката на Економски факултет во Наставниот центар во Скопје.
- Работа во Универзитетската архива. Во 2017 година продолжи ангажманот на дел од вработените во Одделението за библиотечно работење (Универзитетската библиотека) во средувањето на главната Универзитетска архива. Станува збор за обемна работа на средување на илјадници студентски досиеја и илјадници документи сместени во класери. Оваа работа сè уште е во тек. Класерите со документи поединечно се проверуваа и се редеа хронолошки и според единиците од каде што потекнуваат. Истовремено, покрај средувањето на досиејата и архивската документација се услужуваа и странки кои имаа потреба од користење на архивата. Истовремено од просторијата на Универзитетската архива беа изнесени над 400 магистерски трудови.
- Пишување детален извештај на барање и за потребите на Заводот за статистика.
- Обработка на стариот фонд, од над 13.000 книги, на ФОН.
- Вадење податоци (материјално и финансиски) за библиотечна

евиденција по факултети за вкупниот број книги и изготвување записник за вкупниот библиотечен фонд на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
- Работа на средување на книгите во Наставниот центар во Скопје.
- Тековна комуникација со факултетите и останатите единици.
- Присуство на промоции на книги.

**СТРУКТУРА (РАКОВОДИТЕЛ И ВРАБОТЕНИ)**

Во 2017 година, во Универзитетската библиотека работеа:
- М-р Александар Донски (раководител)
- Цвета Димитриева (Библиотека на Економски факултет)
- М-р Мима Костова (Библиотека на ФОН, задолжена за обработка на стариот фонд книги, но и на новодобиените книги).
- Љуба Миланова (библиотеки на Кампус 2)
- М-р Јасминка Соколовска (библиотеки на Кампус 4)
- Марио Параклиев (библиотеки на Кампус 4)
- Роза Јовановска (библиотека во Наставен центар Скопје)
- М-р Владимир Китанов (библиотека на Факултет за медицински науки)
- М-р Маријана Кротева (библиотека на ФОН)

**ЗАКЛУЧОК**

Работата во Одделението за библиотечно работење (Универзитетската библиотека) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во 2016 - 2017 година се одвиваше според зацртаните работни задачи во Правилникот за работа.

**Архива на студентски досиеја**

**ПРВ ЦИКЛУС НА СТУДИИ**

Во почетокот на 2016-2017 година беше објавен Конкурсот за упис на студенти на прв циклус студии со вкупно 5.238 слободни места. Датумите за пријавување и поднесување документи беа следните:
- прв рок: 15, 16 и 17.8.2016 г.
- втор рок: 25 и 26.8.2016 г.
- трет рок: 5 и 6.9.2016 г.

Примените студенти можеа да се запишат на следните уписни рокови:
- прв уписен рок: 25 и 26.8.2016 г.
- втор уписен рок: 5 и 6.9.2016 г.
- трет уписен рок: 15 и 16.9.2016 г.

Во трите уписни рока се запишаа студенти согласно со Конкурсот, вклучувајќи ги сите дополнителни квоти (националности, бранители, лица со посебни потреби, лица без родители, лица растени во домови и др.).

По уписите бројот на активни студенти по факултет во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ е следниот:

| **Факултет** | **Активни студенти** |
|---|---|
| Економски факултет | 914 |
| Електротехнички факултет | 201 |
| Земјоделски факултет | 576 |
| Ликовна академија | 33 |
| Машински факултет | 220 |
| Музичка академија | 250 |
| Правен факултет | 549 |
| Технолошко-технички факултет | 245 |
| Факултет за информатика | 534 |
| Факултет за медицински науки | 2584 |
| Факултет за образовни науки | 242 |
| Факултет за природни и технички науки | 911 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 2266 |
| Филмска академија | 20 |
| Филолошки факултет | 773 |
| **Вкупно** | **10318** |

Заради поефикасно и поодговорно работење, референтите од студентска служба се определени како одговорни по факултет, а во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип според следниот распоред:

Факултет за образовни науки - еден референт;

- Економски факултет - двајца референти;
- Факултет за медицински науки - двајца референти;
- Факултет за музичка уметност - еден референт;
- Факултет за информатика - еден референт;
- Факултет за природни и технички науки - двајца референти;
- Технолошко-технички факултет - двајца референти;
- Машински факултет - еден референт;
- Електро - технички факултет - еден референт;
- Филолошки факултет - двајца референти;
- Земјоделски факултет - еден референт
- Факултет за туризам и бизнис логистика - двајца референти;
- Ликовна академија, Филмска академија и Ликовна академија - еден референт.

Во текот на годината се одржаа сите испитни сесии согласно со академскиот календар и студентите полагаа согласно со календарот во септемвриска, октомвриска, декемвриска, февруарска, априлска и јунска сесија.

Бројот на дипломирани студенти за 2016/2017 година е:

| **Факултет** | **Дипломирани студенти** |
|---|---|
| Економски факултет | 155 |
| Електротехнички факултет | 16 |
| Земјоделски факултет | 70 |
| Машински факултет | 14 |
| Музичка академија | 3 |
| Правен факултет | 73 |
| Технолошко-технички факултет | 27 |
| Факултет за информатика | 51 |
| Факултет за медицински науки | 296 |
| Факултет за образовни науки | 6 |
| Факултет за природни и технички науки | 143 |
| Факултет за туризам и бизнис логистика | 225 |
| Филолошки факултет | 71 |
| **Вкупно** | **1151** |

Во текот на годината се одржаа две свечени доделувања на дипломи на студенти од прв циклус студии (декември и март).

**ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ**

Планираните активности за работа за 2016 – 2017 год. се реализирани во целост.

Во текот на 2016 - 2017 година се реализирани и дополнителни активности, согласно со потребите на Универзитетот.

Во спроведувањето на активностите во тековната 2016 - 2017 година непосредно се соработуваше со единиците на Универзитетот и универзитетските центри.

Во текот на 2016 - 2017 година работата се извршуваше со ангажман на еден секретар за правни прашања и студентски прашања за втор и трет циклус студии и четири референти и еден раководител, кој воедно е раководител и на студентски прашања и на првиот циклус студии.

Процесирањето на јавните одбрани на специјалистичките/ магистерските трудови на студентите на единиците се врши со административна поддршка на комисиите за одбрана од страна на секретарите на единиците или секретарот за правни прашања во Кабинетот на проректорот за наука. Во текот на 2016 - 2017 година се обработени одбрани на магистерски/ специјалистички трудови на 12 (дванаесет) единици на Универзитетот.

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот беше организирана постапка за промоција на магистрираните/специјализираните студенти од сите единици на Универзитетот на втор циклус студии.

Во текот на оваа година Универзитетот објави и реализираше

Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2016 - 2017 година.

Конкурсот беше распишан за тринаесет единици на Универзитетот за над 120 студиски програми и модули.

Во реализацијата на овој конкурс учествуваа конкурсните работни групи од  единици и универзитетската конкурсна комисија.

Број на запишани студенти по факултет:

1. ФПТН – 22
2. Факултет за информатика – 9
3. ФТБЛ – 17
4. Електротехнички факултет – 4
5. Економски факултет – 37
6. Медицински науки – 33
7. Земјоделски факултет – 7
8. Музичка академија – 8
9. Технолошко-технички факултет – 6
10. Правен факултет – 21
11. Факултет за образовни науки – 8
12. Филолошки факултет – 14
13. Машински факултет – 1

Број на магистрирани студенти по факултет:

1. ФПТН – 24
2. Факултет за информатика – 13
3. ФТБЛ – 1
4. Економски факултет – 21
5. Медицински науки – 25
6. Земјоделски факултет – 4
7. Музичка академија – 4
8. Правен факултет – 45
9. Факултет за образовни науки – 7
10. Филолошки факултет – 3

Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии опфаќа три кампуси со 10 факултети и 23 студиски програми, а бројот на слободни места за запишување студенти на трет циклус - докторски студии зависи од бројот на слободни акредитирани ментори на факултетот.

- Одлука за трет циклус на студии-докторски студии за Ален Ѓеорѓијев од Штип со која му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината во учебната 2016/2017 година.
- Одлука за трет циклус на студии-докторски студии за Гордана Панова од Кочани со која не ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината во учебната 2016/2017 година поради несоодветност на образованието.

- Одлука за трет циклус на студии-докторски студии за Данило Крстевски од Скопје со која му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Стоматологија, модул: Базични клинички истражувања во дентална медицина во учебната 2016/2017 година.
- Одлука за трет циклус на студии-докторски студии за Изаири Пранвера од Куманово со која ѝсе одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината во учебната 2016/2017 година.
- Одлука за трет циклус на студии-докторски студии за Марија Хубрева од Штип со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината во учебната 2016/2017 година.
- Одлука за трет циклус на студии-докторски студии за Тања Пенева Здравева од Скопје со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Стоматологија, модул: Базични клинички истражувања во дентална медицина во учебната 2016/2017 година.
- Одлука за трет циклус на студии-докторски студии за Фисник Демири, Висар Мифтари и Емилија Петановска-Костова, Маја Софрониевска-Главинов со која им се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината во учебната 2016/2017 година.

***Одлуки:***

- Се прифаќа Барањето од студентот Марија Атанасова за префрлување од студиската програма Биомедицина на студиската програма Фармацевтски науки, на ФМН, во прва година, прв семестар во учебната 2016/2017 г.
- Се прифаќа Барањето од студентот Катерина Колевска, за префрлување од студиската програма Биомедицина на студиската програма Фармацевтски науки, на ФМН, во прва година, прв семестар во учебната 2016/2017 г.
- Се прифаќа Барањето од студентот Маја Чочовска, за префрлување од студиската програма Биомедицина на студиската програма Фармацевтски науки, на ФМН, во прва година, прв семестар во учебната 2016/2017 г.

Наставно-научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 4 ги донесе следните одлуки:

**4. седница:**

***Одлуки:***

- На Борјан Ѓорѓиев, м-р по економски науки, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година;
- На Бујар Адиљи, м-р по педагогија, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Училишна педагогија во учебната 2015/2016 година;
- На Марјан Додовски, м-р по географски науки - туризмолог, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година;
- На Симона Ангелеска, м-р по право, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2015/2016 година;
- На Хајрија Мехмед Шкријељ, магистер на уметност во администрирање на бизнис, ѝ се одобрува условно запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2015/2016 година, а договор за студирање Универзитетот со кандидатката ќе склучи откако истата ќе достави Решение за нострификација на дипломите од прв и втор циклус студии и Еквиваленција на оценки за прв и втор циклус студии.

**5. седница:**

- На Ана Станковска м-р по образование, област социјална педагогија, ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Воспитанието и образованието во раниот детски развој во учебната 2015/2016 година.

**6. седница:**

- Согласност на Одлуката за усвојување на Елаборат на студиска програма Македонистика, литературологија, културологија на трет циклус – докторски студии на Филолошкиот факултет при УГД Штип, бр.1902-142/5 од 1.12.2016 г., донесена од ННС на Филолошки факултет.
- Согласност на Одлуката за усвојување на Елаборат на студиска програма Воспитание и образование во раниот детски развој на трет циклус – докторски студии на Факултетот за образовни науки при

УГД - Штип, бр.1602-214/5 од 29.11.2016 г., донесена од ННС на Факултетот за образовни науки.

- Согласност на Одлуката за усвојување на Елаборат на студиска програма Училишна педагогија на трет циклус – докторски студии на Факултетот за образовни науки при УГД Штип, бр.1602-214/4 од 29.11.2016 г., донесена од ННС на факултетот за образовни науки.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Гордана Серафимовиќ од Скопје со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Душко Коцев од Штип со која му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на  Емилија Николова Христова од Скопје со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус студии - докторски студии Моника Арсова од Штип со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Тодор Бадаровски од Скопје со која му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Ќамиљ Ковачи од Скопје му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, на студиската програма Деловна економија во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-

докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016 г.

- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Ѓерѓ Гојани од Џаковица, Р.Косово, му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Училишна педагогија во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФОН бр. 1602-222/3 од 14.12.2016 г., објавените трудови и реализираните обуки.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Наташа Колеска од Прилеп со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Воспитанието и образованието во раниот детски развој во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФОН бр. 1602-222/4 од 14.12.2016 г., објавените трудови и реализираните обуки.
- Одлука за запишување на трет циклус студии - докторски студии на Андреја Мачкиќ од Кичево ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус студии - докторски студии на Горан Апостоловски од Скопје со која му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Дарко Мајхошев од Штип со која му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2016/2017 година. На кандидатот му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Јулијана Саздова од Штип со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г.

- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Марина Стојмирова од Скопје со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Риалда Муареми од Печ, Р.Косово, со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус -докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Светлана Костова од Скопје со која ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на студиската програма Туризам и угостителство во учебната 2016/2017 година. На кандидатката ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Анела Џоковиќ од Печ, Р.Косово, со која условно ѝ се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Туризам и угостителство, во учебната 2016/2017 година. На кандидатката условно ѝ се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г. Кандидатката ќе се запише на трет циклус студии и ќе склучи договор за студирање со Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип ако до 30.12.2016 г. достави Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство и Еквиваленција на оценки издадени од Министерството за образование и наука на РМ.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Ибрахим Маља од Призрен, Р.Косово, со која условно му се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Деловна економија, во учебната 2016/2017 година. На кандидатот условно му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016г. Кандидатот ќе се запише на трет циклус студии и ќе склучи договор за студирање со Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип ако до 30.12.2016 г. достави Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство и Еквиваленција на оценки издадени од Министерството за образование и наука на РМ.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Насер Бреса од Гњилане, Р.Косово, со која условно му се одобрува

запишување на трет циклус студии на студиската програма Туризам и угостителство, во учебната 2016/2017 година. На кандидатот условно му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ФТБЛ бр. 2102-601/3 од 14.12.2016 г. Кандидатот ќе се запише на трет циклус студии и ќе склучи договор за студирање со Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип ако до 30.12.2016 г. достави Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство и Еквиваленција на оценки издадени од Министерството за образование и наука на РМ.
- Одлука за запишување на трет циклус на студии - докторски студии на Фламур Буљаку од Приштина, Р.Косово, со која условно му се одобрува запишување на трет циклус студии на студиската програма Деловна економија, во учебната 2016/2017 година. На кандидатот условно му се одобрува запишување на трет циклус-докторски студии врз основа на позитивното Мислење од ННС на ЕФ бр. 1202-274/59 од 7.12.2016 г. Кандидатот ќе се запише на трет циклус студии и ќе склучи договор за студирање со Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ако до 30.12.2016 г. достави Решение за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство и Еквиваленција на оценки издадени од Министерството за образование и наука на РМ.

**7. седница:**
- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Елаборат на студиска програма Туризам и угостителство на трет циклус – докторски студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при УГД Штип, бр.2102-507/6 од 10.11.2016 г., донесена од ННС на Факултетот за туризам и бизнис логистика.
- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Елаборат на студиска програма Деловна економија на трет циклус – докторски студии на Економскиот факултет при УГД Штип, бр.1202-284/5 од 21.12.2016 г., донесена од ННС на Економски факултет.
- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Елаборат на студиска програма Политички науки- политички системи на трет циклус – докторски студии на Правниот факултет при УГД Штип, бр. 1102-48/5 од 6.2.2017 г., донесена од ННС на Правниот факултет.
- Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Елаборат на студиска програма Правни науки - човекови права и слободи на трет циклус – докторски студии на Правниот факултет при УГД Штип, бр.1102-48/4 од 6.2.2017 г., донесена од ННС на Правниот факултет.
- Одлука за утврдување на Листа на слободни изборни предмети за трет циклус студии-универзитетски изборни предмети:

***Факултет за туризам и бизнис логистика:***
- Управување со проекти, предметен наставник доц. д-р Дејан Методијевски;
- Туристички маркетинг, предметен наставник проф. д-р Златко Јаковлев.

***Факултет за образовни науки:***
- Интеркултурна педагогија, предметни наставници доц. д-р Деспина Сивевска и доц. д-р Даниела Коцева;
- Образование за животна средина, предметен наставник проф. д-р Снежана Ставрева Веселиновска.

***Филолошки факултет:***
- Емоционалната писменост и интелигенција во образованието, предметен наставник проф. д-р Виолета Димова;
- Напреден академски странски јазик (англиски/германски), предметни наставници проф. д-р Нина Даскаловска и проф. д-р Билјана Ивановска.

***Економски факултет:***
- Менаџмент на човечки ресурси;
- Претприемништво.

***Правен факултет:***
- Право на интелектуална сопственост, предметен наставник доц. д-р Марија Амповска;
- Меѓународна трговска арбитража, предметен наставник доц. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ.
- Предлог-одлука проф. д-р Јован Ананиев да биде предложен за избор за претседател на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4, за период од две години.

**8. седница:**
- Одлука за формирање комисија за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторска дисертација за кандидатот м-р Петар Поп – Арсов во состав: вонр. проф. д-р Јадранка Денкова - претседател, проф. д-р Јован Ананиев, член и вонр. проф. д-р Андон Мајхошев, член.
- Одлука за формирање комисија за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторска дисертација за кандидатот м-р Васко Шутаров во состав: вонр. проф. д-р Андон Мајхошев - претседател, проф. д-р Јован Ананиев, член и вонр.проф. Страшко Стојановски, член.
- Одлука за формирање комисија за утврдување на подобноста на темата, тезите и кандидатот за изработка на докторска дисертација за кандидатот м-р Анета Стојановска-Стефанова во состав: вонр. проф.

д-р Игор Камбовски, претседател, проф. д-р Јован Ананиев, член и вонр. проф. д-р Андон Мајхошев, член.

**9. седница:**

- Одлука за усвојување на Извештајот бр. 1003-92/3 од 12.6.2016 г. од Комисија за утврдување на подобноста на темата „Влијание на политичките процеси врз културните дипломатии на државите формирани од поранешна СФРЈ“, тезите и оспособеноста на кандидатот м-р Васко Шутаров за изработка на докторска дисертација; за интерен ментор при изработката на докторската дисертација се определува проф. д-р Јован Ананиев, за екстерен ментор при изработката на докторскаат дисертација се определува проф. д-р Татјана Дронзина, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Софија.
- Одлука за усвојување на Извештајот бр. 1003-92/4 од 12.6.2016 г. од Комисија за утврдување на подобноста на темата „Признавање на државите во меѓународното право и меѓународните односи“, тезите и оспособеноста на кандидатот м-р Анета Стојановска-Стефанова за изработка на докторската дисертација; за интерен ментор при изработката на докторскиот труд се определува проф. д-р Јован Ананиев, за екстерен ментор при изработката на докторската дисертација се определува проф. д-р Панде Лазаревски, УКИМ Скопје.
- Одлука за усвојување на Извештајот бр. 1003-92/5 од 12.6.2016 г. од Комисија за утврдување на подобноста на темата „Создавањето и примената на правните акти во Советот на Европа во функција на заштита на државните интереси на земјите членки“, тезите и оспособеноста на кандидатот м-р Петар Поп Арсов за изработка на докторска дисертација; за интерен ментор при изработката на докторската дисертација се определува проф. д-р Јован Ананиев, за екстерен ментор при изработката на докторската дисертација се определува проф. д-р Илија Тодоровски, Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола.
- Одлука за формирање комисија за утврдување на подобноста на темата „Фактори и можности за развој на туризмот и угостителството во Општина Пеќ-Р.Косово“, тезите и оспособеноста на кандидатот м-р Хајрија Шкријељ за изработка на докторска дисертација во состав: проф. д-р Елизабета Митрева - претседател, проф. д-р Никола Димитров, член и проф. д-р Нако Ташков, член.

**10. седница:**

- Одлука за усвојување на Извештајот од Комисија за утврдување на подобноста на темата „Фактори и можности за развој на туризмот и угостителството во Општина Пеќ-Р.Косово“, тезите и кандидатот за изработка на докторска дисертација за студентот на трет циклус студии м-р Хајрија Шкријељ. За интерен ментор при изработката на докторска дисертација се определува проф. д-р Нако Ташков,

за екстерен ментор при изработката на докторската дисертација се определува проф. д-р Сретен Миладиновски, редовен професор, МИТ универзитет, визитинг професор на Приштинскиот универзитет од 2005 г. и Универзитетот во Пеќ од 2014 г.
- Одлука за усвојување на Барање бр.1003-84/5 од 5.10.2017 г. за промена на изборен предмет поднесено од Огнен Алексоски.на место Статистичка анализа, изборен предмет да биде Маркетинг.

**Заклучок:** да се извести Ректорската управа во врска со настаната ситуација да даде насоки како да се постапува во случај кога студентите на трет циклус студии се запишале на докторски студии, а немаат никакви активности, не подмириле финансики обврски, не ги спроведуваат административните обврски во студирањето. Менторот е ограничен со бројот на студенти кои може да ги менторира на вкупно три студенти, односно дали менторот ќе може да се откаже од дадената Изјава за ментор, бидејќи од тоа зависи бројот на студенти за кои ќе биде распишан наредниот Конкурс. Каков ќе биде статусот на тие студенти, кои имаат добиено потпишана Изјава за ментор на трет циклус студии.

**Конкурс за запишување студенти на трет циклус студии - докторски студии за учебната 2017/2018 г.**

Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии за учебната 2016/2017 година е распишан за акредитирани студиски програми кои се реализираат на Кампус 2, Кампус 3 и Кампус 4.

Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии – докторски студии опфаќа дваесет и три студиски програми, а бројот на слободните места за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии е определен во согласност со бројот на слободни акредитирани ментори. Запишани се вкупно педесет и шест студенти на трет циклус студии.

**Промоција на доктори на науки**

Промоцијата на доктори на науки традиционално е извршена на патрониот ден на Универзитетот. Докторите на науки свечено се промовирани од страна на ректорот на Универзитетот. Во 2017 година во доктори на науки се промовирани: Александар Котевски, Билјана Ковачевиќ, Ванчо Аџиски, Викторија Максимова, Владимир Маневски, Радмила Каранакова и Шабан Јакупи.

**Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот**

Во текот на 2017 година процесирани се сите постапки за избор на наставници на единиците на Универзитетот, во согласност со потребите на единиците и можностите на Универзитетот. Согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

разгледувани се сите досиеја формирани по распишани конкурси од аспект на согласноста на постапката со позитивните прописи и објавувањето на рефератите од рецензентските комисии во Универзитетскиот билтен.

**Изработка на предлог акти за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности**

- Во извештајната година тековно беа изработувани и процесирани измени и дополнувања на акти на УГД, измени на акти на УГД, согласно со потребите и заради усогласување со повисоките правни акти:
- Правилници за изменување и дополнување на правилниците на Универзитетот од различни области;
- Пријави за Конкурс запишување на студенти за втор циклус студии за учебната 2017/2018 година;
- Пријави за Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебата 2017/2018 година;
- Договори за студирање за студентите на втор циклус студии во 2017/2018 година;
- Договори за студирање за студентите на трет циклус-докторски студии во учебната 2017/2018 година;
- Учество во изработката на Студентските информатори за втор циклус студии;
- Усогласување на процедурите и обрасците во согласност со потребите за стандардизација на Универзитетот, како и други акти на Универзитетот.

**Постапки за одобрување на стипендии за трет циклус студии – докторски студии на вработени соработници на Универзитетот**

Во оваа година, исто така, продолжи стратегијата за стипендирање на вработените соработници на Универзитетот, без разлика дали се запишани на докторски студии на УГД или на друг универзитет во земјава или во странство.

**Постапките за одобрување на средства за финансирање на научноистражувачки проекти**

Во согласност со Правилникот за начинот и условите на користење на средства од Фондот за научноистражувачка работа од страна на вработените научноистражувачки работници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во извештајната година се реализира Конкурс за доделување финансиски средства за научноистражувачки проекти во кои главни носители и учесници се наставници и соработници и проекти во кои главен истражувач е наставник, а учесниците се само студенти.

Согласно со одредбите од цитираниот Правилник прецесирани се и постапките за прифаќање на завршните извештаи или барања за продолжување на рокот за завршување на научноистражувачките проекти финансирани од УГД.

**Постапки за реакредитација на студиски програми за втор циклус студии и акредитација на ментори на втор циклус студии**

Согласно со одредбите од ЗВО иницирани се постапки за реакредитирање на студиските програми од втор циклус студии. Комплетираните елаборати за акредитација на студиски програми од втор циклус студии се доставени до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за добивање на Решение за акредитација. Согласно со измените на одредбите од ЗВО за сите наставници кои исполниле услов да бидат ментори на втор циклус студии, а кои доставиле соодветен материјал, иницирани се постапки за акредитирање на ментори за втор циклус студии со доставување на Барање за акредитирање на ментори за втор циклус студии до Одборот за акредитација на високото образование.

**Постапки за реакредитација на студиски програми за трет циклус и ментори на трет циклус студии**

Согласно со одредбите од ЗВО иницирани се постапки за акредитирање на студиските програми од трет циклус студии. Комплетираните елаборати за акредитација на студиски програми од трет циклус студии се доставени до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование за добивање на Решение за акредитација. Согласно со измените на одредбите од ЗВО за сите наставници кои исполниле услов да бидат ментори на трет циклус студии, а кои доставиле соодветен материјал, иницирани се постапки за акредитирање на ментори за трет циклус студии со доставување на Барање за акредитирање на ментори за трет циклус студии до Одборот за акредитација на високото образование.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Правејќи споредба на податоците за работењето во извештајната година и претходните години може да се заклучи дека е обезбеден висок степен на стручност, ажурност и квалитет во постапувањето при извршувањето на задачите и обврските на вработените. Во процесот на имплементација на стандардите согласно со Системот за менаџмент со квалитетот на Универзитет, вработените се придржуваа кон востановените процедури и ги користеа стандардизираните обрасци. Обемот на обврските и работните задачи на вработените во споредба со минатата година е значително зголемен, но сепак е задржано високо ниво на квалитет и квантитет во извршувањето на работните задачи. Разгледувајќи ги сите активности кои се преземени може да се заклучи дека успешно се завршени сите обврски, а задачите се исполнувани квалитетно и навремено. Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или наставниците ангажирани на вториот и третиот циклус студии.

## ОДДЕЛ ЗА КАРИЕРА И КЛУБ АЛУМНИ

**Структура**

Одделот за кариера и клуб алумни во 2017 година функционираше во состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1 | Проф. д-р Дејан Мираковски | проректор за наука |
| 2. | Снежана Георгиева | референт во Одделот за кариера и клуб алумни |

**Извештај за активностите на Одделот за кариера и клуб алумни**

Во периодот од 23.1.2017год. до 16.11.2017 година, во рамките на Одделот за кариера и алумни клуб се реализираа голем број активности, според предвидената програма за работа. Оваа година се воведе нов начин на креирање на потврда која им е потребна на студентите за изведување на практична настава, а тоа е електронската упатница која се активираше во средината на 2017 година.

Во континуитет е даден преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Одделот за кариера и алумни клуб.

Секојдневните активности кои се извршувани во Одделот за кариера и алумни клуб од 23.1.2017 год. до 16.11.2017 година вклучуваат, но не се лимитирани на:

- Контакти и средби со организации/компании за организирање на практична настава на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“;
- Склучување на договори со организации/компании за реализирање на практична настава на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“;
- Подготовка на документи потребни за реализирање на практична настава на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“;
- Ажурирање на базата на податоци/електронска архива на склучените договори и студентите упатени на реализирање на практична настава;
- Решавање на проблеми на студенти во врска со документи и подготвување на истите за реализација на практична настава или барање работа;
- Прием, селектирање и обработка на документи;
- Популаризирање на студентската пракса и мотивирање на студентите за учество во истата;
- Канализиран и брз достап до информации и објави;
- Организирање на семинари и презентации на фирми;
- Професионално ориентирање и пракса на студентите;
- Актуализирање и ажурирање на информациите во базата на податоци како на веб-страницата, така и на интерната база на податоци;
- Информирање на дипломираните студенти за отворени конкурси, слободни работни места, како и други соопштенија во врска со нивната професионална реализација и развој на кариера;

- Обука на студенти за работа со CMS (Content Management Systems) и архивско работење со бази на податоци;
- Работа со библиотечен фонд на Одделот за кариера и алумни клуб;
- Работа со студенти и консултирање на истите за користење на литература од библиотечниот фонд на Одделот за кариера и алумни клуб;
- Поддршка и комуникација со студенти и вработени од останатите наставни центри;
- Администрација на повици;
- Телефонска и електронска поддршка.

Одделот за кариера и алумни клуб ги евидентира сите активности.

Во периодот се реализирани и евидентирани следните активности на вработените во Одделот за кариера и алумни клуб:

- *Табела 1. Реализирани документи/активности во периодот од 23.1.2017 год. до 16.11.2017 год.*

| | Период 23.1.2017 - 16.112017 |
|---|---|
| Склучени договори со организации/компании | 590 |
| Упатени студенти на реализирање на практична настава (до јуни 2017 год.) | 770 |
| Упатени студенти на реализирање на практична настава (електронска упатница) | 3643 |

Во табела 2 е даден преглед на бројот и називот на единици на Универзитетот чии студенти реализирале пракса како дел од образовниот и наставниот процес, од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“:

*Табела 2. Број и назив на единици на Универзитетот чии студенти реализирале пракса со креирање на упатница од електронскиот индекс.*

*(Пред воведување на електронската упатница, Канцеларијата за кариера има издадено 770 упатници за реализирање на практична настава на студентите)*

| | **Назив на институцијата** | **Број на студенти** |
|---|---|---|
| 1 | Факултет за музичка уметност | / |
| 2 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 567 |
| 3 | Факултет за образовни науки | 126 |
| 4 | Факултет за медицински науки | 1405 |

| | | |
|---|---|---|
| 5 | Земјоделски факултет | 256 |
| 6 | Електротехнички факултет | 74 |
| 7 | Технолошко-технички факултет | 114 |
| 8 | Факултет за природни и технички науки | 228 |
| 9 | Економски факултет | 334 |
| 10 | Филолошки факултет | 81 |
| 11 | Правен факултет | 155 |
| 12 | Факултет за информатика | 199 |
| 13 | Машински факултет | 83 |
| 14 | Ликовна академија | 20 |
| 15 | Факултет за филмска уметност | 1 |

**Заклучок**

Одделот за кариера и алумни клуб во 2017 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности со што придонесува за долгорочни ефекти во делот на поддршка и спроведување на образовните и наставните процеси.

Соработката со организациите/компаниите редовно се следи и надградува и се одржува постојана комуникација со истите, а се во интерес на непречено успешно спроведување на практичната настава и промоција на студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“. Притоа на студентите им се овозможува континуирана поддршка за развој, а покрај тоа се организираат и обуки во зависност од потребите. Од податоците во извештајот можеме да заклучиме дека бројот на склучени договори и реализирана пракса на студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ постојано се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на склучени соработки со организации/компании каде што истите ја реализираат практичната настава.

Како позначајни нови активности во 2017 година се издвојува организирање на работилници за Твининг проектот „Развивање на соработката помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните органи“ во рамките на Министерството за образование и наука.

Исто така, значајно е да се истакне дека Одделот за кариера и алумни клуб воедно им дава поддршка и помош на останати единици на Универзитетот за реализирање на истражувања во доменот и областа која е покрива истиот.

## ПРИДРУЖНИ ЧЛЕНКИ

Придружни членки на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се:

1. Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје;
2. ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје;
3. „Агроунија“ ДООЕЛ – Скопје;
4. Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип;
5. „Аутомакедонија“ АД – Скопје;
6. „Месна индустрија и кланица“ ДОО – Свети Николе;
7. Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Институт за современи композити и роботика – Прилеп;
9. Институт за филм – Филмска академија – Охрид;
10. Центар за традиционална кинеска медицина – Штип.

**Нивното придружно членство е усвоено со одлуки од Универзитетскиот сенат и тоа:**

1. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/3 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24. редовна седница одлучи Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
2. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/4 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24. редовна седница одлучи ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
3. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-1198/5 од 17.9.2009 година, Универзитетскиот сенат на 24. редовна седница одлучи „Агроунија“ ДООЕЛ – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
4. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-110/3 од 29.1.2010 година, Универзитетскиот сенат на 28. редовна седница одлучи Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
5. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-621/2 од 13.5.2010 година, Универзитетскиот сенат на 34. редовна седница одлучи „Аутомакедонија“ АД – Скопје да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
6. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-381/16 од 11.4.2011 година, Универзитетскиот сенат на 48. редовна седница одлучи „Месна индустрија и кланица“ ДОО – Свети Николе да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;

7. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-902/3 од 12.9.2011 година, Универзитетскиот сенат на 54. редовна седница одлучи Националната установа Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
8. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0701-962/14 од 2.9.2014 година, Универзитетскиот сенат на 97. редовна седница одлучи Институтот за современи композити и роботика – Прилеп да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
9. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0201-1018/9 од 25.9.2015 година, Универзитетскиот сенат на 114. редовна седница одлучи Јавната научна установа Институт за филм – Филмска академија – Охрид да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Со Одлука за пристапување на придружна членка кон Универзитетот бр. 0201-545/10 од 29.5.2017 година, Универзитетскиот сенат на 136. редовна седница одлучи Јавната установа Центар за традиционална кинеска медицина – Штип да стане придружна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЦЕНТАР ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

### Вовед

Основната цел на Центарот за електронско учење (ЦЕУ) е да се воведат модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев“:

- нови технологии (интерактивни табли, графички табли, мултимедиски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема и друго) и
- перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици од универзитети и училишта во Република Македонија.

Од неговото основање, Центарот за електронско учење во континуитет успешно ги извршува своите активности и обврски како придонес во целокупното функционирање на Универзитетот. Во 2017 година, покрај бројните секојдневни активности, ЦЕУ изврши неколку надградби на системот за електронско учење, повторно го спроведе електронското тестирање за универзитетските изборни предмети и одржа неколку обуки за наставничкиот кадар на УГД.

### Структура (раководител, вработени и ангажирани лица)

Центарот за електронско учење во 2017 година функционираше во состав:

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1. | Д-р Зоран Здравев | раководител на Центар за електронско учење |
| 2. | М-р Стојанче Спасов | помлад референт во Центар за електронско учење |
| 3. | Борче Јаневски | систем администратор |

Извештај за активностите на Центарот за електронско учење

Во периодот од ноември 2016 до ноември 2017 година, во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа голем број активности, според предвидената програма за работа. Во континуитет е даден преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Центарот за електронско учење.

Секојдневните активности кои се извршувани во Центарот за електронско учење во периодот од ноември 2016 до ноември 2017 година вклучуваат, но не се лимитирани на:

- Одржување, ажурирање и надградба на Moodle 2 платформата за е-учење;
- Доделување привилегии на наставничкиот кадар за креирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Ажурирање на курсеви на новиот систем на Moodle 2 платформата;
- Уредување на кориснички профили;
- Решавање на проблеми со кориснички профили;
- Техничка поддршка на ЦЕУ;
- Администрација на повици;
- Корисничка и телефонска поддршка;
- Статистика на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Спроведување на електронско тестирање на 6050 студенти по предметот Информатика и 26 универзитетски изборни предмети.

Во склоп на Центар за електронско учење, исто така, се извршуваат дополнително и следните активности:

- Спроведување на обуки во Центарот за електронско учење;
- Редовно ажурирање на нови верзии на софтвер на веб серверот и на веб сервисот е-библиотека;
- Целосна поддршка на сите нови е-книги, е-скрипти и е-практикуми на УГД во е-библиотека;
- Редовно ажурирање на нови верзии на софтвер на веб серверот и на веб платформата на УГД Scholar;
- Техничка поддршка на УГД репозиториум (обработка и прикачување на трудови, секојдневно регенерирање на апстракти и прегледи за приказ на нови трудови);
- Целосна поддршка за новите зборници и списанија на сите факултети на УГД;
- Одржување на хардвер и софтвер на Кампус 2 (амфитеатри, предавални, простории, канцеларии).

- Од средината на мај 2014 ЦЕУ започна со детално евидентирање на извршените активности и истите редовно ги објавува на порталот на Центарот (http://ceu.ugd.edu.mk/aktivnosti.php).

Од тој период до денес, меѓу другото, реализирани и евидентирани се и следните активности на вработените во Центарот за е-учење:

- Примени и реализирани повици: 4797;
- Примени и испратени пораки: 6204;
- Конверзации преку Skype комуникатор: 2090;
- Одобрени трудови во е-репозиториум: 12393;
- Техничка обработка и прикачување на изданија во е-библиотека: 547.

Значајно е да се одбележи дека Центарот за електронско учење во 2014 година започна со спроведување на проектот „**Електронско тестирање за универзитетските изборни предмети“** со кој беше предвидено тестирањето за 24 предмети да се одвива електронски преку системот за е-учење. Во контекст на овој проект вработените во Центарот секојдневно овозможуваа поддршка и помош на наставничкиот кадар за внесување на прашањата за тестирање во системот, а потоа и при спроведување на тестирањата. Исто така, и оваа 2017 година тестирањата се спроведуваа во секоја сесија, во повеќе градови и вкупниот број на тестирани студенти од почетокот до сега изнесува 17729.

**Извештај за реализираните проверки на системот за е-учење**

Од септември 2013 година, покрај извештаите за тековните активности на Центарот за електронско учење, се изработуваат и извештаи за реализирани проверки на системот за е-учење.

Во периодот од ноември 2016 година до ноември 2017 година беа реализирани следниве софтверските проверки:

- Проверка на функционалноста на базата;
- Следење на статистиката;
- Извршена проверка и адаптирање на cron;
- Проверка на безбедносната конфигурација;
- Проверка на политиката за најавување;
- Проверки дали има нова верзија (надградба е извршена 2 пати);
- Уредување и одржување на Moodle2 платформата;
- Ажурирање на Moodle2 платформата;
- Решавање на проблеми со кориснички профили;
- Уредување на кориснички профили;
- Ажурирање на курсеви на Moodle 2 платформата;
- Помош при креирање на курсеви;
- Бришење на неактивни курсеви (вкупно: 910);
- Бришење на неактивни корисници (вкупно: 4136).

**Систем за управување со учењето**
**(Learning management System – Moodle)**

Центарот за електронско учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на Универзитетот „Гоце Делчев“ го управува Системот за електронско учење. Системот кој се применува од 2008 година е базиран на платформата Moodle и до јули 2011 год. и се користеше верзијата на Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен

капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување).

Во јули 2011 год. е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Од тој период до денес платформата континуирано се надградува со најновите верзии. На крајот на 2013 год. се врши надградба од верзијата 2.5.3. на верзијата 2.6.

Од јануари до ноември 2014 год. направени се вкупно 8 надградби на платформата од што позначајно е да се наведе надградбата од верзија 2.6.3 на 2.7 извршена во јуни 2014 година, при што Moodle добива приспособлив (responsive) дизајн соодветен за користење на сите видови на уреди вклучувајќи и мобилни телефони и таблети. Следните верзии беа 2.7.2+, 2.7.3+, 2.8.1+ и 2.8.3+. Средината на април 2014 год. се преминува во верзија 2.8.5+.

Од јануари до ноември 2016 година се направени вкупно две надградби на платформата од кои првата верзија беше 2.9.4+. Последната надградба на системот за е-учење е направена во почетокот на септември, при што се преминува на верзија 3.0.5+.

Во периодот од ноември 2016 до ноември 2017 год. направени се вкупно две надградби. Првата надградба беше во февруари, при што верзијата на системот за е-учење преминува од 3.0.5+ во 3.2.1+. Последната надградба на системот за е-учење е направена во почетокот на септември, при што се преминува на верзија 3.2.4+.

Во табела 1 се дадени податоците кои ја дефинираат моменталната искористеност на Moodle 3.2.4+ платформата според податоците земени на 7 ноември 2017 г. (во табелата споредбено може да се погледнат и податоците од извештајот од претходните две години). Вкупниот број на корисници на системот за е-учење при УГД изнесува околу 13,113 корисници, од кои 390 се предавачи (професори и асистенти), а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Моментално има 1652 курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

*Табела 1. Искористеност на Moodle 2 платформата (2015 - 2017 г.)*

| | **Вкупно: (22.10.2015)** | **Вкупно: (3.10.2016)** | **Вкупно: (7.11.2017)** |
|---|---|---|---|
| **Курсеви** | 2,274 | 2,414 | 1,652 |
| **Корисници** | 17,170 | 14,591 | 13,113 |
| **Зададени задачи** | 131,087 | 147,974 | 132,322 |
| **Предавачи** | 392 | 402 | 390 |
| **Пораки** | 119,684 | 136,337 | 39,208 |
| **Прашања** | 26,238 | 29,635 | 19,829 |
| **Ресурси** | 19,188 | 20,625 | 15,752 |

Во табела 2 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои ја користат Moodle платформата во наставниот процес, од сите 12 факултети и 3 академии во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“.

*Табела 2. *Број на наставници /соработници по факултети кои го користат Moodle*

| | Назив на институцијата | Наставници /соработници 2015 | Наставници /соработници 2016 | Наставници /соработници 2017 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 34 | 36 | 32 |
| 2 | Факултет за образовни науки | 26 | 24 | 24 |
| 3 | Факултет за медицински науки | 64 | 67 | 70 |
| 4 | Земјоделски факултет | 30 | 29 | 26 |
| 5 | Електротехнички факултет | 19 | 20 | 19 |
| 6 | Технолошко-технички факултет | 23 | 25 | 26 |
| 7 | Факултет за природни и технички науки | 54 | 51 | 47 |
| 8 | Економски факултет | 30 | 30 | 30 |
| 9 | Филолошки факултет | 31 | 31 | 31 |
| 10 | Правен факултет | 19 | 21 | 20 |
| 11 | Факултет за информатика | 28 | 27 | 27 |
| 12 | Машински факултет | 18 | 21 | 19 |
| 13 | Ликовна академија | 2 | 3 | 3 |
| 14 | Факултет за музичка уметност | 11 | 12 | 10 |
| 15 | Филмска академија | / | / | 1 |
| 16 | Воена академија | 3 | 5 | 5 |
| | **ВКУПНО** | **392** | **402** | **390** |

**(Напомена: во горната табела се влезени и наставници/соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет – тоа значи дека некои наставници/соработници може да се повторуваат во горниве бројки, што значи дека вкупната реалната бројка од 390 е помала за 10-20)*

**Заклучок**

Центарот за електронско учење во 2016/2017 година навремено, континуирано и успешно ги извршува предвидените тековни активности, како и реализација на позначајни проекти со долгорочни ефекти во делот на електронската поддршка и спроведување на наставните процеси.

Системот за е-учење редовно се ажурира, надградува и се одржува во функционална состојба, е во интерес на непречено спроведување на наставата. Притоа на наставничкиот кадар му се овозможува континуирана поддршка за извршување на секојдневните задача, а покрај тоа во зависност од потребите можно е и организирање на обуки. Од податоците во извештајот можеме да согледаме дека бројот на курсеви и корисници постепено се зголемува, а паралелно со нив расте и бројот на пораки, прашања и ресурси.

Исто така од извештајот забележуваме и зголемување на бројот на наставници и соработници кои ја користат Moodle 2 платформата односно ги користат различните алатки кои им ги нуди платформата, со чија помош полесно ја организираат својата наставна програма.

Како позначајно од 2014 г., па сè до оваа година може да се издвои успешното спроведување на проектот „Електронско тестирање за изборните универзитетски предмети".

Исто така, значајно е да се истакне дека Центарот за електронско учење воедно дава поддршка и помош за активно функционирање и на други системи во рамките на Универзитетот, како што се е-библиотека, УГД журнали, УГД Scholar и УГД репозиториум.

## ЦЕНТАР ЗА МЕЃУУНИВЕРЗИТЕТСКА СОРАБОТКА

Центарот за меѓууниверзитетска соработка на Универзитетот „Гоце Делчев" од Штип е активен во делот на воспоставување соработка со други високообразовни и научни институции од земјава и од странство, организирање на мобилности на наставнички кадар и студенти и посредување при истите, следење на проекти и проектни активности на Универзитетот, посредување при ангажирање и/или организирање на предавања од визитинг професори и менаџирање на Еразмус+ програмата за мобилност.

Една од главните задачи на ЦМУС е успешно реализирање на Еразмус + програмата, со тоа што активно се работеше на неколку различни полиња вклучувајќи:

- Проширување на мрежата на Универзитети;
- Аплицирање на нов Еразмус + проект за мобилност на индивидуи;
- Меѓународни посети и презентирање на Универзитетот;
- Работа со студенти;
- Промоција на програмата и организирање на отворени денови;
- Incoming students and incoming staff;
- Подобрување на веб страницата и услугите кои ги нуди програмата.

| Доц.д-р Оливер Цацков | Учењето по пат на откривање на незаменлива компонента во наставата по историја | Современото воспитание и образование | 2016, Штип |
| Доц.д-р Оливер Цацков | Учителот пример што треба да се следи и почитува | Стручна трибина,, Предизвиците и перспективите на учителската професија | 7.10. 2016 Штип |
| Тодор Чепреганов со коавтор | Македонија во интересната сфера на Србија и Бугарија | Врските меѓу Република Македонија и Република Србија низ вековите | Битола, 19-20 мај 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Тодор Чепреганов | Киро Глигоров меѓу „сепаратизмот“ и „антикомунизмот“ | Улогата на претседателот Киро Глигоров во меѓународното етаблирање на Република Македонија | Скопје, 16 мај 2017 |
| Тодор Чепреганов | Искористеноста на западните и балканските историски извори во македонската историографија и електронските извори | Меѓународна научна конференција „70 години Институт за историја – 70 години македонска историографија“ | 13-14 декември 2016 г. |
| Љубен Тевдовски | “Defining archaeology – between the natural method and social theory” - Reflections on Interdisciplinarity | International Conference “Disciplinary in Archaeology” | Austrian Academy of Sciences & OREA, Vienna, Austria, 2017 |
| Љубен Тевдовски | “We are followers of the same muse, pardon me, scientific discipline. Their script is just not updated yet!” - Archaeology and the European Far-Right - Attitudes and Responses, Twenty-five Years after Maastricht: Archaeology and Europe’s future | Annual Conference of the European Association of Archaeologists, | Maastricht, Netherlands, 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Љубен Тевдовски | "Earth and Stone Architecture - The Misconceptions of the Classical archaeology", | Visiting lectures of the Institute of Social Anthropology, Academy of Sciences, | Vienna, Austria, 2017 |
| Љубен Тевдовски | "Traditions, Capacities and Responsibility of Archaeology in Confronting the Key Challenges of the Contemporary World", Present Identities from the Past - Providing a Meaning to Modern Communities, | Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Maastricht, | Netherlands, 2017 |
| Љубен Тевдовски | "The Dangerous Migrants from the See are Coming Again! - Mobility and Cultural Dynamics in the Eastern Mediterranean" | International Conference on Safeguarding and Promotion of Cultural Heritage, On the occasion of the International Day for Monuments and Sites, Institute of Cultural Heritage and Archaeology, hosted by Faculty of Educational Sciences, | Stip, Macedonia, 2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Љубен Тевдовски | “Rethinking the East and West – Anthropological perspective on the ‘endangered’ values and traditions of Europe in the processes of globalization” | International Conference “Social Challenge in the Global World”, Faculty of Law, Goce Delcev University, | Stip, Macedonia, 2017 |
| Popeska, B., & Jovanova–Mitkovska, S. (2016). | Integration and correlation concepts in physical education. | 15th International Scientific Conference for Sport and Youth | 28 – 29, April, Veles, Macedonia |
| Jovanova-Mitkovska, S., & Popeska, B. (2016). | Менторите (ментор наставник, ментор професор) и интегрираната методичка практа. | Юбилейна международна научна конференция Усъвършенстване на подготовката и квалификацията на педагогическите специалисти в съвременното образование | 25–26 Nov 2016, Университетски център „Бачиново“. |
| Јованова – Митковска, С., & Попеска, Б. (2016). | Ефективната, ефикасна соработка со родителите - предизвик за наставникот во современото училиште | Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“ | 7.10.2016, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Jovanova Mitkovska, S., & Popeska, B | Teacher competence to work with children with special educational needs | 7th World Conference on Educational Technology Researches, WCETR, 2017 | 20 – 22 April, 2017 Pristina, Kosovo |
| Јованова-Митковска Снежана | Академско пишување-потреба или предизвик | Петта научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“ | 18 мај 2017, Штип, Македонија |
| Јованова-Митковска Снежана | Играта во функција на развој на почетни математички поими | Петта научно-стручна конференција со меѓународен карактер на тема „Современото воспитание и образование - состојби, предизвици и перспективи“ | 18 мај 2017, Штип, Македонија |
| Popeska, B., Jovanova – Mitkovska, S., Barbareev, K., & Janevski, V | Qualitative analyses of BB results | 20 – th Science Symposium on Sports and Physical Education of Youth | 29 – 30 September 2017– Ohrid, Macedonia |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соња Петровска | Образованието на учителот денес | Панел дискусија – 70 години учителско образование на македонски јазик во Штип | Септември, 2016, Штип |
| Sonja Petrovska, Despina Sivevska | Cooperation (partnership) between school and family and student success | 12th International Balkan Education and Science Congress - Education for life, work and well-being | September 28 – 30 2017 Nessebar, Bulgaria |

| Учесник | Презентација (наслов) | Наслов на настанот | Место и датум |
|---|---|---|---|
| Nikola Smilkov | „Vertikalna forma“ | 10th DFEWA RESIDENZ MALLNITZ ÖSTERREICH 2016 | Mallnitz Austria 23. 09. - 01. 10. 2016. |
| Никола Смилков | Креирање на дескриптори за наставници ментори во ОУ и ДУ | Креирање на профил/ дескриптори за ментори за практична настава | Охрид, Р. Македонија, 10-12/10.2016 |
| Никола Смилков | Меланхолија | Мал формат | Скопје, Р. Македонија, 21.12.2016 |
| Никола Смилков | Награда за скулптура | Мал формат | Скопје ,Р. Македонија, 21.12.2016 |
| Никола Смилков | Групна изложба | Ликовни изрази | Битола, Р. Македонија, 2-12.6.2017 |
| Никола Смилков | Групна изложба | Скулптури на новото време | Куманово, Р. Македонија, 29.7.2017 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Nikola Smilkov | VIBRACII | 5th INTERNATIONAL ART SYMPOSIUM | Олимпос Анталија Турција 29.6-9.7.2017 г. |
| Никола Смилков | Самостојна изложба | Скулптури | Галерија Марко Цепенков Прилеп Р. Македонија 27.10.2017 |

**Други активностки**

Во текот на оваа учебна година Факултетот за образовни науки беше носител на неколку активности со научен и апликативен карактер:

1. Научно-стручна трибина „Предизвиците и перспективите на учителската професија“, 6. 11. 2016 год., Штип (по повод Светскиот ден на учителот).
2. Предавање на тема „Предучилишното и основното образование во Р Бугарија“ педагогошка теорија и пракса, доц. д-р Виолета Станчева, Педагошки факултет при Тракискиот универзитет, Стара Загора, Р Бугарија, 2016.
3. Семинар за одделенски наставници во соработка со Бирото за развој на образованието, 2016, Штип. (Цел: успешна реализација на одделни теми од наставните програми по предметот Математика за IV и V одделение, преземени од Меѓународниот центар за наставни програми (Cambridge International Examination), адаптирани од страна на Бирото за развој на образованието).
4. Одбележување на 70 години учителско образование на македонски јазик во Штип – струна конференција, септември 2016 – Штип.
5. Студентска конференција за историја и археологија, февруари 2017, Штип.
6. Инспиративни говори – Учителите го менуваат светот, декември 2016, Штип.

Тркалезна маса на тема „Професионален и кариерен развој на учителите, директорите и останатите педагошки специјалисти“, Педагоки факултет при Универзитетот „Неофит Рилски“, Бугарија и Факултетот за образовни науки, ноември 2016, Штип.

## ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ

**Вовед**

Земјоделскиот факултет како високообразовна установа во состав на државниот Универзитет „Гоце Делчев” од Штип во академската 2016/2017 година наставата за првиот циклус на академски студии ја реализира во наставниот центар во Штип на Кампус II (Кампус на природни, технички и биотехники науки) и во дисперзираните наставни центри во Струмица, Кавадарци и веќе четврта генерација на уписи во наставниот центар во Прилеп.

За потребите на студентите и за поквалитетна настава, Земјоделскиот факултет поседува соодветна техничка опременост, која секоја година последователно се збогатува по број и по квалитет на опремата.

За предавањата е обезбедена современа нагледна опрема, LCD проектори, компјутери, а поставени се и телевизори како помагала при предавањата и видеопрезентациите по кампусите на Универзитетот.

Лабораториите се исто така опремени со современа опрема и апаратура за потребните наставни активности и реализирање на практичните лабораториски вежби. Во процесот на студирањето на располагање е најразлична лабораториска опрема во студентските лаборатории: микроскопи, бинокулари, хемикалии, стакларија, инструменти, подлоги и др. Преку одличната компјутерска опременост се овозможува постојан и широк пристап кон потребните информации за студентите и за вработените на факултетот.

За поуспешно спроведување на наставниот процес и подобар квалитет при студирањето, факултетот располага и со опитни и производни земјоделски површини со кои стопанисува „Унисервис-агро“ фирма основана од Земјоделскиот факултет при УГД-Штип. Површините се наоѓаат во атарите на с. Амзабегово и Батање, како и во околината на Кампусот во Струмица. На споменатите површини континуирано се организира теренска настава и студентска пракса, преку која студентите директно на терен можат да се запознаат со одредени процеси и агротехнички мерки кои се предмет на проучување на студиските програми. Секоја година се потпишува и договор со поголемите земјоделски фирми во Македонија, каде што студентите одат на еден месец задолжителна пракса.

Студентите од Земјоделскиот факултет, како и од сите и други единици, имаат бесплатен пристап до универзитетските изданија на скрипти и учебници публикувани од наставничкиот кадар на е-библиотеката на УГД.

Е-библиотеката е достапна за сите корисници во системот на УГД на линкот http://e-biblioteka.ugd.edu.mk. Студентите исто така можат да го користат и богатиот книжен фонд од современа научна и стручна, домашна и странска литература од универзитетската библиотека.

Е-системот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип досега се покажа како многу корисна алатка и помош на студентите при нивното студирање.

На Земјоделскиот факултет како и секоја година така и во периодот на студиската 2016/2017 г. активно беше користена платформата на е-учење каде што постојано се ажурираат предавањата и литературата, за збогатување на наставнта содржина.

**Структура (број на вработени - наставници, соработници, административен кадар)**

| Р. бр | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1. | Митрев Саша | редовен професор |
| 2. | Каров Илија | редовен професор |
| 3. | Илиева Верица | редовен професор |
| 4. | Михајлов Љупчо | редовен професор |
| 5. | Колева Гудева Лилјана | редовен професор |
| 6. | Димовска Виолета | редовен професор |
| 7. | Кузелов Ацо | редовен професор |
| 8. | Спасов Душан | редовен професор |
| 9. | Ѓорѓиевски Милан | вонреден професор |
| 10. | Спасова Драгица | вонреден професор |
| 11. | Илиевски Мите | вонреден професор |
| 12. | Иванова Петропулос Виолета | вонреден професор |
| 13. | Трајкова Фиданка | доцент |
| 14. | Илиева Фиданка | доцент |
| 15. | Костадиновиќ Величковска Сања | доцент |
| 16. | Арсов Емилија | доцент |
| 17. | Балабанова Биљана | доцент |
| 18. | Маркова Руждиќ Наталија | доцент |
| 19. | Ковачевиќ Билјана | доцент |
| 20. | Атанасова Билјана | научен соработник |
| 21. | Златковски Васко | виш лаборант |
| 22. | Давитковска Барбареева Елизабета | секретар |
| 23. | Бикова Ангела | администрација |
| 24. | Асенов Мичев Горги | насловно звање вонреден професор |

| | | |
|---|---|---|
| 25. | Димовска Даниела | насловно звање доцент |
| 26. | Пресилски Стевче | редовен професор / надворешен соработник |
| 27. | Силвана Пашовска | доцент / надворешен соработник |
| 28. | Зајкова Панова Весна | виш лаборант |
| 29. | Каракашева Елизабета | виш лаборант |
| 30. | Арсова Јулијана | лаборант |
| 31. | Пенева Емилија | лаборант |
| 32. | Петрушева Драгана | лаборант |
| 33. | Боев Иван | референт на студентски прашања |
| 34. | Јосифов Иван | референт на студентски прашања |
| 35. | Удовалиева Аница | референт на студентски прашања |
| 36. | Наташа Маџоска | референт на студентски прашања |

**Катедри во состав на Факултетот**

Според Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, организационата структура на Земјоделскиот факултет е поставена со 6 катедри.

Тековната поставеност на факултетот е со 6 катедри - основни организациони единици во функционирањето на факултетот кој пак од друга страна е интегрален дел од организационата структура на Универзитетот.

**Катедри на Земјоделскиот факултет се:**

- Катедра за заштита на растенијата и животната средина
- Катедра за растително производство
- Катедра за прехранбена технологија и преработка на анималните производи
- Катедра за наука на земјиштето и хидрологија
- Катедра за лозарство и овоштарство
- Катедра за растителна биотехнологија.

**Катедра за заштита на растенијата и животната средина**

Основната задача и дејност на Катедрата, како во изминатите години така и за периодот од 2016/2017 година е да обезбеди квалитетно и современо образование на студентите запишани на прв, втор и трет циклус на студии.

Научноистражувачкиот интерес на оваа катедра е насочен кон теренски и лабораториски анализи за дијагностика на патогените причинители на болести кај различни земјоделски култури, како и воспоставување најсоодветна заштита од истите; идентификација и детерминација на растителните болести, штетници и плевели; користење на современи техники и методи за дијагностицирање на присуството на бактерии, габи, вируси и инсекти во растителен материјал и во почва; изведувањето на соодветни тестови за биолошка и хемиска заштита на растенијата.

Една од главните цели на истражувачката работа е овозможување на пренос на знаењето од областа на заштитата, интерпретација на добиените резултати, како и начин на примена на заштитни мерки.

Катедрата за заштита на растенијата и животната средина во состав на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, спроведува и има планирано повеќе тековни и идни активности во наведениот период.

Во рамките на првиот циклус на студии на Земјоделскиот факултет, Катедра за заштита на растенијата и животната средина има организирано современи и потребни предмети од областа на заштита на растенијата, прикажани во табела 2.

**Табела 2**. Предмети на првиот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД – Штип

1. Фитопатологија
2. Ентомологија
3. Заштита во градинарството
4. Заштита на виновата лоза
5. Заштита во поледелството
6. Специјална ентомологија
7. Микологија
8. Бактериологија
9. Вирологија
10. Хербологија
11. Нематологија
12. Фитофармација
13. Анатомија и физиологија на болните растенија
14. Отпорност на растенијата
15. Биолошка заштита

Покрај тоа, вработените од КЗРЖС се ангажирани и во наставата на вториот циклус на студии на Земјоделскиот факултет по следните предмети (табела 3).

**Табела 3.** Предмети на кои вработените од КЗРЖС држат настава на вториот циклус студии на Земјоделскиот факултет при УГД-Штип

1. Фитофармација
2. Анатомија и физиологија на болните растенија
3. Отпорност на растенијата
4. Лабораториска практика 1
5. Биолошка заштита
6. Лабораториска практика 2
7. Молекуларна биологија
8. Општа фитопатологија
9. Општа ентомологија
10. Општа хербологија
11. Микологија
12. Вирологија
13. Бактериологија
14. Специјална ентомологија
15. Специјална хербологија
16. Болести и штетници на поледелските растенија
17. Фитопатологија
18. Заштита на виновата лоза 2
19. Основи на фитофармацијата

Освен предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии на Земјоделскиот факултет при УГД Штип, тековно се спроведуваат и ќе се спроведуваат активностите поврзани со научните и стручно апликативните проекти, како и други научноистражувачки активности.

**Програма за ангажман на вработените на КЗРЖС во научноистражувачката работа на Земјоделскиот факултет**

Во текот на 2016/2017 година наставно-научниот кадар од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, поради активностите кои ги превзема во полето на проучувањето на патогените и заштитата на растенијата ќе има можност во апликација за учество во проекти – како домашни така и меѓународни билатерални проекти.

Преку тековните проектни активности се планира да се направат студиски престои во престижни лаборатории и научноистражувачки центри, со цел да се подигне нивото на обученост на истражувачкиот кадар во лабораторијата.

Исто така, наставничкиот и соработничкиот кадар во наредниот период ќе земаат учество на домашни и меѓународни научни собири од областа на заштитата на растенијата и животната средина, а тоа ке резултира со објавување на резултатите во домашни или меѓународни списанија.

**Научноистражувачкиот интерес на оваа Катедра е насочен кон:**

1. Теренска и лабораториска дијагностика на патогените причинители на болести кај различни земјоделски култури;
2. Воспоставување најсоодветна заштита од истите;
3. Идентификација и детерминација на растителните болести, штетници и плевели;
4. Користење на современи техники и методи за дијагностицирање на присуството на бактерии, габи, вируси и инсекти во растителен материјал и во почва;
5. Изведувањето на соодветни тестови за биолошка и хемиска заштита на растенијата;
6. Научноистражувачки престој на дел од вработените на Катедрата со цел воведување на нови методи на работа.

Во Катедрата за заштита на растенијата и животната средина наставно -научниот кадар го сочинуваат:

- проф. д-р Саша Митрев - раководител (редовен професор)
- проф. д-р Илија Каров (редовен професор)
- проф. д-р Душан Спасов (редовен професор)
- доц. д-р Емилија Арсов (доцент)
- доц. д-р Билјана Ковачевиќ (доцент)
- д-р Билјана Атанасова (научен соработник).

Во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, активно функционира лабораторијата – **УНИЛАБ**, со старото име Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина, променето од Институтот за акредитација на барање на раководителот на лабораторијата, со Одлука за промена на името на лабораторијата од 12.10.2016 г.).

Во рамките на УНИЛАБ постојат следниве оддели:

- Оддел за заштита на растенијата;
- Оддел за контрола на семе и саден материјал;
- Оддел за геохемија;
- Оддел за агрохемија и исхрана на растенијата;
- Оддел за микробиологија;
- Оддел за контрола на квалитет на храна;
- Одделение за контрола на квалитет на масло;
- Одделение за контрола на квалитет на вино.

За своите долгогодишни клиенти, Лабораторија продолжува со своите анализи:

- агрохемиски анализи на почвата и давање на соодветни препораки за ѓубрење и прихрана на растенијата;
- испитување на присуство макро и микро елементи, тешки метали и елементи во траги и резидуи од пестициди во различни медиуми, како

што се: почвата, водата и растителниот материјал, утврдувањето на активните материи во пестицидите, утврдувањето на застапеноста на хранливите елементи во ѓубривата;
- анализа на квалитетот на семенскиот и садниот материјал, утврдување на генетски модифицирани организми;
- детерминација и идентификација на присуството на болести и штетници кај растенијата и складираните земјоделски производи;
- утврдување на биолошката ефикасност на пестицидите;
- квалитативно и квантитативно определување за присуство на микотоксини во растителните производи.

Во текот на 2016/2017 година, лабораторијата континуирано продолжува со давање услуги на правни и физички лица за апробација на семенски посеви, различни експертизи, стручни совети, препораки и мислења поврзани со земјоделското производство, преработката и чувањето на земјоделските производи.

***Извештај за работата на Катедра за заштита на растенијата и животната средина и УНИЛАБ***

**Оддел за заштита на растенијата**

Во изминатата 2016/17 година, стручниот тим од УНИЛАБ – Оддел за заштита на растенијата, Одделение за бактериологија и вирологија, интензивно продолжува со континуирано следење на состојбата на терен како кај култивираните растенија - градинарските култури, овошните насади и виновата лоза, така и кај дивата популација на растенија (*Cuscuta* spp., *Convolvulus* spp.).

Теренските истражувања направени во текот на 2017 година, на целата територијата на Република Македонија, ја потврдија појавата на патогени причинители на болести кај различни култури, застапени со различен интензитет, зависно од временскиот период на анализа.

По секоја теренска анализа во лабораторијата беа донесени примероци за анализа, за да се докаже присуството / отсуството на патогени кај испитуваните култури, и да се изврши нивна соодветна детерминација.

Теренските анализи на здравствената состојба на виновата лоза беа следени на ниво на целата држава, со посебен осврт на Тиквешкото виногорје, но и на другите поголеми и помали локалитети под лозов насад, кои беа следени од магистрант дипл. инженер Билјана Тучковска, која сезоната 2017 работи во рамките на нејзината магистерска тема. Континуирано беше следено присуство на фитоплазматски и вирусните промени кај различни сорти на винова лоза, но најинтензивно беа следени винските сорти вранец, црн бургундец, шардоне и смедеревка, кај кои симптомите и економските штети беа најмногу изразени. Магистерската тема е под менторство на доц д-р Емилија Арсов.

Лабораториските техники на изолација и идентификација на фитоплазматски причинители на болести го потврдија присуството на

16SrXII група на фитоплазми – *Bois noir* – столбур (црно дрво), фитоплазма која по својата природа не е карантинска но тоа не значи дека не може да предизвика економски штети.

Присуството на вирусите кај новиот саден материјал, како и за прв пат подетално е испитувано во одделението за вирологија при Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина. Лабораториски беше потврдено присуство на вирусот на свиткување на листовите кај виновата лоза – *Grapevine leaffroll virus* кој во литература се јавува со досега потврдени 9 соеви, од кои кај нас ги има GLRaV1 и GLRaV3, GVA и GFkV.

Исто така, магистранд Галина Иванова активно работеше на терен во следење на состојбата со фитоплазматската симптоматологија кај градинарските култури, под менторство на доц. д-р Емилија Арсов.

За прв пат во рамките на магистерската тема на Галина Иванова, во УНИЛАБ под менторство на доц. д-р Емилија Арсов, направена е идентификација на фитоплазмата столбур кај пиперка во Струмичкиот и Кочанскиот регион.

Во Одделението за бактериологија и вирологија беше следена состојбата со насадите под слива, каде беше потврдено присуство на вирусот на шарка на сливата (*Plum pox viruses*). Овој вирус беше потврден со универзална група на серуми за детекција на вирус на шарка кај сливата (со користење на универзални китови на BIOREBA). Присуството на овој вирус беше забележано кај повеќегодишни насади од слива со следење на состојбата на вирусот почнувајќи од мај до септември. За да се одреди концентрацијата на вирусот за време на латентниот период, во декември од маркирани позитивни овошки на вирусот на шарка на сливата беа собирани заспани пупки и кај нив беше потврдено присуството на вирусот со иста концентација.

Покрај фитоплазматски промени кај виновата лоза и градинарските култури, беа направени комплетни теренски и лабораториски истражување со контрола на фитоплазматскиот статус кај пченката (*Zea mays* L.), кај која култура исто така беа забележани овие промени но испитувањата се во тек и ќе продолжат во наредната година.

Успешно реализиран план за магистерска тема на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина и финален производ со одбрана на темата на Јулијана Арсова, лаборант во абораторијата под катедрата, УНИЛАБ под наслов: „Присуство на бактериска пламеница кај дуња во Република Македонија“, под менторство на проф. д-р Саша Митрев.

Во периодот 2016/2017 година, стручниот тим од Одделението за микологија продолжи со континуирано следење на појавата на габни заболувања во поголемите земјоделски региони во земјата како Скопје, Куманово, Кочани, Штип, Пробиштип, Свети Николе, Прилеп, Битола и Струмица. Од почеток на вегетацијата следена е здравствената состојба на пченицата, јачменот, оризот, сончогледот, доматот и пиперката, краставицата, оревот и др. Генерално може да се каже дека во периодот 2016/2017 година не е забележан посилен напад од некој патоген кој би

можел да предизвика значајни економски штети кај производителите ниту пак е забележано присуство на некој нов патоген кој досега не е забележан на територијата на Република Македонија.

Одделението за фитофармација во периодот 2016/17 година беше опремено со нов апарат за течна хроматографија со детектор со низа од диоди (PDA), детектор со индекс на рефракција (RI) и флуоресцентен детектор, марка Шиматцу. Лаборантите од Одделението имаа можност да се здобијат со предвидената обука за апаратот. Се разработуваа и оптимизираа нови методи за детекција на пестициди. Во моментот разработени се методи за испитување на присуството на активните материи нуаримол, фенбуконазол, фенитротион, процимидон, винклозолин, паратион, паратион метил, толилфлуанид, трифлоксистробин, феноксапроп-п-етил, тебуфенпирад, требуфос, хлорпирифос, пиридабен, делтаметрин, бромоксанил октаноат, цис и транс перметрин, пиримикарб, монокротофос, фолпет, дифлуфеникан, дихлофлуанид, диметоат, етофумесат, метидатион и пропизамид во различни матрикси. Стручниот кадар од Одделението учествување на две интернационални конференции каде што имаше можност да прикаже дел од својата работа.

Во Одделението за ентомологија се работи на проучување симптомите предизвикани од штетниците кај културните растенија и нивно распознавање, детерминација на штетниците кои се јавуваат кај различни култури, а пред се кај градинарските, житните, овошките и виновата лоза. Во лабораториските услови се врши тријажа на материјалот уловен од терен, кој потоа се подготвува за детерминација и за чување во ентомолошки кутии

Теренските анализи на присуството на штетниците кај доматите беа следени на ниво на целата држава, со посебен осврт на Струмичкиот и Валандовско-гевгелискиот реон, но и на другите поголеми и помали локалитети под домати, кои беа следени од магистрант дип. инженер Наташа Гунова, која работи во рамките на нејзината магистерска тема. Континуирано беше следено присуство на штетните инсекти во заштитен простор кај доматите, но најинтензивно беше следен минерот кај доматите, *Tuta absoluta*, од кои симптомите и економските штети беа најмногу изразени. Магистерската тема е под менторство на проф. д-р Душан Спасов.

При теренските и лабораториските истражувања беше утврдено константно присуство на дава вида трипси *Thrips tabaci* и *Frankliniella occidentalis*, со јак интензитет кај сите градинарски култури (домати, пиперка, зелка, краставица). Беше забележано и присуство со јак интензитет од *Tuta absoluta* и белокрилката – *Trialeurodes voporariorum* кај доматите, со јак интензитет беше и присуството на памуковата совица – *Helicoverpa armigera* и метлицата *Loxostega sticticalis* како штетници на пиперката и доматите. Појава на сивиот *Polychrosis* (*Lobesia*) *botrana* и жолтиот гроздов молец *Clysia* (*Eupoecilia*) *ambiguella* беше со умерен интензитет. Со значаен умерен до јак интензитет беше појавата

на јаболковиот црв *Laspeyresia (Carpocapsa) pomonella* кај јаболката и оревот. Посебно со јак интензитет беше појавата и присуството на обичната крушкова болва *Psylla pyri* како штетник на крушата, при што направените штети беа големи. Забележително беше доцната појава на копривното пајаче *Tetranychus urticae* кај вишната, ваквата појава беше поради долготрајната суша и високите температури.

Во Одделението за ентомологија беа направени испитување за утврдување на штетници кај праска и домати на донесени мостри од Државниот инспекторат за земјоделие.

Во составот на Одделение се проучуваат и основните карактеристики на нематодите. Оваа група на паразити предизвикуваат штети кај земјоделските култури со сличен интензитет како и патогените бактерии и габи, па токму поради тоа проучувањето на оваа група е многу значајна за заокружување на истражувањата во полето на заштитата на растенијата.

Во текот на 2016/2017 година Катедрата за заштита и животната средина изврши здравствена контрола на семенски посеви од различни култури, пченица, јачмен, луцерка и градинарски растенија на правни субјекти во Р. Македонија.

Во 2017 година беше издадена книга под наслов „Штетници кај зеленчукот и мерки за контрола" од авторите проф. д-р Душан Спасов и д-р Билјана Атанасова.

Natasa Gunova, Dusan Spasov, Biljana Atanasova, Dragica Spasova, Mite Ilievski (2017): Correlation between population dynamics of *Tuta absoluta* (Lepidoptera: Gelechidae) and climate, et tomato in protected area. Journal of Agriculture and Plant Sciences, JAPS, vol 15. (in press).

**Оддел за контрола на квалитет на храната**

Одделот за контрола на квалитет на храната располага со еден потенциостат Autolab 128 N, еден Palmsense микропотенциостат, Микробранова печка, Ранцимат Methrom-инструмент за мерење на стабилноста на маслата, а во постапка е и набавка на дополнителна опрема за анализа на вино, како и автоматски потенциометриски титратор. Главните цели на Одделот за контрола на квалитетот на храната се испитување на квалитативниот и квантитативниот состав на масло и производи од масло, релевантни параметри за квалитетот на виното (содржина на алкохол содржина на шеќери, содржина на слободни киселини содржина на тешки метали, содржина на атниоксиданти...). Покрај тоа, со помош на електрохемиските инструменти се испитуваат хемиските својства на голем број на токсични материи присутни во храната (афлатоксини, гиберилинска киселина), потоа својствата на голем број на антиоксиданти (полифеноли, деривати на Coenzyme Q). Притоа, главен акцент се става на идентификација на механизмот на влијание на испитуваните компоненти присутни во храната во човечкиот организам. Многу скоро, во рамките на овој оддел ќе биде набавен и високопритисочен течен хроматограф и дополнителна инструментација за анализа на млеко и млечни производи. Овој оддел располага и со микробранова печка, која е во функција на

минерализација на органски и неоргански примероци и нивно преведување во раствори, чиј елеменатрен состав потоа се испитува со помош на атомска спектроскопија. Целата палета на инструментални методи во Одделот за контрола на квалитетот на храната е во функција на обезбедување на предуслови за проценка на квалитетот на храната.

Во делот за анализа на масла за јадење, активностите беа фокусирани на анализа на следниве параметри:

1. Определување на оксидативна активност на прехранбени масла
2. Определување на густина на прехранбени масла
3. Определување на киселински број на прехранбени масла
4. Определување на јоден број на прехранбени масла
5. Определување на пероксиден број на прехранбени масла
6. Определување на алкалност на прехранбени масла
7. Определување на сапунификациски број
8. Определување на индекс на рефракција.

Во овој оддел, исто така се изведуваат анализи и контрола на квалитет на вина. Во текот на 2016/2017 година, во Одделот за контрола на квалитет на вина активно се применуваат следните методи за анализа на вино:

1. Определување на алкохол
2. Определување на сув екстракт
3. Определување на специфична тежина
4. Определување на $SO_2$ (слободен и вкупен)
5. Определување на вкупни киселини
6. Определување на испарливи киселини
7. Определување на редуцирачки шеќери
8. pH
9. Мултиелементна анализа на вина
10. Микробиолошка анализа на вино.

Методите од 1-9 се оптимизирани и валидизирани, со определување на точност, повторливост и мерна неодреденост. Методите 1-9 се акредитирани од страна на Институтот за акредитација на Р. Македонија согласно со меѓународниот стандард ISO/IEC 17025 и успешно се применуваат за контрола на квалитет на вина пред ставање во промет и вина наменети за извоз. Во 2016 година УНИЛАБ од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Р. Македонија доби Решение за овластување на лабораторија за вршење на физичко-хемиска анализа заради ставање на виното во промет.

Вработените во одделот за контрола на квалитетот на храната во 2014-2015 година реализираа повеќе престои во странски научни институции од Германија, Романија, Унгарија, Србија, Шпанија, Турција и Бугарија.

Во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина (http://dpep.ugd.edu.mk/) активно функционира, работи и лабораторијата УНИЛАБ (http://unilab.mk/). Тоа е лабораторија во состав

на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" во Штип, како посебна организациска целина, и нејзината работа е заснована на законска регулатива, подзаконски акти и стандарди:

- Закон за високо образование,
- Закон за акредитација,
- Стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006

Лабораторијата се самофинасира со давање на услуги.

Раководителот и вработените во Лабораторијата се ослободени од внатрешни, комерцијални, финансиски и други притисоци кои можат да влијаат на нивното работење.

Лабораторијата е одговорна за сите тестирања што ги извршуваат, согласно барањата на меѓународните стандарди, методи, прописи, потребите на корисниците и законската регулатива.

Со неа раководи раководител, во функција на Технички раководител, кој има одговорност за работењето согласно стандардот МКС EN ISO/IEC 17025:2006 и другите прописи.

Лабораторијата има управувачки и технички персонал кој без оглед на други одговорности има овластувања и ресурси кои се потребни за спроведување на нивните должности.

**Катедрата за растително производство**

Катедрата за растително производство како организациона единица постои и активно работи на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, од неговото основање во 2007 година во континуитет. Сите членови на Катедрата се бирани во потесни научни подрачја во научната област - растително производство. Континуирана дејност на Катедрата за растително производство е да ги развива и пренесува знаењата на современ начин и да биде во тренд со новите достигнувања во наставно-научната дејност, заради квалитетно образование на студентите од прв, втор и трет циклус на студии.

Во Катедрата за растително производство наставно-научниот кадар го сочинуваат:

1. Редовен професор, проф. д-р Љупчо Михајлов – раководител на катедрата;
2. Редовен професор, проф. д-р Верица Илиева;
3. Вонреден професор, проф. д-р Милан Ѓорѓиевски;
4. Вонреден професор, проф. д-р Драгица Спасова;
5. Вонреден професор, проф. д-р Мите Илиевски;
6. Доцент, д-р Наталија Маркова Руждиќ

Редовното одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип, во текот на учебната 2016/2017 година, е приоритетна активност на професорите од оваа катедра.

Една од активностите на Катедрата за растително производство е

постојано обновување и одржување на генетските ресурси од растителен материјал кој се чува и одржува во коморите во ген - банката во кампусот во Струмица.

Катедрата за растително производство во текот на академската 2016/2017 година имаше голем број на активности на домашни и интернационални манифестации и конгреси од областа на растителното производство и биотехнологијата. Во поединечните годишни извештаи на професорите и соработничкиот кадар, за извештајниот период, може да се видат нивните активности од областите на издавачка дејност, учество и раководење со проекти, објавени трудови, учество на симпозиуми, конгреси, семинари, работилници, студиски патувања и сл.

Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип веќе неколку години успешно ја реализира Еразмус+ програмата со европските партнер универзитети. Оваа година, преку оваа мобилна програма, во организација на катедрата за растително производство, во период од 8 до 12 мај од Институтот за земјоделство од Карнобат – Република Бугарија како визитинг професори кои одржаа предавања беа проф. д-р Дина Атанасова и доц. д-р Василина Манева. Предавањата од областа на органското растително производство беа одржани пред студентите и наставничкиот кадар на Земјоделскиот факултет во наставните центри Штип, Струмица и Прилеп.

Во почетокот на мај 2017 година со група од 40 студенти од Штип, Струмица и Прилеп од VI семестар, кои во рамките на предметната наставна програма го слушаат предметот Органско производство беше остварена еднодневна теренска настава од овој предмет на Органски комплекс (фарма и хотелско-угостителски објекти со органски содржини) во областа – Предел – Банско, Република Бугарија. Во рамките на посетата, студентите имаа можност да слушаат предавања и следат презентации од областа на примената на биолошките пестициди и нивното дејство врз различни земјоделски култури. Во текот на презентацијата за органската фарма „Моравско село“ на Предел, студентите беа запознаени со состојбите и можностите за органско производство во Бугарија, како и со асортиманот на различни средства за ѓубрење и заштита на растенијата, дозволени и регистрирани за употреба во органското земјоделство во земјите на Европската Унија, од кои дел се користат на фармата. Студентите имаа можност да ја разгледаат целата фарма, вклучително и комплексот за ноќевање, како дел од можноста за рурален туризам на фармата и да уживаат во убавото зеленило на Пирин планина во вкусовите на домашно подготвената органска храна.

Во текот на 2017 година, како и претходните години, како продолжување на повеќегодишната соработка со Институтот за земјоделство од Карнобат – Република Бугарија, во организација на Катедрата за растително производство во лабораториите и на опитните полиња на институтот во периодот од 5 до 9 јуни се оствари работна посета и изведување на практичната настава на група од 9 студенти од I и II циклус на студии на Земјоделскиот факултет при УГД - Штип. Организатори на

практичната настава и активни учесници во истата беа професорите од Катедрата за растително производство: проф. д-р Верица Илиева, проф. д-р Драгица Спасова и проф. д-р Мите Илиевски. Активно учество зедоа и проф. д-р Душан Спасов и д-р Билјана Атанасова од Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, како и дип. инж. агр. Иван Донев, студент на втор циклус студии на Земјоделски факултет при УГД – Штип. Првиот ден од посетата се совпадна со настанот „Отворен ден: Иновации во земјоделието“, на кој студентите ја имаа можноста да остварат блиска средба и да присуствуваат на презентации на голем број стопански субјекти од областа на земјоделството, кои се во тесна соработка со Институтот. Покрај тоа, студентите имаа можност да се запознаат со работата на институтот, а потоа и со лабораториите и опитните површини каде што ја реализираат нивната научна и апликативна работа. Следните денови студентите практично се запознаа со техниките на хибридизација кај јачмен и овес, почнувајќи од подготвување на родителските растенија, кастрирање, опрашување и нивно одгледување до зрелост. Студентите ги посетија и површините на кои е организирано органско и био динамично производство. Посетата во целост беше одлично организирана од нашите исклучително љубезни домаќини, со исклучителна отвореност за соработка. На нивно задоволство, студентите покажаа голем интерес за се што можеа да видат и слушнат.

Во периодот од 2 до 8 јули 2017 година во Охрид се одржа 17. Меѓународен Симпозиум и Летна школа по Биоанализа, кој е организиран во рамките на CEEPUS CIII-RO-0010-11-1617 мрежата: TEACHING AND LEARNING BIOANALYSIS. Овој симпозиум секоја година се организира во различна држава членка на мрежата и оваа година, за прв пат, симпозиумот се организираше во Македонија. Земјоделскиот факулет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип се приклучи во мрежата во 2016 година а на свеченото отварање на настанот свое обраќање имаше и Деканот на Земјоделскиот факулет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, проф. д-р Љупчо Михајлов.

Во рамките на предметната наставна програма на студиска програма Полјоделство за студентите од VII семестар, но и за студентите запишани во I семестар од Наставен центар Прилеп, на ден 12.9.2017 година, беше организирана теренска настава под менторство на проф. д-р Љупчо Михајлов. Теренските активности со студентите продолжуваат зависно од сезоната и наставната програма во семестарот и задолжителната предвидена програма на предметниот професор.

Студентите имаа можност директно на терен во атарот на село Ропотово – Прилепско, да се запознаат со начини на орање и заорување на растителните остатоци, и подготовка на почвата за новата сеидбена сезона, како и со работната операција агрегатирана сеидба на пченица.

Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, по повод 70 години од основањето, во периодот од 18 до 20 октомври организираше меѓународен симпозиум под наслов: „3rd International Symposium for Agriculture and Food“ (ISAF

2017). Деканот на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, проф. д-р Љупчо Михајлов беше повикан како почесен гостин на овој интернационален симпозиум.

Посебен акцент на активностите и истражувањата во рамките на активностите на катедрата за растително производство се дава на проектите од областа на органското растително производство и семепроизводство.

Од Управниот одбор на Фондот за научноистражувачка работа при УГД, одобрени беа барањата за продолжување за финансирање на следниве научноистражувачки проекти:

- „Процена на различни генотипови полјоделски култури во системот на органско земјоделско производство“ - главен истражувач проф. д-р Љупчо Михајлов;
- „Колекционирање, карактеризација и евалуација на домашна и странска герм плазма од ориз“ - главен истражувач проф. д-р Верица Илиева;

Во рамките на катедрата за растително производство во тек се и следниве проекти:

- „Органско производство на пролетен овес: Потребни сортни карактеристики“ - главен истражувач проф. д-р Драгица Спасова;
- „Можности за одгледување на здружени посеви во поледелското производство“ - главен истражувач проф. д-р Мите Илиевски;

Проектните активности предвидени по овие проекти редовно се извршуваа во текот на 2016 и 2017 година.

Стручна контрола на семенските посеви од пченица, јачмен, луцерка, соја, сончоглед, како и на посадочен материјал од повеќе видови градинарски култури и во текот на 2017 година беше успешно и редовно реализирана од страна на проф. д-р Љупчо Михајлов, од Катедрата за растително производство. Стручната контрола се изведуваше преку теренски активности со 2 контролни прегледа во текот на вегетацијата на семенските посеви на пријавените површини. Врз база на контролните теренски посети се изготвувани записници и сертификати за состојбата со посевите на местото на одгледување на семенските културни растенија. Прегледите се спроведуваа на повеќе земјоделски фирми на територијата на целата држава (Овче Поле, Пробиштипско, Стумичко и Пелагонија - Битолско), регистрирани за производство на семе и посадочен материјал.

Проф. д-р Верица Илиева и доц. д-р Наталија Маркова Руждиќ од Катедрата за растително производство, активно се вклучени во работата на Лабораторијата УНИЛАБ, која е во рамките на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина – Оддел за контрола на семе и саден материјал.

Активностите на Катедрата за растително производство во периодот што следува ќе бидат насочени кон продолжување на предвидените програми за редовно одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип.

Во годината што следува континуирано ќе продолжат планираните активности по тековните научноистражувачки и апликативни проекти во рамките на катедрата за растително производство. Нови апликации со предлог проекти, по повод различни повици од домашни и странски донатори исто така ќе бидат предмет на редовни активности на вработените во Катедрата за растително производство.

Активностите за спроведување на студентската практична работа, со зголемен интензитет и континуитет, во поголем број на соодветни земјоделски фирми и компании кои и официјално се објавени, ќе бидат една од редовните обврски на професорите од катедрата за растително производство и во наредниот период. Врз база на добиените резултати од досегашните истражувања на кандидатите од II и III циклус продолжуваат активностите од областа на селекционирање и хибридизација на растенијата во правец на создавање на нови сорти, особено на јачмен и соја.

Активностите за спроведување на полски и лабораториски истражувања од областа на одржување на сортите земјоделски растенија, во континуитет се спроведуваат.

Во периодот што следува посебен акцент на активностите и истражувањата ќе биде даден на истражувањата и проектите од областа на органското растително производство и семе производство.

**Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи**

Во учебната 2016/2017 година, вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии, беа активно вклучени и во голем број проекти и научноистражувачки активности.

Во текот на 2016/017 година, приоритетна активност на професорите од оваа катедра е редовното одржување на наставниот процес од прв, втор и трет циклус на студии во сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип.

Наставниот и соработничкиот кадар од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи имаше поголем број на презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на прехранбената технологија и преработката на анимални производи. Проф. д-р Ацо Кузелов учествуваше на мегународни научна конференцијии во Бугарија. Проф. д-р Виолета Иванова Петропулос учествуваше со свои презентации на неколку конгреси и симпозиуми во Македонија, Црна Гора, Хрватска.

Вработените од Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус на студии. Освен тоа, проф. Ацо Кузелов изведуваше настава и на Факултетот за

туризам и бизнис логистика и на Технолошко - технички факултет, доцент д-р Виолета Иванова Петропулос на Факултетот за природни и технички науки, Технолошко-технички факултет и Факултетот за медицински науки. Доцент д-р Фиданка Илиева на Техничко-технолошкиот факултет. Доцент д-р Сања Костадиновиќ Величковска има издадено еднен рецензиран учебник и една монографија.

Вработените од Катедрата учествуваат во повеќе проекти како главни истражувачи и истражувачи. На Катедрата во изминатата година дипломираа поголем број студенти на модулот Енологија и модулот преработка на анимални производи.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 5 трудови се публикувани во списанија со импакт фактор, а поголем број трудови се публикувани во влијателни домашни и меѓународни списанија. Во наредната година, ќе продолжат планираните активности по тековните научноистражувачки и апликативни проекти во рамките на катедрата.

Раководителот на Катедрата за прехранбена техологија и преработка на анимални производи проф. д-р Ацо Кузелов на покана на проф. д-р Стефан Драгоев, проректор за наука и меѓународна соработка на Универзитетот за прехранбени технологии во Пловдив, Бугарија, е член на меѓународниот уредувачки одбор на конференцијата под наслов: „Прехранбена наука техника и технологии“, која повеќе од 50 години се одржува на Универзитетот за прехрамбени технологии во Пловдив Бугарија. На истата конференција со сопствени научни трудови до сега учествувале проф. д-р. Ацо Кузелов и доц. д-р. Фиданка Илиева. Во следнава година на истата конференција со сопствени трудови се планира да учествуваат и останатите професори од катедрата за прехранбена технологија и преработка на анимални производи.

**Катедра за наука за земјиштето и хидрологија**

Во учебната 2016/2017 година, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија покрај редовните активности во наставно-образовниот процес на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип во првиот, вториот и третиот циклус на студии, беа активно вклучени и во голем број научноистражувачки активности. Покрај овие активности, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од првиот и вториот циклус на студии. Притоа, наставничкиот кадар од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија имаше поголем број на презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на аналитичката хемија, хемија на животна средина и биохемијата. Проф. д-р Рубин Гулабоски учествуваше со свои презентации на неколку конгреси во Бугарија (Electrochemical investigation of the basic redox behaviour of rutin, 3$^{rd}$ ICNPU Conference, Bansko, Bulgaria), Интернационален симпозиум во организиран во Македонија (CEEPUS,

Ohrid, July, 2017), Интернационална конференција во Загреб. Доц. д-р Биљана Балабанова исто така имаше свое претставување на неколку интернационални манифестации организирани во Р. Македонија (Eastwest Chemystry Conference, 2017 и 17th International Symposium and Summer School on Bioanalysis in CEEPUS CIII-RO-0010-11-1617 network for teaching and learning bioanalysis).

Вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија се активни учесници и во Акредитиранаата лабораторија УНИЛАБ при Катердрата за заштита на растенијата и животната средина, при што проф. д-р Рубин Гулабоски и доц. д-р Биљана Балабанова директно се вклучени во почвените анализи, агрохемиските анализи и анализите за утврдување на квалитет на вода и храна.

Од стручната дејност, вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија во учебната 2016/2017 година имаат издадено поголем број на скрипти, учебници и монографии: учебник: Физичка хемија за фармацевти од проф. д-р Рубин Гулабоски и Александар Цветковски; монографија од издавачот LAMBERT Academic Publishing од авторите Биљана Балабанова, Трајче Стафилов и Роберт Шајн, делови од монографија за реномирани интернационални издавачи во: Xenobiotics in the Soil Environment. Springer International Publishing. Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации. Проф. д-р Рубин Гулабоски има објавено два труда во списанија со импакт фактор (The American Journal of Emergency Medicine и Food Analytical Methods), доц. д-р Биљана Балабанова има објавено три труда во списанија со импакт фактор (Archives of Environmental Contamination and Toxicology, Journal of Environmental Science and Health, Part A, Food Analytical Methods).

Вработените од Катедрата за наука за земјиштето и хидрологија имаат значајни активности реализирано по научноистражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука на Р. Македонија, фондот за научноистражувачка работа при УГД, како и интернационални фондови (Германија).

**Катедра за лозарство и овоштарство**

Во учебната 2015/2016 година, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа ангажирани во редовните активности во наставно-образовниот процес на сите четири дисперзирани центри во составот на Земјоделскиот факултет при УГД Штип во првиот и вториот циклус студии. Притоа, наставниот кадар од Катедрата за лозарство и овоштарство имаше неколку презентации на интернационални манифестации и конгреси од областа на лозарството. Проф. д-р Виолета Димовска учествуваше со свои презентации на симпозиуми и конгреси и објавени се следните тудови:

Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Gunova, Natasa and Gunova, Vesna (2015). *Analysis of fertility on the Merlot clones (Vitis vinifera L.), by*

*applying the method of correlation*. Sixth international scientific agricultural symposium “Agrosym 2015”, 15-18 Oct 2015, Jahorina, Bosnia and Hercegovina.

Dimovska, Violeta and Ilieva, Fidanka and Ivanova, Violeta and Sofijanova, Elenica and Naceva, Zaneta (2015). *Characteristics of tempranillo grape variety (Vitis vinifera L.), grown in Tikveš's vineyard. Science & Technologies, 5 (6)*. pp. 195-199. ISSN 1314-4111.

Violeta Dimovska, Fidanka Ilieva, Nataša Gunova, Vesna Gunova (2016). Correlation between climate condition, yield and chemical composition in must of three grapes variety. VII International scientific agricultural symposium “Agrosym 2016”, 6-9 Oct 2016, Jahorina, Bosnia and Hercegovina.

Sofijanova, Elenica and Andronikov, Darko and Kostanov, Zoranco and Krsteski, Goran and Noveski, Aco and Dimovska, Violeta (2016). *Ego conditions and roles in organizational behavior.* 21th International symposium on biotechnology, 11-12 March 2016, Čačak, Serbia.

Ivanova, Violeta, Balabanova, Biljana, Mitrev, Sasa, Nedelkovski, Dusko, Dimovska, Violeta, Gulaboski, Rubin (2016). *Optimization and validation of a microwave digestion method for multi-element characterization of vranec wines*. Food Analytical Methods, 9 (1). pp. 48-60. ISSN 1936-9751

Ilieva, Fidanka, Kostadinovik Velickovska, Sanja, Dimovska, Violeta, Spasov, Hristo (2016). *The impact of some wine-making practices on the quality of Vranec red wines from Macedonia produced by the newly-selected local strain “F-78”*. Food Chemistry, 194. ISSN 0308-8146.

Покрај овие активности, вработените од Катедрата за лозарство и овоштарство беа активно вклучени и во реализацијата на практичната работа на студентите од модулот лозарство од првиот циклус студии.

Од научноистражувачката работа, вработените на Катедрата за лозарство и овоштарство при Земјоделскиот факултет публикуваа значаен број на публикации, од кои 2 труда се публикувани во списанија со импакт фактор, 1 во меѓународно списание и 3 труда во зборници од меѓународни научни собири (конгреси, симпозиуми).

Проф. д-р Виолета Димовска е истражувач во научноистражувачките проекти:

1. *Сензорски мрежи за надгледување и контрола на производство на вино*. (Martinovska Bande, Cveta and Gicev, Vlado and Kulakov, Andrea and Dimovska, Violeta and Ivanova, Violeta and Bikov, Dusan and Lameski, Petre and Angelkov, Dimitrija and Kocev, Dejan and Anastasov, Dragan (2014/16). Финансиран од УГД.
2. *Biogenic aminies and aroma in Vranec wines from Macedonia and Montenegro and effect of malolactic fermentation on their formation*. Ivanova, Violeta, and Dimovska, Violeta and Stefova, Marina and Tasev, Krste and Balabanova, Biljana and Ilieva, Fidanka and Petreska Stanoeva, Jasmina (2016). *Билатерален со Црна Гора*.
3. *Classification of wine by determination of bioactive phenolic compounds using high resolution mass spectrometry*.Ivanova, Violeta and Dimovska,

Violeta and Mitrev, Sasa and Gulaboski, Rubin and Bogeva, Elena and Petruseva, Dragana and Causon, Tim and Hann, Stephan (2016). *Билатерален со Австрија*.

**Катедра за растителна биотехнологија**

Како наставно-научна организациона единица во состав на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, согласно со чл.131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип, Наставно-научниот совет на својата 100. редовна седница одржана на 16.5.2014 година донесе Одлука бр. 1802-211/9 од 20.5.2014 год. за формирање на Катедра за растителна биотехнологија.

Наставниците и соработниците од Катедрата за растителна биотехнологија се вклучени во наставата за додипломски, постдипломски и докторски студии при Земјоделскиот факултет во соодветните наставни области, применета работа и научноистражувачки проекти од областа на растителната биотехнологија.

Овие активности се реализираат преку апликативни или научноистражувачки домашни и меѓународни проекти. Со научноистражувачката работа се остварува мисијата на Катедрата за развој на регионот преку пренесување на современите сознанија на студентите и земјоделците, развој на истражувања и пренесување на сознанија и техники кои се релевантни за производството и менаџментот на економски важните растителни видови. Биотехнологијата е мултидисциплинарна наука и вклучува различни природни науки, како: клеточната и молекуларната биологија, микробиологијата, генетиката, физиологијата и биохемијата, исто така и инженерството и компјутерските науки. Мудрата употреба на модерната биотехнологија подразбира побезбедни агрономски практики, како и конзервација и употреба на автохтона гермплазма.

***Прв циклус студии***

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на 31. седница одржана на ден 23.6.2014 година донесува Решение за акредитација на студиската програма Растителна биотехнологија за прв циклус на студии, четиригодишна студиска програма на Земјоделскиот факултет при УГД бр. 12-97/2 од 4.7.2014 година. За оваа студиска програма Решението за почеток со работа бр. 13-12145/4 Министерството за образование и наука на Република Македонија го издава на 5.8.2014 година. Според акредитираната студиска програма Растителна биотехнологија за прв циклус на студии распишана е на Конкурсот за упис на студенти на Земјоделски факултет за академските 2017/2018 година во наставните центри во Штип и Струмица.

Студентите од прв циклус студии на сите студиски програми по предметот Физиологија на растенијата (III семестар) и студентите на студиската програма Градинарство (VIII семестар) по предметот Биотехнологија и биосигурност успешно ја реализраа практичната настава во Лабораторијата за раситетелна биотехнологија, НЦ Струмица.

Студентите на насоката Градинарство (VIII семестар) од Струмица под менсторство на проф. д-р Лилјана Колева Гудева ја посетија компанијата „Антура“ во Кочани. Посетата беше реализирана како дел од практичната наставата по предмет Биотехнологија и биосигурност бидејќи компанијата „Антура“ има високоразвениена холандска технологија за производство на орхидеи (Phalaenopsis), во лаборториски услови преку култура на ткиво. Студентите имаа исклучителна можност да бидат запознаени со сите чекори на технологијата на комерцијална микропропагација, од подготвување на подлога, преку размножување и пасажирање на материјалот, се до негова подготовка за аклиматизација. Сите чекори на микропропагацијата се вршат со почитување на строги хигиенски стандарди кои се применуваат во компанијата и истите важат како за вработените, така и за посетителите. Посетата има голема важност за студентите, бидејќи ваков вид на производство на цвеќе во Македонија е единствен и претставува една потврда дека иднината на модерниот аграр е во растителната биотехнологијата.

***Втор циклус студии***

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија донесува решенија за акредитација на ментори за втор циклус на студии и тоа на:

- проф. д-р Лилјана Колева-Гудева, Решение бр. 17-106/2 од 10.10.2016 год.,
- доц. д-р Фиданка Трајкова, Решение бр. 17-120/2 од 10.10.2016 год.

Акредитираната студиска програма од втор циклус е објавена на Конкурс за академската 2017/2018 година за вкупно 15 студенти постдипломци, 10 за редовни студии и 5 за вонредни студии. Студиската програма Растителна биотехнологија за втор циклус е дел од Конкурсот за втор циклус на студии на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Студентката на втор циклис студии, Ивана Велешанова, во периодот 2015 -2017 година ги спроведува лабораториските истражувањата за изработка на магистерски труд од областа на микропропагација на економски значајни украсни видови.

***Трет циклус студии***

Елаборат за акредитација на трет циклус на студии по растителна биотехнологија е поднесен во Одборот за акредитација на високото образование на Р. Македонија. Со добивање на акредитација за трет циклус, Катедрата ќе ги заокружи сите циклуси на студии.

Студиската програма за докторски студии по растителна биотехнологија е составен дел од Елаборатот за акредитација на студиските програми на Земјоделскиот факултет при Кампусот на технички биотехнички и природни науки на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**Лабораторијата за растителна биотехнологија**

Лабораторијата за растителна биотехнологија функционира во склопот на Катедрата за растителна биотехнологија, а главни перспективи кои ќе се одвиваат во лабораторијата се:

- производство на безвирусен посадичен и семенски материјал;
- клонска *in vitro* микропропагација на стопански важни култури;
- комерцијална *in vitro* микропропагацина;
- современо семепроизводство.

**Техничка опременост**
**Лабораторија за растителна биотехнологија**

| Р. бр. | Вид на опрема | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Персонален компјутер FSC ESPRIMO P5720 | 1 |
| 2 | МОНИТОР Scenik Vju A17-3 | 1 |
| 3 | Автоклав Sutjeska T 300 | 1 |
| 4 | Ламинар комора | 2 |
| 5 | Магнетна мешалка Jenway 1100 | 1 |
| 6 | Фрижидер LG 46 | 1 |
| 7 | Автоматски пипети Biovision | 1 |
| 8 | Техничка вага | 1 |
| 9 | Фитотрон | 1 |
| 10 | Сушница | 1 |
| 11 | Рефрактометар 18IZS | 1 |
| 12 | UV-VIS Спектрофотометар Jenway 6305 | 1 |
| 13 | Аналитичка вага – Sartorius GM 312 | 1 |
| 14 | pH-метар Hanna Hi 2211 | 1 |

**Одржување на ботаничка градина (арборетум) во Наставен центар Струмица**

Со реализацијата на проектот „Интегрирана селекција, заштита и промоција на балканските генетски шумски ресурси со естетска вредност - ISPROP FORGEN“ и „Селекција, заштита и промоција на балкански јадливи шумски видови – FOOD FOREST PARKS“ финансирани од ИПА Програмата за прекугранична соработка „Грција - Република Македонија 2007 – 2013“ и кофинансирани од Министерство за локална самоуправа на Република Македонија на 3 ха во Наставниот центар во Струмица беше воспоставена ботаничка градина (арборетум) согласно активностите предвидени во проектите. Поставената проектна инфрастуруктура (1 расадник, 2 инфокиосци; 1200 m огради и врата; 1400 m систем за наводнување; патеки за посетители во должина од 1000 m; засадени 5067 декоративни и 2000 овошни видови) се одржува од страна на одговорните лице во наставниот центар, додека површината со декоративните и

овошни растенија се користи и за практична работа на студентите на Земјоделскиот факултет од НЦ Струмица. Како дополнителна активност по завршувањето на проектот е расадување на преостанатиот дел од садниците набавени по проектите, засејување на површините со трева и други хортикултурни видови.

**Извештај за активностите на „Уни сервис агро“ ДООЕЛ при Земјоделскиот факултет**

**Обнова и одржување на сортите од пченица и јачмен во 2016/2017 во Опитен центар Струмица**

Во 2016 година е извршен индивидуален избор од сортата пченица мила од кој што се собрани 6.000 класа.

Во 2015/2016 година имавме засеано линии 6.000 класа за обнова на семенски материјал од пченица сорта мила, од кој се добиени 500 kg семенски материјал. Добиениот семенски материјал од линиите ќе послужи како материјал за добивање предосновно семе во наредната 2016/2017 години.

Во 2016/2017 година на површините од УГД Земјоделски факултет, Штип, Опитен центар - Струмица, посеано и добиено:

**Основно семе (О.С):**

Пченица: мила, добиено 8.400 кг.

**Сертифицирано семе 1 генерација ($C_1$):**

Мека пченица: мила, добиено 50.000 кг.

Јачмен: хит, добиено 14.000 кг,

**Производство на семенски материјал од житарки во Опитен центар Амзабегово:**

- Пченица (насеано линии – произведено пред основно семе) на површина од 0,11 ха добиено 595 кг.
- Пченица (насеано пред основно семе – произведено основно семе) на површина од 2,9 ха добиено 10.600 кг.
- Пченица (насеано основно семе – произведено сертифицирано семе од 1ва генерација) на површина од 2,5 ха добиено 6.500 кг.
- Јачмен (насеано линии – произведено пред основно семе) на површина од 0,13 ха добиено 650 кг.
- Јачмен (насеано пред основно семе – произведено основно семе) на површина од 3,45 ха добиено 12.800 кг.
- Јачмен (насеано основно семе – произведено сертифицирано семе од 1ва генерација) на површина од 19,2 ха добиено 53.130 кг.
- Тритикале (насеано линии – произведено пред основно семе) на површина од 0,005 ха добиено 25 кг.
- Јачмен (насеано пред основно семе – произведено основно семе) на површина од 0,3 ха добиено 1.200 кг.

**Други посеви:**

- Сончоглед на површина од 45 ха добиено 25.450 кг .
- Пченка на површина од 20 ха.
- Индустриски домати на површина од 17 ха со принос од 52.130 кг/ха или вкупно 886.210 кг.
- Органски лен на површина од 7 ха со принос од вкупно 2.150 кг.
- Одржување на стари посеви од луцерка со површина од 8,5 ха и насеано нова површина од 1,5 ха.

На опитните површини за изминатата 2016/2017 година беа поставени следниве култури:
- сончоглед
- соја
- црно семе
- чиа
- фацелија
- сусам.

**Извештај од одржаните седници на наставно-научните совети во учебната 2016/2017 година**

**130. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 29.9.2016 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**
1. Одлука за ангажирање на доцент д-р Даниела Димовска во наставата за зимски семестар на Земјоделски факултет за учебната 2016/2017 година;
2. Одлука за прифаќање на завршен извештај по проект со наслов „Влијание на екстрактите брз трајноста на различни видови мелени меса и колбаси“ на гл. истражувач проф. д-р Ацо Кузелов
3. Одлука за покренување на постапка за распишување конкурс за избор на асистент-докторанд за наставно-научната област лозарство на Земјоделски факултети при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
4. Одлука за покренување на постапка за распишување конкурс за избор на асистент-докторанд за наставно-научната област наука за земјиште и хидрологија на Земјоделски факултети при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип

**131. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 18.10.2016 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**
1. Одлука за утврдување на пријавен кандидат, проф.д-р Љупчо Михајлов, по објавениот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 23.9.2016 година;
2. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување

на рецензија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство;
3. Одлука за утврдување на пријавен кандидат, проф. д-р Ацо Кузелов, по објавениот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 23.9.2016 година;
4. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи;
5. Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебно помагало / скрипта со наслов „Заштита при работа во лабораторија“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и доц. д-р Емилија Арсов;
6. Одлука за прифаќање на завршен извештај по проект со наслов „Проучување на присуството на бактериската пламеница (Erwinia amylovora) кај овошните култури во Македонија“ на главен истражувач проф. д-р Саша Митрев;
7. Одлука за утврдување на лица на кои им изминал изборот во насловно звање на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
8. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии во учебната 2016/2017 година на студент Ивана Паракеова;
9. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии во учебната 2016/2017 година на студент Дејан Паунов;
10. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии во учебната 2016/2017 година на студент Илче Здравески;
11. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии во учебната 2016/2017 година на студент Никола Давчев;
12. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии во учебната 2016/2017 година на студент Силвана Ристова;
13. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии во учебната 2016/2017 година на студент Стефан Тасевски;
14. Одлука за одобрување на Барање за ставање на студии во мирување на студент Ангела Апостолова Владимирова;
15. Одлука за одобрување на Барање за ставање на студии во мирување на студент Валерија Димовска;
16. Одлука за одобрување на Барање за ставање на студии во мирување на студент Марија Стојанова;
17. Одлука за одобрување на Барање за ставање на студии во мирување на студент Мирјана Стојанова;
18. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студент Благица Трајчова од редовен во вонреден;
19. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студент Марио Петров од редовен во вонреден;
20. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студент Тиме Грозданов од редовен во вонреден;
21. Одлука за усвојување на извештајот од рецензентската комисија за

оценка на магистерскиот труд на кандидатот Јулијана Троицки и закажување на одбрана на трудот;
22. Одлука за продолжување на рокот на студирање на втор циклус студии на студент Ацо Митев;
23. Одлука за продолжување на рокот на студирање на втор циклус студии на студент Елена Тодоровска;
24. Одлука за продолжување на рокот на студирање на втор циклус студии на студент Зоран Арсевски;
25. Одлука за продолжување на рокот на студирање на втор циклус студии на студент Јулијана Арсова.

**132. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 18.11.2016 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на годишен извештај за работа на декан на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за 2015/2016 г.;
2. Одлука за усвојување на предлог годишен план и програма за издавачка дејност на Земјоделски факултет за 2017 година;
3. Одлука за утврдување на теми за полагање завршен испит и дипломска работа на прв циклус студии на Земјоделски факултет за учебната 2016/2017 г.;
4. Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебно помагало / со наслов „ Практикум по Физиологија на растенијата од авторите проф. д-р Лилјана Колева Гудева и доц. д-р Фиданка Трајкова;
5. Одлука за давање на согласност за учество и финансирање на научно – истражувачки проект со наслов „Проучување на вирусот на шарка кај сливата (Plum pox potyvirus) кај коскестите овошни видови во Република Македонија“ главен истражувач проф. д-р Саша Митрев;
6. Одлука за давање на согласност за учество и финансирање на научно – истражувачки проект со наслов „Мултидисциплинарен пристап во производството на нови сорти на сончоглед“ главен истражувач проф. д-р Саша Митрев;
7. Одлука за давање на согласност за учество и финансирање на научно – истражувачки проект со наслов „Биоактивни компоненти, антиоксидативна и микробна активност на екстракти од овошје и мента“ главен истражувач проф. д-р Виолета Димовска;
8. Одлука за прифаќање на завршен извештај по проект со наслов „Екстракција на капсаицин од лути пиперки и одредување на неговите антиокидативни својства“ на главен истражувач проф. д-р Лилјана Колева Гудева;
9. Предлог-одлука за признавање на испити на студент Бобан Ристовски;
10. Предлог-одлука за признавање на испити на студент Драгица Заев;
11. Предлог-одлука за признавање на испити на студент Ангела Ристеска;
12. Предлог-одлука за признавање на испити на студент Киро Стојкоски;

13. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студии во учебната 2016/2017 година на студент Јованче Коцев;
14. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Кристина Колевска;
15. Одлука за корекција на техничка грешка во одлука за прознавање на испити на студент Дафина Велеска;
16. Одлука за активирање на студии на студент Васка Паратикова;
17. Одлука за прифаќање на пријава за изработка на магистерски труд од кандидатот Жанета Начева под наслов: „Проучување на составот на органски киселини во вина од сортата Вранец со примена на капиларна електрофореза поврзана со масен детектор“;
18. Одлука за за формирање на комисија за оценка на магистерски труд на кандидатот Сања Филиповска;

**133. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 12.12.2016 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - Фитомедицина - на трет циклус студии;
2. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - растително производство - на трет циклус студии;
3. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - Генетика и селекција на растителното производство - на трет циклус студии;
4. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - Лозарство - трет циклус студии;
5. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - Енологија - на трет циклус студии;
6. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - Преработка и контрола на анимални производи - на трет циклус студии;
7. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - Растителна биотехнологија - на трет циклус студии;
8. Одлука за усвојување на Елаборат за акредитација на студиската програма - Наука за земјиштето и хидрологија - на трет циклус студии;
9. Одлука за усвојување на извештајот на ракописот со наслов „Заштита при работа во лабораторија“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и доц. д-р Емилија Арсов;
10. Одлука за усвојување на извештајот на ракописот со наслов „Фитофармација“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и м-р Билјана Ковачевиќ;
11. Одлука за усвојување на извештајот на ракописот со наслов „Практикум фитофармација“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и м-р Билјана Ковачевиќ;

12. Одлука за формирање на комисија за рецензирање на учебник со наслов „Процесна техника - во поледелството“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓ. Кукутанов;
13. Одлука за давање на согласност за учество и финансирање на научно – истражувачки проект со наслов „Примена на биотехнолошки методи за подобрување на растителните видови“, главен истражувач проф. д-р Лилјана Колева Гудева;
14. Одлука за давање на согласност за учество и финансирање на научно – истражувачки проект со наслов „Хемиска карактеризација на вино, алкохолни пијалоци и храна со примена на инструментални техники“, главен истражувач проф. д-р Виолета Иванова Петропулос;
15. Одлука за усвојување на годишен извештај по билатерален проект финансиран од МОН со наслов „Карактеризација на содржината на тешки метали во различни видови на растителна храна од загадени подрачја и нивно влијание на синџирот на исхрана“ на главен истражувач доц. д-р Биљана Балабанова;
16. Одлука за прифаќање на годишен извештај по билатерален проект финансиран од МОН со наслов „Биогени амини и ароми во вина Вранец од Македонија и Црна Горан и влијание на јаболково-млечната ферментација на нивното формирање“ на главен истражувач проф. д-р Виолета Иванова Петропулос;
17. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Гордана Алескова;
18. Одлука за прифаќање на пријава за изработка на магистерски труд од кандидатот Билјана Тучковска под наслов: „Столбур фитоплазма кај винските сорти винова лоза во тиквешкото виногорје“;
19. Одлука за запишување на Ангел Лелов на студиска програма Енологија на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
20. Одлука за запишување на Антонио Петров на студиска програма Енологија на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
21. Одлука за запишување на Васдекас Константинос на студиска програма Поледелско производство на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
22. Одлука за запишување на Марија Поцковска на студиска програма Биотехнологија селекција и семепроизводство на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
23. Одлука за запишување на Глигорчо Бојков на студиска програма Фитомедицина на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
24. Одлука за запишување на Ивана Тапанарова на студиска програма Фитомедицина на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
25. Одлука за запишување на Стојанче Стојановски на студиска програма Фитомедицина на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
26. Одлука за запишување на Татјана Трајанова на студиска програма Фитомедицина на втор циклус студии на Земјоделски факултет;
27. Одлука за утврдување на два универзитетски изборни предмети на трет циклус студии од Земјоделски факултет;

28. Одлука за назначување на деканот за одговорен уредник на годишниот зборник на Земјоделски факултет;
29. Мислење за соодветност на образование на пријавени кандидати на конкурсот за трет циклус студии на Земјоделски факултет.

**134. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 21.12.2016 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за усвојување на извештајот од рецензентската комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Сања Филиповска и закажување на јавна одбрана.

**136. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 15.2.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за Предлог-одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство;
2. Предлог-одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи;
3. Одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Земјоделско инженерство;
4. Одлука за усвојување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (пречистен текст);
5. Одлука за усвојување на Деловник за работа на Наставно - научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
6. Одлука за утврдување на членови на Наставно-научен совет за летен семестар во учебната 2016/2017 година;
7. Одлука за дополнување на одлуката за покриеност на наставата во прв циклус студии за учебната 2016/2017 г.;
8. Одлука за усвојување на табела за покриеност на наставата во трет циклус студии за учебната 2016/2017 година;
9. Одлука за усвојување на Извештајот за веродостојност на презентираните податоци за користење на принципот на флексибилно работно време (ФРВ) од наставниците на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Одлука за прифаќање на годишен извештај по научноистражувачки проект со наслов „Процена на различни генотипови полједелски култури во системот на органско земјоделско производство“ на главен истражувач проф.д-р Љупчо Михајлов;

11. Одлука за одобрување на Барање дел.бр. 1005-23/1 од студентот Лидија Кузумов за промена на статус од редов во вонреден студент;
12. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Пеце Аџиоски;
13. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Рубинчо Благадушоски;
14. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Благица Лазарова;
15. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Димче Саревски;
16. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Софче Делева.

**137. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 3.3.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за определување на бројот на студенти кои ќе се запишуваат на прв циклус универзитетски академски студии во учебната 2017/2018 година на Земјоделски факултет.

**138. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 13.3.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 15.2.2017 г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство;
2. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство;
3. Одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија;
4. Одлука за изменување на Одлука бр.1302-233/30 од 12.12.2016 г. за усвојување на Барањето за издавање на учебник со наслов „Процесна техника – во поледелството“ од авторот проф. д-р Ристо Ѓ.Кукутанов;
5. Одлука за усвојување на Барањето за издавање на учебник со наслов „Штетници кај зеленчуковите култури и мерки за контрола“ од авторите проф. д-р Душан Спасов и д-р Билјана Атанасова;
6. Одлука за определување на бројот на студенти кои ќе се запишуваат на втор циклус универзитетски академски студии во учебната 2017/2018 година на Земјоделски факултет;
7. Одлука за одобрување на пријава за земање учество во билатерален проект помеѓу Р Македонија и НР Кина со наслов „Карактеризација на мултиелементните профили и мултиизотопски односи за одредување на географското потекло на различни видови на растителна храна и пијалаци“ на главен истражувач доц.д-р Биљана Балабанова;

8. Одлука за одобрување на пријава за земање учество во билатерален проект помеѓу Р Македонија и НР Кина со наслов „Динамично мониторирање на етил карбамат и синтезата на неговите прекурсори во текот на производството на вино и разработка на контролна стратегија“ на главен истражувач проф.д-р Виолета Иванова Петропулос;
9. Одлука за за одобрување на Барање за мирување на студии на Дарко Гребенаков со бр. на индекс 092174;
10. Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на магистерски труд од кандидатот Зорица Лелова под наслов: „Определување на органски и неоргански киселини во црвени вина со капиларна електрофореза“;
11. Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на магистерски труд од кандидатот Павле Вучков под наслов: „Сортна специфичност на ленот Linum usitatissimum L. во Струмичкиот регион“.

**139. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 6.4.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 9.3.2017 г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство;
2. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство;
3. Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 21.3.2017 г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија;
4. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област ентомологија;
5. Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 21.3.2017 г. за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област фитофармација/пестициди;
6. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област фитофармација / пестициди;
7. Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 21.3.2017 г. за избор на еден научен соработник во научно истражувачката област ентомологија / биолошка заштита;
8. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден научен соработник во научната истражувачката област ентомологија / биолошка заштита;
9. Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 21.3.2017 г. за избор на еден асистент-докторанд за научната област плодност на земјиштето и фертилизација;

10. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден асистент-докторанд за научната област плодност на земјиштето и фертилизација;
11. Одлука за утврдување на пријавени кандидати по конкурсот од 21.3.2017 г. за избор на еден асистент-докторанд за научната област Лозарско производство;
12. Одлука за покренување на иницијатива за трансформирање на годишен зборник на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип во меѓународно списание;
13. Предлог-одлука за ангажирање на д-р Јовица Васин од Институтот за полјоделство и градинарство во Нови Сад, Србија за визитинг професор на Земјоделски факултет во учебната 2016/2017 година;
14. Одлука за формирање на дисциплинска комисија за разгледување на дисциплинските прекршоци на студентите запишани на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип;
15. Одлука за за одобрување на барање за активирање на студии на студент Дејан Михајловски;
16. Одлука за за одобрување на барање за активирање на студии на студент Урџај Ајна;
17. Предлог-одлука за признавање на испити на студент Горан Минов;
18. Предлог-одлука за признавање на испити на студент Александар Димовски;
19. Одлука за одобрување на Барање за одобрување на промена на статусот на студент од редовен во вонреден на студент Димче Саревски;
20. Одлука за формирање на комисија за оценка на магистерски труд на кандидатот Јулијана Арсова;
21. Одлука за прифаќање на пријавата за изработка на магистерски труд од кандидатот Галина Иванова под наслов: „Мултилокусна генетска анализа на столбур фитоплазми кај култури од фамилија SOLANACEAE во источна Македонија“.

**140. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 11.5.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за покренување на постапка за распишување на конкурс за Предлог-одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област генетика и селекција на растителното производство;
2. Предлог-одлука за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи;
3. Одлука за покренување на постапка за распишување на Конкурс за

избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство;

4. Одлука за усвојување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип (пречистен текст)
5. Одлука за усвојување на Деловник за работа на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
6. Одлука за утврдување на членови на Наставно-научен совет за летен семестар во учебната 2016/2017 година;
7. Одлука за дополнување на одлуката за покриеност на наставата во прв циклус студии за учебната 2016/2017 г.;
8. Одлука за усвојување на табела за покриеност на наставата во трет циклус студии за учебната 2016/2017 година;
9. Одлука за усвојување на Извештајот за веродостојност на презентираните податоци за користење на принципот на флексибилно работно време (ФРВ) од наставниците на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
10. Одлука за прифаќање на годишен извештај по научноистражувачки проект со наслов „Процена на различни генотипови полједелски култури во системот на органско земјоделско производство“ на главен истражувач проф.д-р Љупчо Михајлов;
11. Одлука за одобрување на Барање дел.бр. 1005-23/1 од студентот Лидија Кузумов за промена на статус од редов во вонреден студент;
12. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Пеце Аџиоски;
13. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Рубинчо Благадушоски;
14. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Благица Лазарова;
15. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Димче Саревски;
16. Предлог-одлука за за признавање на испити на студент Софче Делева.

**141. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 31.5.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за покриеност на наставата на Земјоделски факултет за учебната 2017/2018 година на прв циклус студии;
2. Одлука за покриеност на наставата на Земјоделски факултет за учебната 2017/2018 година на втор циклус студии;
3. Одлука за формирање на конкурсни комисии од Земјоделски факултет при уписот на студентите во прв циклус студии за учебната 2017/2018 година;
4. Одлука за формирање на конкурсна комисија за запишување на студенти на универзитетски академски (стручни) студии од втор

циклус во учебната 2017/2018 година на Земјоделски факултет;
5. Одлука за формирање на рецензентска комисија за изготвување на рецензија за избор на еден научен соработник во научната истражувачката област ентомологија / биолошка заштита;
6. Одлука за дополнување на Одлука за утврдување на членови на Наставно-научен совет на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“-Штип во летниот семестар за учебната 2016/2017 година;
7. Одлука за одобрување на Барање бр 0801-2/7 од доц. д-р Биљана Балабанова за покривање на трошоци за престој во Македонија на четири лица - професори од Кина;
8. Одлука за формирање на комисија за оценка на магистерски труд на кандидатот Ванчо Миленков.

**142. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 4.7.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Предлог-одлука за избор на проф. д-р Душан Спасов во звање редовен професор за наставно-научната област ентомологија;
2. Одлука за усвојување на Барањето за издавање на учебно помагало/ скрипта со наслов „Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и доц. д-р Емилија Арсов.

**143. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“- Штип, одржана на 7.9.2017 г.**

**На седницата се донесени следниве одлуки:**

1. Одлука за избор на еден научен соработник во научноистражувачката област ентомологија / биолошка заштита на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Одлука за усвојување на рецензија за учебно помагало/скрипта со наслов „Анатомски и физиолошки промени кај болните растенија“ од авторите проф. д-р Саша Митрев и доц. д-р Емилија Арсов;
3. Одлука за утврдување на членови на Наставно-научен совет во зимски семестар, учебна 2017/2018 година;
4. Одлука за утврдување на теми за дипломски труд и завршен испит за учебната 2017/2018 година;
5. Одлука за назначување на ментори на генерација 2017/2018 од прв циклус студии на Земјоделски факултет во Штип, Струмица, Кавадарци и Прилеп;
6. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за покриеност на наставата за учебната 2017/2018 година;
7. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во

учебната 2017/2018 година на студент Ана Крстева;
8. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Билјана Јакова;
9. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Бојан Николовски;
10. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Даниела Димов;
11. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Дарко Јовановски;
12. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Димитар Манев;
13. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Ѓорѓи Ѓорѓиев;
14. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Ивана Спасовска;
15. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Кирил Стојнев;
16. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Љупче Тодосовски;
17. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Марија Михајлова;
18. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Марјан Ѓерѓев;
19. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Мартин Панев;
20. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Мите Ефремов;
21. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Никола Давчев;
22. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Никола Смиљанов;
23. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Панче Јорданов;
24. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Петар Пуриќ;
25. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Ратко Лазов;
26. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Ристо Самандов;
27. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Славчо Пачуков;
28. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Столе Митев;
29. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Филип Каракашевски;
30. Одлука за одобрување на Барање за активирање на студиите во учебната 2017/2018 година на студент Цветанка Секулова;

31. Предлог-одлука за префрлување од друг универзитет и признавање на испити Горан Тодоровски;
32. Предлог-одлука за префрлување од друг универзитет и признавање на испити Ѓорѓи Кукутанов;
33. Предлог-одлука за префрлување од друг универзитет и признавање на испити Емилија Мастева;
34. Предлог-одлука за префрлување од друг универзитет и признавање на испити Стојан Атанасов;
35. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Горан Најданов;
36. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Димитар Стојчев;
37. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Елеонора Ристеска;
38. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Катерина Абрашева;
39. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Кире Најданов;
40. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Мане Донев;
41. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Мирко Стефановски;
42. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Михаела Кузмановска;
43. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Сашко Витанов;
44. Предлог-одлука за префрлување од една насока на друга во рамките на единицата / и признавање на испити Кристијан Манчев;
45. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Горан Тодоровски;
46. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Димитар Стојчев;
47. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Ѓорѓи Кукутанов;
48. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Зоран Делев;
49. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Иван Златанов;
50. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Магдалена Сеничева;
51. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Силвана Ристова;
52. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Симона Костадиноска;
53. Одлука за одобрување на Барање за промена на статус на студирање од редовен во вонреден студент на Стојан Атанасов;

54. Одлука за одобрување на Барање за на мирување на студии на студент Миле Божинов;
55. Предлог-одлука за одобрување на Барање за поврат на уплатени финансиски средства на студент Соња Соколова;
56. Одлука за признавање на испити положени на Универзитетот во Милано (Universita degli Studi di Milano, Department of scienze agrarie e alimentari) на студентот Васил Костадиновски;
57. Одлука за признавање на испити положени на Универзитет Картагена во Шпанија (Universidad Politecnica de Cartagena) на студентот Марио Петковски;
58. Одлука за признавање на испити положени на Политехнички институт, Земјоделски факултет - Коимбра, Португалија на студентот Михаил Митев;
59. Одлука за одобрување на Нарање за промена на тема на дипломски труд на студент Билјана Поцкова;
60. Одлука за усвојување на извештајот од рецензентската комисија за оценка на магистерскиот труд на кандидатот Ванчо Миленков.

**Техничка опременост**

**Штип – Кампус 2**

Наставата на Кампус 2 во Штип, како и секоја година, последователно се организирана во зградата за природни, технички и биотехнички науки, а за потребите на Земјоделскиот факултет се користат амфитеатрите на Кампусот како и просториите на Факултетот на третиот кат од зградата. За следење на наставата се користат предавалните 10 и 11, кои се опремени со вградени LCD проектори и компјутер. Во функција на свечености, одбрани на докторски дисертации, магистерски трудови како и дипломски работи има еден комплетно опремен свечен амфитеатар.

Со тоа просторните услови за реализација на наставата видно се подобрени, а наставничкиот кадар располага со кабинети и канцеларии. Во истиот кампус комплетно опремен е и научноистражувачкиот центар со централна Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина, која е во функција на Земјоделскиот факултет. Оваа централна лабораторија опслужува повеќе катедри и ја сублимира целокупната научно -истражувачка, стручна и апликативна работа на Факултетот.

На третиот кат од зградата функционира и библиотеката на Земјоделски факултет која располага со голем книжен фонд од сите области на земјоделските науки, која е на располагање на наставничкиот кадар и на студентите.

**Кавадарци**

Наставниот центар во Кавадарци располага со следниве предавални и лаборатории:

1. Компјутерска лабораторија бр.1
2. Компјутерска лабораторија бр.2

3. Предавална бр.3
4. Предавална бр.4
5. Предавална бр.5
6. Компјутерска лабораторија бр.3 (не е во функција)
7. Предавална бр.6
8. Предавална бр.7
9. Предавална бр.8
10. Микроскопска лабораторија
11. Хемиско-биохемиска лабораторија
12. Лабораторија бр.1 (втор кат - не е во функција)
13. Лабораторија бр.2 (втор кат - не е во функција)
14. Четири канцеларии (за професори и асистенти)
15. Две канцеларии за студентска служба
16. Портирница
17. Една сервер соба.

**Техничка опременост:**

- Еден преносен проектор,
- Компјутерска лабораторија бр.1 - опремена со 20 компјутери,
- Компјутерска лабораторија бр.2 - опремена со 20 компјутери, еден вграден проектор и платно за проекција,
- Предавална бр.3 - опремена со интерактивна табла, видео конференциска опрема, еден вграден проектор,
- Предавална бр.6 - опремена со вграден проектор, платно за проекција,
- Микроскопска лабораторија - опремена со 20 микроскопи и еден голем микроскоп LEICA DM2500 поврзан со Мекинтош компјутер.

**Струмица**

Наставниот центар во Струмица располага со следниве амфитеатри, предавални и кабинети:

| Назив | Број на простории и број од опремата | Број на седишта | Подвижни | Неподвижни |
|---|---|---|---|---|
| Кабинет по информатика | 1 | 27 | 27 | |
| Компјутерско работно биро 80/60/73 | | | 27 | |
| Монитор Scenik Vju A17-3 | 27 | | | |
| Персонален компјутер FSC ESPRIMO P5720 | 27 | | | |
– Меѓународна конференција РУСКИОТ ЈАЗИК, ЛИТЕРАТУРА И КУЛТУРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: МИНАТО, СЕГАШНОСТ И ИДНИНА, 27-29 септември 2017, Скопје, Македонија

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

- Член на Организациски комитет на Втора меѓународна научна конференција ФИЛКО - ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ, 10-11 мај, Воронеж, Русија.
- Техничко уредување на Зборникот на трудови од Втората меѓународна научна конференција ФИЛКО - ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ, 10-11 мај, Воронеж, Русија (во печат).
- Раководител на делегација на УГД при размена на студенти од УГД со Самарскиот државен медицински универзитет, 16-31 јули 2017, Самара, Русија.
- Претставник на УГД при размена на студенти од Самарскиот државен медицински универзитет од Самара, Русија, 13-29 август 2017, Скопје, Охрид, Македонија.

**Кореспондент Марица Тасевска**

**НАУКА Автор/и, оригинален наслов, место и време на објавување на трудот**

- Tasevska, M. & Hadzi-Nikolova, A. Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата „Joy“ и „Woman“. Втора меѓународна научна конференција ФИЛКО - ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ, 10-11 мај 2017, Воронеж, Русија. (во печат)

**Учество во проекти:**

- Daskalovska, Nina and Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Venovska-Antevska, Snezana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет
- Dimova, Violeta and Denkova, Jovanka and Karanikolova-Cocorovska, Lusi and Ivanovska, Biljana and Belcev, Tole and Mladenoski, Ranko and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Celik, Mahmut and Kukubajska, Marija Emilija and Kusevska, Marija and Jakimovska, Svetlana and Kuzmanovska, Dragana and Marolova, Darinka and Velinova, Eva and Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana and Todorova, Marija and Prodanovska, Vesna and Donev, Dragan and Koceva, Vesna and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalijaand Krsteva, Marija and Markoska, Nadica and Karanikikj, Jovana and Ulanska, Tatjana and Golakov, Kostadin and Tasevska, Maricaand Hadzi-Nikolova, Adrijana (2016) Ментор.

**Учество на конгреси, собири, симпозиуми, трибини, обуки и сл.**

- Втора меѓународна научна конференција ФИЛКО - ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ, 10-11 мај 2017, Воронеж, Русија.

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

- Изведување на хоспитации во ОУ„Ванчо Прке“ и СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ за предметот Методика на наставата по

германски јазик и книжевност 1, 2, со студентите од четврта година на катедрата за германистика.

- Член на Конкурсна комисија за прием на документи и електронска обработка на податоци за запишување нови студенти на Филолошки факултет во прв циклус 2016/2017
- Член (записничар) на комисијата за наставни прашања при Филолошки факултет
- Учесник во изготвување на елаборатот за прв циклус на студии при Филолошки факултет
- Учесник во изработка на информаторот за студенти за учебната 2016/2017
- Посета на саемот на книга – Денови на образование и наука како претставник од Филолошкиот факултет, Скопје, 6-7 Април,2017

**Кореспондент Адријана Хаџи-Николова**

НАУКА Автор/и, оригинален наслов, место и време на објавување на трудот

- Tasevska, M., Hadzi-Nikolova, A. Англицизмите во германскиот јазик врз примери од списанијата „Joy“ и „Woman“. Втора меѓународна научна конференција ФИЛКО - ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ, 10-11 мај 2017, Воронеж, Русија. (во печат)

**Учество во проекти:**

- Daskalovska, Nina and Dimova, Violeta and Kuzmanovska, Dragana and Venovska-Antevska, Snezana and Kirova, Snezana and Ivanova, Biljana and Ulanska, Tatjana and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2017) Дополнителната настава во функција на подобрување на знаењата на студентите на Филолошкиот факултет
- Dimova, Violeta and Denkova, Jovanka and Karanikolova-Cocorovska, Lusi and Ivanovska, Biljana and Belcev, Tole and Mladenoski, Ranko and Daskalovska, Nina and Leontik, Marija and Celik, Mahmut and Kukubajska, Marija Emilija and Kusevska, Marija and Jakimovska, Svetlana and Kuzmanovska, Dragana and Marolova, Darinka and Velinova, Eva and Kirova, Snezana and Petkovska, Biljana and Todorova, Marija and Prodanovska, Vesna and Donev, Dragan and Koceva, Vesna and Iliev, Krste and Pop Zarieva, Natalijaand Krsteva, Marija and Markoska, Nadica and Karanikikj, Jovana and Ulanska, Tatjana and Golakov, Kostadin and Tasevska, Marica and Hadzi-Nikolova, Adrijana (2016) Ментор.

Учество на конгреси, собири, симпозиуми, трибини, обуки и сл.

Втора меѓународна научна конференција ФИЛКО - ФИЛОЛОГИЈА, КУЛТУРА И ОБРАЗОВАНИЕ, 10-11 мај 2017, Воронеж, Русија

**ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

- Организирање на клиничка пракса за студентите од Филолошки факултет во ОУ „Тошо Арсов“ – Штип, ОУ „Гоце Делчев“ – Штип и

ОУ „Димитар Влахов“ - Штип
- Обука за полагање меѓународни Кембриџ сертификати – Британски совет – Штип 23.6-30.6.2017 г. ФОН и Филолошки факултет

**Домашни/меѓународни проекти**

Датум од-до 1.2.2016 до 1.2.2018 г.

Наслов на проектот
Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии
Позиција Домашен проект без финансии/во тек

**Опис на активностите во тек на проектот**

Една од целите на овој проект е алатката за преведување Trados (2014) да се направи достапна за секој студент на групата за преведување и толкување, прво, преку нејзино инсталирање на повеќе компјутери, потоа преку континуирани обуки за студентите и за наставниот кадар кој ќе ја надгледува работата на студентите, а потоа и преку практични вежби и симулации.

Освен со компетенции за примена на алатките за преведување, на студентите ќе им се понудат и поголем број на предавања и работилници од страна на професори и стручњаци кои се специјализирани и веќе афирмирани како преведувачи и кои би можеле да го споделат своето искуство со студентите, а воедно и да ги воведат во некои од техниките на превод што самите ги применуваат. Покрај компјутерски потпомогнат превод (ККП), ќе бидат опфатени и други преведувачи пракси – конференциско толкување (симултано и консекутивно преведување), судски и книжевен превод. Во делот на конференциско толкување студентите ќе бидат обучувани во преведувачки лаборатории во кои се врши симулација на конференција. Судскиот превод ќе се практикува преку вклучување на студентите како преведувачи во симулирани судења. На полето на книжевниот превод студентите ќе се надградуваат преку предавања и креативни работилници на кои ќе се читаат текстови со различни стилски карактеристики, ќе се врши изнаоѓање на оригинални решенија за превод, ќе се согледуваат најчестите грешки при превод на фразеологизми, идиоми, адаптации.

Истражувачите во проектот, освен што ќе работат со различни групи на студенти и ќе ги воведуваат во методите на работа со кои не можеле да се сретнат во рамки на наставата, ќе имаат задача и да спроведуваат анкети, тестирања, интервјуа и експерименти пред и по завршувањето на обуката и ќе ги евидентираат резултатите. Сознанијата за придобивките

од примената на новите методи на работа и технологии професорите ќе можат да ги искористат како средства за зголемување на мотивацијата кај студентите, затоа што доброто владеење на новите методи и техники би ги направиле идните преведувачи конкурентни на пазарот во регионот и пошироко. Освен тоа и соработките со фирмите што филолошкиот факултет ќе ги оствари во рамките на овој проект би им го отвориле патот на нашите студенти кон нивната понатамошна професионална дејност.

Активностите на проектот се одвиваат според следната временска рамка од февруари 2017 до септември 2017:

1. Обезбедување материјали, просторни и технички услови за различните типови на превод;
2. Инсталирање на техничка опрема за работа и за асистенција на студентите при користење на најновите технологии во стекнување на вештини за преведување;
3. Формирање работилници;
4. Спроведување анкети, тестирања, експерименти со цел согледување на актуелните компетенции;
5. Контактирање на истакнати стручњаци од областа, организација на обуки од нивна страна, склучување на договори со лица и со институции;
6. Стимулирање на студентите во подобрување на квалитетот и на брзината на преводот;
7. Учество на конференции, семинари и меѓународни списанија во кои се соопштуваат тековните резултати од истражувањето.

Датум од-до 1.3. 2016 до 1.3.2018

Наслов на проектот
Литературолошките и културолошките истражувања и нивната функција во оспособувањето на студентите - идни наставници

Позиција Домашен проект без финансии/во тек

**Опис на активностите во тек на проектот:**

Предмет на истражување на овој проект е улогата и влијанието на литературолошките и културолошките сознанија што ги стекнуваат студентите за време на студирањето и нивната практична примена во наставата по литература во средното образование.

Проект има две главни цели: а) да ја истражи функцијата на литературологијата и културологијата како важни компоненти во образованието на студентите на филолошките факултети; б) да ја истражи и да ја докаже нивната улога во високото образование како основа за создавање функционални методички постапки за остварување

на генеричките и особено предметно-специфичните компетенции на студентите идни наставници по предметот Македонски јазик и литература.

Целна група се студенти од трета и четврта студиска година на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип, како и ученици од гимназиските паралелки во Штип.

**Датум од-до 1.4. 2016 до 1.4.2018 г.**

**Наслов на проектот**

Турската и македонската литература за деца создавана во Македонија и во Турција и нивната застапеност во наставните програми во периодот од 1960 до 2000 година.

Позиција Домашен проект без финансии/во тек

**Опис на активностите во текот на проектот:**

Предмет на истражување на овој проект е турската литература за деца, создавана од автори што живеат и работат во Македонија, како и автори –Турци, што живеат во Р. Турција и каква е нивната улога и влијание врз создавањето соодветни компетенции и на учениците и на наставниците за читање, разбирање и градење на когнитивните процеси. Предмет на компаративно истражување ќе бидат и наставните програми по турски јазик и литература и наставните програми по македонски јазик во Македонија и во Турција.

Една од целите на проектот е да ја истражи и да ја докаже улогата на турската литература за деца во запознавање на културолошките и традиционалните вредност и разлики меѓу турската и македонската целна група испитаници – учениците од основните училишта. Тоа ќе биде добра основа за надминување на меѓуетничките разлики, што е од извонредно значење за едукативните процеси денес.

**Датум од-до од 1.4.2016 до 1.4.2018 г.**

**Наслов на проектот МЕНТОР**
**Позиција Домашен проект без финансии/во тек**

**Опис на активностите во тек на проектот:**

Проектот „МЕНТОР“ кој е предвиден со Меморандумот за деловна соработка потпишан помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и ПСД ДОО Љубљана бр. 0307-1381/1 од 17.12.2014 г. е заеднички проект на овие две институции во времетраење од две години (со можност за продолжување).

Проектот започна да се реализира од почетокот на 2016 г. и опфаќа повеќе сегменти: Пренос на знаења/информации на студентите на Филолошкиот факултет и другите факултети во рамките на УГД;

Преведување – инволвирање на двете страни во преведувачките проекти во Македонија и пошироко; Обезбедување на пракса во ПСД за студентите на групите за преведување и толкување (сите јазици) Обезбедување на обука за наставниот кадар во врска со софтверските помагала за преведување (ТРАДОС и сл.) Мобилизирање на студентите со големи достигнувања за време на студирањето и можност за нивно дополнително обучување под менторство на искусни преведувачи и можност за нивно вработување во ПСД.

Теми кои се опфатени со проектот „МЕНТОР“ се следниве: преведување, процеси на преведување, стандарди EN/ISO (нов ISO); Имплементација на ISO/EN во софтверите на ПСД, Trados, Matecut; Machine translation; Почитување на процесите! Проектно водење, обезбедување на квалитет; Апликација и речник (доделување на UN/PW на сите и доделување на лица за увоз во речникот/Мкд).

Учесници во проектот се членовите на наставничкиот кадар на Филолошкиот факултет во Штип и студентите на насоките за преведување и толкување (англиски, германски, италијански и турски јазик).

Наслов на проектот

ДОПОЛНИТЕЛНАТА НАСТАВА ВО ФУНКЦИЈА НА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА НА СТУДЕНТИТЕ НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ

Клучни зборови Македонски јазик, англиски јазик, германски јазик, граматика, вокабулар, јазични вештини, јазична компетенција, експлицитно/имплицитно учење

FRASCATI класификација 6 Хуманистички науки

6.2 Јазик и литература

**Опис на проектот**

Студентите кои се запишуваат во прва година на Филолошкиот факултет во Штип доаѓаат со различни предзнаења на јазикот и со различно ниво на јазична компетенција, така што дел од студентите кои ги започнуваат студиите со помали знаења и со пониско ниво на јазична компетенција се соочуваат со тешкотии при совладувањето на материјата предвидена по предметите современ македонски/странски јазик. Затоа, предмет на оваа истражување е да се утврди ефектот од дополнителната настава за студентите од прва година во подобрување на нивните знаења и зголемување на нивната јазична компетенција што ќе им овозможи полесно совладување на предвидената материја, како и обезбедување подобра основа за побрзо напредување и постигнување подобри резултати во текот на студирањето.

Истражувањата за начините на учење на јазиците довеле до дистинкцијата помеѓу експлицитното и имплицитното учење на јазикот. Експлицитното учење е свесна операција каде што лицето обрнува внимание на одредени аспекти на стимулот и поставува и тестира хипотези во потрага по одредена структура, додека имплицитното учење е

усвојување на знаење за структурата на комплексен стимул преку процес кој се случува природно и без свесни операции (N. Ellis, 2008: 3).

Усвојувањето на мајчиниот јазик е имплицитно, бидејќи децата стекнуваат знаење за вокабуларот и за структурите на нивниот мајчин јазик во текот на комуникацијата со нивните родители и со другите луѓе во нивната средина, а не преку меморирање и учење на правила. Тие можат да зборуваат на својот мајчин јазик, но не знаат да ги објаснат правилата. За разлика од мајчиниот јазик, усвојувањето на втор/ странски јазик е поинакво, бидејќи учениците немаат можност да бидат изложени на толкав лингвистички инпут, па затоа е потребен дополнителен извор на учење. Крешен (Krashen, 1987, 2008) прави дистинкција помеѓу термините „усвојување“ (acquisition) и „учење“ (learning) и смета дека возрасните можат да стекнат компетенција на вториот јазик на два начина. Првиот начин е усвојување на јазикот на сличен начин како при усвојувањето на мајчиниот јазик. Усвојувањето на јазикот е потсвесен процес, лицата не се свесни дека го усвојуваат јазикот, туку само дека го користат јазикот за комуникација. Усвоената компетенција на тој начин е потсвесна и лицата не се свесни за правилата што ги усвоиле. Наместо тоа, тие имаат „чувство“ за точност. Вториот начин на развивање на компетенција е свесно учење на правилата на вториот јазик, знаење на правилата и способност да се зборува за нив. Тоа учење уште се нарекува формално учење на јазикот или експлицитно учење.

Ван Патен (Van Patten, 1994: 29) истакнува дека за многумина поимот „свесност“ стана синоним со објаснување, граматички вежби, знаење на правилата, а поимот „потсвесност“ стана синоним со инпут, комуникација и комуникативни активности. Аналогно на тоа, експлицитното учење се изедначува со свеста, а имплицитното со потсвеста.

Прашањето за експлицитното и имплицитното учење и експлицитното и имплицитното знаење биле предмет на истражување во педагогијата, применетата лингвистика, когнитивната психологија, невробиологијата и во други научни дисциплини. Од една страна, голем број истражувања покажуваат дека фокусирањето на формата преку учење на правилата и поправање на грешките е супериорно над имплицитното учење (Lightbown & Spada, 1990) и дека наставата фокусирана на формата резултира во значителни придобивки во усвојувањето на целните структури, дека експлицитните видови на настава се поефективни од имплицитните, и дека ефектите од експлицитната настава се долготрајни (Norris & Ortega, цитирано во N. Ellis, 2008). Од друга страна, искуството покажува дека учениците често не успеваат да го научат тоа што се предава на час, или пак не можат да го применат тоа знаење кога треба да го користат јазикот во природна комуникација. Тоа укажува на фактот дека формалната настава придонесува за стекнување на експлицитно знаење кое може да го помогне усвојувањето на имплицитното знаење, но и дека наставата треба да обезбеди можности за имплицитно усвојување на јазикот кое ќе доведе до стекнување на имплицитно знаење што ќе им овозможи на учениците автоматско и течно користење на јазикот. Тоа може да се постигне преку

зголемување на лингвистичкиот инпут за време на часовите и преку екстензивно читање надвор од часовите.

Нови избори на наставнички и соработнички кадар

1. Д-р Виолета Димова редовен професор методика на литературата
2. М-р Марија Тодорова виш лектор романистика
3. М-р Драган Донев виш лектор англистика

**Други активности на Филолошки факултет:**

- Филолошкиот факултет во соработка со Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Македонија организира работилница за преведување и толкување под наслов „Оригиналноста во преводот – почит кон индивидуалноста на авторот и кон јазикот“ (14.3.2017 г.) во рамките на проектот „Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“.
- На 13.3.2017 г. се одржа презентација на студентите од прва година од катедрата за англиски јазик за ресурсите и можностите што им ги нуди Американското катче во Штип на нашите студенти. Целта на овие мултимедијални центри е да обезбедат бесплатни информации за САД преку книги и списанија.
- Реториката, културата на говорот, како и убавиот пишан збор беа во центарот на вниманието на студентите на Филолошкиот факултет при УГД, преку средбата што ја имаа со поетот Стојан Тарапуза и проф. д-р Кристина Николовска од Катедрата за македонска книжевност и јужнословенски книжевности при Филолошкиот факултет „Блаже Коневски“ во Скопје на 1.3.2017 година.
- На 22.11.2016 година, проф. д-р Снежана Велковска, научен истражувач од Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, одржа предавање на Филолошкиот факултет при УГД – Штип. Предавањето се однесуваше на многу интересна и актуелна тема – Македонската неофразеологија.
- На 16.3.2017 година, Филолошкиот факултет даде свој придонес во чествувањето на нашиот патронен празник, 10 години од постоењето на УГД. Имавме чест да ви го претставиме светски познатиот, а сепак наш, Венко Андоновски, кој одржа предавање на тема „Достоевски и Мек Доналдс“.
- Катедрата по македонски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип на 31.3.2017 г. беше домаќин на средбата со студентите од Студиската програма: Македонски јазик и книжевност на Универзитетот во Тетово, кои во рамките на нивната едукативна екскурзија го посетија Филолошкиот

факултет во Кампус 4 со цел остварување на поблиски контакти со нивните колеги, размена на идеи, искуства, свои видувања за образовниот процес на двете установи, за актуелната состојба со македонскиот јазик и за заедничката цел за развивање на свеста за неговото зачувување.

- Филолози и книжевници од Македонија, Русија, Бугарија, Италија, Франција, Хрватска и Србија беа дел од Меѓународната конференција за филологија култура и образование ФИЛКО во организација на Филолошкиот факултет при УГД од 10.5.2017 до 12.5.2017 година.
- На 27.3.2017 година, доц. д-р Вилдан Џошкун, која е специјалист за диванска книжевност, на студентите на Групата за турски јазик и книжевност им одржа предавање под наслов „Основни карактеристики на диванската книжевност и поетеси на диванската книжевност“.
- Филолошки факултет учествување на настанот „ДЕНОВИ НА ОБРАЗОВАНИЕ И КАРИЕРА“ што траеше од 4 до 10 април 2017 год. во рамките на Меѓународниот саем на образование и кариера што се организира со цел на младите луѓе и студентите да им помогне при изборот на нивната идна професионална ориентација, односно образовната институција каде што ќе го продолжат своето образование, компанијата каде што ќе се вработат по дипломирањето, програмите за стручна доквалификација во одредени области, како и начините и можностите за финансирање на студиите.
- На 10.4.2017 г., студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност имаа прилика да се запознаат со најновите истражувања од областа на методиката пренесени преку искуството на професор Татјана Атанасоска, универзитетски професор од Виена, која работи на тема „Развојот на наставничките компетенции во Македонија, Шкотска и Шведска“.
- Се одржа успешна и конструктивна средба на Филозофскиот Факултет на Универзитетот во Ниш и Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- 200-годишнината од првото печатено издание на првата антологија на европскиот и светски расказ на македонски народен јазик „Чудесата на пресветата Богородица“ од Јоаким Крчовски, се обележи со пригодно предавање: МЕЃУ ЧАРШИЈАТА И ЦРКВАТА (творечки разоткривки) на д-р Димитар Пандев, редовен професор на УКИМ.
- Проф. д-р Лилјана Митковска од Факултетот за странски јазици од Универзитет ФОН – Скопје на ден 24.4.2017 год. одржа предавање на Филолошки факултет при УГД на тема „Англиските еквиваленти на македонскиот предлог НАД”.
- Професорката Евен Ле Калве Ивичевиќ од Филозофскиот факултет во Загреб, на 25.4.2017 год. одржа предавањето на тема Квебек - чувар на традицијата, свртен кон разновидноста. Предавањето опфаќа повеќе општествени, јазични и културни аспекти од минатото и сегашноста на оваа франкофонска канадска провинција.
- Проф. д-р Веселинка Лаброска од Институтот за македонски јазик

„Крсте Мисирков“ во Скопје, на ден 25.4.2017 год. одржа предавање на тема „Функциите на минатото неопределено време во македонскиот јазик“ за студентите од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

- Деканката доц. д-р Драгана Кузмановска оствари средба со проф. д-р Наталија Бутусова на која разговараше, покрај за престојната заедничка конференција ФИЛКО и за други можни проекти кои овозможуваат размена како на наставнички и соработнички кадар, така и на размена на студенти. Проф. Наталија им се претстави на студентите, изучувачи на рускиот како странски јазик, со интерпретацијата на расказот „Свадба“ од Максим Горки.
- Под мотото „Да се купи книга е прва лига”, а по повод Светскиот ден на книгата, се одржа Саем на книга на Филолошкиот факултет во Штип. Ова е една од активностите што Филолошки факултет преку Катедрата по македонски јазик и книжевност и преку можноста за продажба на НУУБ „Гоце Делчев“ - Штип ја реализираше во склоп на Програмата за одбележување на Светскиот ден на книгата и авторското право и во рамки на отворените денови на УГД. На продажниот штанд од Саемот беа изложени дела од едицијата „135 тома македонска книжевност” по цена од 157 ден.
- Студентите од Групата за италијански јазик и книжевност на 28.4.2017 присуствуваа на предавањето на професорот Рино Капуто од Универзитетот „Tog Vergata” во Рим, што се одржа во Мултимедијалниот центар на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” при Универзитетот „Св. Кирил и Методи” во Скопје. Професорот Капуто одржа „lectio magistralis” на тема „Секојдневната жед за претстави“ по повод 150. годишнина од раѓањето на големиот Луиџи Пирандело.
- На 28 април 2017 год., доц. д-р Марјана Ванева пред студентите и вработените на Филолошки факултет – Штип ги презентирање нејзините последни истражувања во врска со негацијата „не“ во англискиот јазик наспрема негацијата во македонскиот јазик.
- На ден 4 мај 2017 година проф. д-р Јаготка Стрезовска од Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола, одржа предавање за студентите германисти од Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на тема: „Kongruenz (Übereinstimmung) im Deutschen und im Makedonischen”.
- На 4.5.2017 година Андон Тошиќ е прогласен за добитник на наградата „Лебедов превод“ за најдобар книжевен превод од турски на македонски јазик во преведувачката работилница посветена на мистичниот поет Ахмед Јесеви кој УНЕСКО го чествува во 2016-2017 година. Андон Тошиќ е студент на Групата за турски јазик и книжевност – насока за преведување.
- На 9.5.2017 год. се одржа семинар за студентите од Катедрата за германски јазик и книжевност на тема Јохан Волфганг Гете - „Фауст“, универзални вредности. Предавањето го одржи проф. д-р

Луси Караниколова-Чочоровска од Катедрата за македонски јазик и книжевност при Филолошки факултет, УГД - Штип.

- Во рамките на Денот на турската култура на 4 мај 2017 год. се одржаа многу активности посветени на мистичниот поет Ахмед Јесеви кој се чествува во 2016/2017 год. од страна на УНЕСКО. Во панелот кој го водеше проф. д-р Махмут Челик учествуваа доц. д-р Зеки Ѓурел и доц. д-р Селчук Ќуршад Коџа од Р. Турција, проф. д-р Махмут Челик и писателот и преведувачот Илхами Емин од Р. Македонија. доц. д-р Селчук Ќуршад Коџа го раскажа животот и делото на Ахмед Јесеви, а доц. д-р Зеки Ѓурел ја претстави филозофијата на Ахмед Јесеви. проф. д-р Махмут Челик го претстави писателот и преведувачот Илхами Емин и неговата книга „Просветлувања или жив под земја“.
- Се одржа Втората меѓународна научна конференција „ФИЛКО“ - филологија, култура и образование од 10-12 мај 2017 година на Филолошкиот факултет при Воронешкиот државен универзитет. Конференцијата е во организација на Филолошкиот факултет при Воронешкиот државен универзитет (Воронеж, Русија) и Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ (Штип, Македонија).
- Неговата Екселенција, амбасадорот на Р. Италија г. Карло Ромео, на 17 мај 2017 г. беше во посета на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, каде што присуствуваше на предавања на професорите м-р Ана Стефановска, докторанд од Универзитетот во Падова на тема „Просторот во италијанскиот неореализам“ и проф. Алфонсо Амендола од Универзитетот во Салерно на тема „Расказ во форма на роза“.
- На 18 мај 2017 (четврток), проф. д-р Виолета Димова од Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при УГД одржа работилница наловена како „ТОМАС МАН ВО ПОТРАГА ПО СОВРШЕНАТА УБАВИНА!?“ за студентите германисти од Филолошкиот факултет при УГД.
- Проф. д-р Марија Леонтиќ, раководител на Групата за турски јазик и книжевност и доц. д-р Хусејин Озбај, наставник на Гази Универзитетот во Анкара на 26 мај 2017 година беа во пријателска посета на Институтот „Јунус Емре“ во Анкара, Република Турција, при што проф. д-р Марија Леонтиќ во името на Универзитетот „Гоце Делчев“, деканот на Филолошкиот факултет, доц. д-р Драгана Кузмановска, врачи Благодарница од името на Универзитетот „Гоце Делчев за соработката на Инстититутот „Јунус Емре“ во Анкара со Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“.
- Од 22 до 26 мај 2017 година се одржа Осмиот меѓународен конгрес на турскиот јазик во Анкара што традиционално се одржува од 1932 година. Марија Леонтиќ настапи со реферат под наслов „Книги што се подготвени и што се користат на Групата за турски јазик и книжевност при Универзитетот 'Гоце Делчев' за учење и предавање

на турскиот јазик“.

- На 30 мај 2017 година, во Домот на културата „Крсте Петков Мисирков“ во Свети Николе, проф. д-р Виолета Димова од Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и проф. д-р Мито Спасевски од Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ на УКИМ - Скопје ги промовираа книгите: антологија на најсовремената македонска поезија за деца и млади „Тоа сум јас“ и книгата „Нови штурци“. Тие ја промовираа и заедничката поетска книга на Христо Петрески и Трајче Кацаров: „Песни поголеми од книгата“, со песни посветени на децата и младите.
- Ирина Мазгански, студентка на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, на Катедрата за германски јазик и книжевност ја доби германската стипендија од ДААД (Германска агенција за академска размена) и летово оствари едномесечен студиски престој во Германија, поточно на Универзитетот во Аахен.
- На 27.6.2017 год, со потпишувањето на новиот ревидиран Договор се интензивираше соработката со Британскиот совет, кој предвидува можност за организирање на полагање и здобивање на меѓународно признати сертификати од страна на Филолошкиот факултет во согласност со Британскиот совет.
- На 7 септември 2017 год. проф. д-р Аднан Исмаили и проф. д-р Марија Леонтиќ имаа работна средба на која се разговараше за настанокот и развојот на двете катедри. Се разговараше за организацијата на работата, наставничкиот кадар, проблемите со кои се соочуваат и можните решенија.
- По повод 3 октомври, Денот на германското единство, Германската амбасада организираше свечен прием, на кој беа поканети многубројни гости од политиката, стопанството, културата и од дипломатскиот кор во Македонија. Деканката на Филолошкиот факултет од Штип имаше можност да поразговара со германскиот амбасадор, како и со претставниците од другите асоцијации чија дејност е поврзана со промовирање на германскиот јазик и германската култура во Македонија.
- Денот на германското единство, 3 октомври, беше одбележан во Штип во организација на Катедрата за германски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип со предавањето на тема „Обединувања и поделби на Германија“, кое го одржа еминентниот проф. д-р Петер Рау.
- Студентите од Групата за германски јазик и книжевност – Штип на 16.10.2017 год. беа во посета на една несекојдневна интерактивна изложба во Скопје со наслов „Германија, земја на пронајдоци - истражувачка сложувалка“, во Кинотека на Македонија, каде што имаа можност да бидат внесени во историјата на германските откритија и пронајдоци. На турата со водич во вид на рели, студентите беа запознаени со историските откритија и со напредните

иновации од областа на информатиката, енергијата, комуникацијата, мобилноста, медицината, оптиката и материјалите. Организатори се Гете-институтот во соработка со здруженијата „Фрауенхофер“ и „Макс-Планк“ .

- Филолошкиот факултет во соработка со Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Македонија организира работилница за преведување и толкување, под наслов: „Преводот и толкувањето во сите свои облици“. Како дел од настанот беше и претставување на Конкурсот за најдобар млад преведувач под наслов: „Наградата Вавилон како поттик за младите преведувачи“, која секоја година традиционално ја доделува Делегацијата на ЕУ и Здружението на преведувачи и толкувачи на Република Македонија. Работилницата се одржа на 13.10.2017 год. во рамките на проектот „Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“.
- Во амфитеатарот на Филолошки факултет – Штип беше промовирана книгата “Methoden des fremdsprachlichen Deutscunterrichts” од д-р Валентина Илиева од УКЛО-Битола (18.10.2017 г.)
- Почесниот конзул на Р.Австрија во Македонија д-р Валентина Илиева на 26 октомври 2017 год. во Штип одржа предавање на тема „Австрискиот национален празник“ по повод Националниот празник на Австрија, во организација на Катедрата за германистика.
- Деканката на Филолошкиот факултет д-р Драгана Кузмановска беше на прием кај австриската амбасадорка по повод одбележување на Националниот празник на Австрија, 26 октомври.
- Во рамките на манифестацијата „Фестивал на новиот германски филм“ што се одржа од 13 до 27 ноември 2017 год. на отворањето на фестивалот деканката на Филолошкиот факултет д-р Драгана Кузмановска имаше средба со претставници од културното аташе на Амбасадата на Р. Германија
- По повод патрониот празник на гимназијата „Славчо Стојменски“, значаен партнер на Филолошкиот факултет, претставници од Филолошкиот факултет присуствуваа на свеченоста и му врачија благодарница за успешна соработка на директорот Ристо Петковски.
- На 22.6.2016 год се одржа состанок на претставник од Филолошкиот факултет (Даринка Маролова) со главниот менаџер на ПСД-Груп, Љубљана, г. Драган Шибанц во хотел GRAND PLAZA (Тафталиџе, Скопје) во врска со продолжување и продлабочување на соработката меѓу Филолошкиот факултет и ПСД-Груп, во насока на организирања на разни проекти и водење на тековните проекти, обезбедувања на компјутери и Традос-лиценци за алатки за електронски-потпомогнато преведување за потребите на факултетот, обуки за вработените итн.
- Во текот на целата година се одржуваа тековни активности во рамките на проектот „Ментор“.
- Во текот на целата година се одржуваа тековни активности во рамките

на проектот „Стекнување и развивање на преведувачко-толкувачките компетенции кај студентите на насоката за преведување и толкување преку примена на најновите транслатолошки достигнувања и технологии“.

- Во текот на мај 2017 год. вработените на Филолошки факултет активно учествуваа во проектот „Отворени денови на УГД“ со презентации поврзани со можностите за студирање, наменети за учениците од 4 година, матурантите од средните училишта во Штип, Куманово, Струмица, Прилеп, Кочани, Виница, Кавадарци и Гевгелија.
- Претставници од Филолошкиот факултет, меѓу кои и деканката присуствуваа на трибината „Да се биде учител...“ по повод денот на учителите, на 5 октомври 2017 год. во организација на Факултетот за образовни науки – Штип.
- На 10 април 2017 год. претставници од Филолошкиот факултет учествуваа на работилницата во рамките на ЕУ твининг проектот „Развивање на соработка помеѓу високообразовните институции, приватниот сектор и релевантните органи“, кој се спроведува во рамки на Министерството за образование и наука, а се одржа во Кампус 4. Работилницата е наменета за членови на факултетите коишто се вклучени во студиски и истражувачки педагошки програми (т.е. академски кадар од факултетите вклучен во педагошки студиски програми за претшколска возраст, основно и средно образование).

## ИНСТИТУТ ЗА ЈАЗИЦИ

- Извештајот за работата на Институтот за јазици при Филолошкиот факултет за периодот од 16 септември 2016 год. до 15 септември 2017 год. претставува сумирање на резултатите и осврт на реализираните цели и задачи кои произлегуваат од Правилникот за работа на Институтот за јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев – Штип. Во продолжение е даден детален опис на наведените активности во академската 2016/2017 година.
- Курсот по македонски јазик за странски кандидати се изведува во две нивоа: А1 ниво и А2 ниво. И во двете нивоа наставата се изведува со фонд од 20 часа неделно во траење од по три месеци или вкупно 240 часа во текот на семестарот за А1 ниво и 240 часа за А2 ниво.
- За наставата по македонски јазик за странци – А1 и А2 ниво се користат следните учебници:

1. Зборувате ли македонски? - почетен курс за странци (учебник) автори: Марија Кусевска и Лилјана Митковска;
2. Зборувате ли македонски? - почетен курс за странци (работна тетратка) автори: Елени Бужаровска и Татјана Гочкова-Стојановска;
3. Божилак - македонски јазик за странци (почетно рамниште) автори: Татјана Гочкова - Стојановска и Искра Пановска – Димкова.

### Административна работа

Административните работи и водењето на архивата и деловодните

книги на Институтот за јазици ги врши референтот на Институтот за јазици Јулијана Денкова, референт на Филолошки факултет.

Освен претходните активности, Институтот за јазици постојано врши проверка на познавање на македонски јазик за странци и познавање на странски јазици за кои издава соодветни потврди. Во однос на ова, во текот на академската 2016/2017 година имавме следна бројка на издадени потврди:

1. познавање на англиски јазик вкупно 62 потврди;
2. познавање на македонски јазик: вкупно 10 потврди;
3. познавање на руски јазик: вкупно 2 потврди.

Овие потврди се издаваат по цена од 1200 денари согласно со Ценовникот на Институтот за јазици.

Издадени се и 2 потврди на странски студенти за посетување на курс по македонски јазик по цена од 100 денари.

Годишен извештај за 2016/2017 година за странските студенти (зимски семестар), проф. Станка Коцева

Курсот по македонски јазик за интернационалните студенти се изведува во две нивоа: А1 ниво и А2 ниво. Две групи со А1 ниво ја започна својата настава во октомври.

Првата група беше водена од проф. Станка Коцева. Во неа имаше 24 студенти. Со работа се започна на 3 октомври 2016 год. Подоцна од еден месец пристигнаа дополнително двајца студенти за кои им беше организиран курс со цел да го надополнат изгубеното време. Истите многу ретко беа присутни на наставата и заедно со уште двајца студенти не го положија усниот испит. Текот на наставата се изведуваше по претходно изработениот наставен план, четири дена во неделата по пет наставни часа. Наставата се одвиваше секој вторник, среда, четврток и петок во просториите на ФОН. Наставата почнуваше во 15.30 ч., а завршуваше во 19.30 ч., од вторник до четврток, во предавална 8, а во петок наставата почнуваше во 13.30 ч. до 17.30 ч. во предавална 6. Се одржаа вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за првото ниво за курсот по јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од раководителот на Институтот за јазици доцент д-р Драгана Кузмановска. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на раководителот се доставувани мејлови, а истите часови се дополнително одржани.

Наставата се одвиваше според програмата со редовно правење на контролни задачи и вежби со цел за подобро разбирање на македонскиот јазик. Часовите редовно ги посетуваа 80% од студентите, воедно поради тоа истите немаа проблем во совладувањето на материјалот и го положија испитот. Испитот имаше писмен и устен дел. Писмениот дел се одржа на 19.12.2017 год. во 14.00 часот во просториите на ФОН, а усниот дел се одржа на 26.12.2017 год. На усниот дел немаше студенти кои не го положија испитот.

Годишен извештај за 2016/2017 година за странските студенти (зимски семестар), м-р Марија Соколова

Курсот по македонски јазик за интернационалните студенти се изведува во две нивоа: А1 ниво и А2 ниво. И во двете нивоа наставата се изведува со фонд од 20 часа неделно во траење од по три месеци или вкупно 240 часа во текот на семестарот за А1 ниво и 240 часа за А2 ниво.

Втората група за А1 ниво кај м-р Марија Соколова имаше 15 студенти. Наставата се одвиваше во периодот од 3 октомври до 22 декември 2016 година. На самиот почеток на наставата не беа присутни сите студенти, бидејќи некои од нив имаа проблеми со документите за престој, но по нивното доаѓање тие беа редовни на предавањата и брзо го совладуваа материјалот. За кратко време веќе зборуваа и разбираа македонски јазик на основно ниво.

Наставата по македонски јазик кај дипл. професор м-р Марија Соколова се одвиваше во два термина: понеделник, вторник и среда од 16 до 20 часот и во сабота од 10 до 14 часот во предавалните 7 или 8 на Факултетот за образовни науки и во понеделник, вторник и петок од 11 до 15 часот во предавалните 3 или 5 на Економскиот факултет и во сабота од 10 до 14 часот во предавалните 7 или 8 на Факултетот за образовни науки.

На часовите на студентите покрај предавањата им се даваа и контролни задачи и вежби со цел за подобро усвојување на новите наставни единици. Часовите се одиваа под контрола на доц. д-р Драгана Кузмановска, која е раководител на Институтот за јазици и декан на Филолошкиот факултет.

Редовноста на студентите се регулира преку евидентни листи каде што секојдневно тие се обврзани да се потпишуваат. Овие евидентни листи по завршување на курсот се предаваат во Архивата на Ректоратот. Инаку секој студент има свое портфолио каде се чуваат неговите тестови и документи, во случај да му биде потребен некој од тие документи. Откако студентите ги положуваат испитите по македонски јазик А1 и А2 ниво тие добиваат сертификати за истите.

Писмениот и усниот испит за А1 ниво беа одржани на 23.12.2016 г. и 26.12.2016 г. на Факултетот за образовни науки. Испитите беа спроведени од комисија од Филолошкиот факултет во состав: декан доц. д-р Драгана Кузмановска, виш лектор м-р Снежана Кирова и виш лектор м-р Билјана Иванова, со присуство на предавачите. Од првата група на дипл. професор м-р Марија Соколова испитот за А1 ниво го полагаа 15 студенти) и сите положија.

Годишен извештај за учебната 2016/2017 година за странските студенти (летен семестар), професор Станка Коцева

Курсот по македонски јазик за интернационалните студенти се изведува во две нивоа: А1 ниво и А2 ниво. Групите со А1 ниво ја започна својата настава во месец октомври, една група.

Беше водена од професор Станка Коцева. Во неа имаше 25 студенти. Со работа се започна на 1 февруари 2017 г. Наставата се изведуваше по претходно изработениот наставен план, четири дена во неделата по пет наставни часа. Наставата се одвиваше секој понеделник, вторник, четврток и петок, во просториите на ФОН. Наставата почнуваше во 13.30 ч., а завршуваше во 17.30 ч., од вторник до четврток, во предавална 8.

Се одржаа вкупно 240 часа, колку што всушност беа предвидени за првото ниво за курсот по јазик. Наставата беше редовно проверувана и надгледувана од раководителот на Институтот за јазици доц. д-р Драгана Кузмановска. За сите проблеми и отсуство поради оправдани причини на раководителот се доставувани мејлови, а истите часови се дополнително одржани.

Наставата се одвиваше според програмата со редовно правење на контролни задачи и вежби се со цел за подобро разбирање на македонскиот јазик. Завршниот испит имаше писмен и устен дел. Писмениот дел се одржа на 21.4.2017 г. во 14 часот во просториите на ФОН, а усниот дел се одржа на 25.4.2017 г. Писмениот дел не го положија 6 студенти. Тројца го преполагаа истиот и истиот го положија двајца. Тројца пак не можеа да го полагаат усниот испит поради заминување во Турција. Само еден од нив Шабан Јилмаз го полагаше усниот испит во септември.

Членовите на Институтот за јазици, согласно со Правилникот на ИЈ, редовно одржуваат консултации и вршат проверка на знаењата на странски јазик на нематичните факултети при УГД на крајот од семестарот во кој се учи одредениот странски јазик (англиски, германски, руски, шпански, француски и италијански).

Како заклучок од горенаведеното да кажеме дека Институтот успешно организира настава по македонски јазик за странци во академската 2016/2017 за една група поради намалениот број на кандидати – странски студенти. Во декември кандидатите полагаа рамниште А1 пред предметните наставници и раководителот. На усниот дел немаше студенти кои не го положија испитот. Во април кандидатите полагаа рамниште А2, исто така пред предметниот наставник и раководителот, но 6 студенти немаа доволно поени за устен испит. Од овие кандидати 3 подоцна повторно полагаа рамниште А2 и го положија испитот.

Институтот константно инсистира на редовноста на кандидатите, редовно проверување на наставата, давање дополнителни материјали, контролни тестови итн.

# ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ

## Вовед

Извештајот за работата на деканот на Правниот факултет за периодот од 15 септември 2016 до 15 септември 2017 година претставува сумирање на резултатите и осврт на реализираните цели и задачи кои произлегуваат од стратегијата за развој на Факултетот.

## Формирање на Факултетот

Правниот факултет е основан со Закон за основање на државен Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип („Сл.весник на РМ“ бр.40 од 30.3.2007 година) и согласно со чл.114 од Статутот на УГД – Штип е редовна членка на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

## Организациона поставеност на факултетот – Наставно-научен совет

Наставно-научниот совет е стручен орган и орган на управување на Факултетот. Наставно-научниот совет го сочинуват избраните редовни и вонредни професори, доценти како и претставници на соработниците и студентите.

## Декан

Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ проф. д-р Блажо Боев на ден 15.9.2015 со Одлука дел.бр. 0204-968/8 од 15.9.2015 година го избра проф. д-р Јован Ананиев за декан на Правниот факултет. Со Одлука на Универзитетскиот сенат дел.бр. 0201-970/16 од 15.9.2015 година е потврдена Одлуката за избор проф. д-р Јован Ананиев за декан на Правниот факултет.

Наставно-научниот совет на Правен факултет со Одлука дел бр.1102-237/2 од 17.9.2015 година за продекан на Правен факултет е избрана доц. д-р Олга Кошевалиска.

Наставно-научниот совет на Правен факултет со Одлука дел бр.1102-166/4 од 12.9.2016 година за продекан за замена на доц. д-р Олга Кошевалиска на Правен факултет е избрана доц. д-р Борка Тушевска.

## Структура

| Р. б | Име и презиме | Звање | Во редовен работен однос | Со договор за ангажирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Д-р Јован Ананиев | редовен професор | да | |
| 2. | Д-р Војо Беловски | вонреден професор | да | |
| 3. | Д-р Игор Камбовски | вонреден професор | да | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | Д-р Јадранка Денкова | вонреден професор | да | |
| 5. | Д-р Андон Мајхошев | вонреден професор | да | |
| 6. | Д-р Страшко Стојановски | вонреден професор | да | |
| 7. | Д-р Борка Тушевска | вонреден професор | да | |
| 8. | Д-р Ивица Јосифовиќ | вонреден професор | да | |
| 9. | Д-р Сузана Џамтоска Здравковска | доцент | да | |
| 10. | Д-р Олга Кошевалиска | доцент | да | |
| 11. | Д-р Дејан Маролов | доцент | да | |
| 12. | Д-р Кристина Мишева | доцент | да | |
| 13. | Д-р Ана Никодиновска Крстевска | доцент | да | |
| 14. | Д-р Марија Амповска | доцент | да | |
| 15. | Д-р Димитар Апасиев | доцент | да | |
| 16. | Д-р Милица Шутова | доцент | да | |
| 17. | М-р Елена Максимова | асистент докторанд | да | |
| 18. | Д-р Тодор Витларов | насловен вонреден професор | / | да |
| 19. | Д-р Лазар Нанев | насловен вонреден професор | / | да |
| 20. | Д-р Јасмина Димитриева | насловен доцент | / | да |
| 21. | Д-р Жанета Попоска | насловен доцент | / | Да |
| 22. | Д-р Јован Андоновски | насловен доцент | / | да |
| 23. | Љубица Медарска Апостолова | секретар | да | / |
| 24. | Маргарета Алчинова | технички секретар | да | / |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | Мирјана Максимова | реф.на студентски прашања - Кочани | да | / |
| 26. | Невенка Ронкова | реф.на студентски прашања - Штип | да | / |
| 27. | Аница Удовалиева | реф.на студентски прашања - Струмица | да | / |

**Катедри**

**Катедра по политички и правно-политички науки (раководител на катедрата е проф. д-р Јадранка Денкова)**

Врши координација и развој на научноистражувачката и наставната дејност во сферата на државата, општеството, правните и политичките теории, процесите на управување, човековите права историскиот развој на категориите држава и право и општествените и политичките системи

**Катедра по граѓанско право (раководител на катедрата е проф. д-р Игор Камбовски)**

Врши координација и развој на научноистражувачката и наставната дејност во сферата на основните категории на граѓанското право, судските постапки во граѓанската област, сопственичките односи, семејните односи, наследните односи, облигационите односи и специфичната пракса во граѓанската сфера во рамките на Европската Унија.

**Катедра по деловно право (раководител на катедрата е доц. д-р Кристина Мишева)**

Врши координација и развој на научноистражувачката и наставната дејност во сферата на трговските односи, царината, шпедицијата, транспортот, правните односи врзани за трговските друштва, финансиите, управувањето во рамките на една стопанска организација, трудовите односи и специфичната материја врзана за европското деловно право.

**Катедра по казнено право (раководител на катедрата е доц. д-р Олга Кошевалиска)**

Врши координација и развој на научно-истражувачката и наставната дејност во сферата на основите институти и односи во казненото право, казнената постапка, криминалитетот, затворскиот ситем и креирањето на криминална политика. Исто така, овде се опфатени и прашањата кои се однесуваат на меѓународното казнено право и меѓународната казнено-правна судска пракса.

**Катедра по меѓународни односи и европско право (раководител на катедарата е доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска)**

Врши координација и развој на научноистражувачката и наставната дејност во сферата на институциите и регулативата на Европската Унија,

политиките во Европската Унија, меѓународното право, меѓународните организации и институции како и меѓународните политички односи.

**Катедра по новинарство и медиуми**

Врши координација и развој на научноистражувачката и наставната дејност во сферата на комуникациите, теоријата на новинарство, разните техники на новинарство, односите со јавноста, организацијата на медиумите, медиумските политики и регулацијата на медиумскиот сектор.

**Извештај од одржаните седници на наставно-научните**

***139. седница, 12.9.2016 год.***

1. Одлука за избор на доц. д-р Борка Тушевска Гавриловиќ за продекан како замена на доц. д-р Олга Кошевалиска која е на породилно боледување.
2. Одлука за прифаќање на иницијативи за покренување на постапка за предвремен избор во повисоко звање насловен вонреден професор за наставно-научната област меѓународно јавно право на д-р Жанета Попоска.
3. Одлука за измена на Одлуката дел.бр. 1102-107/5 од 12.5.2016 година за покриеност на наставата за втор циклус за учебната 2016/2017.
4. Одлука за ангажирање на Сотир Костов како стручњак од пракса.
5. Одлука за ангажирање на Душко Миновски како стручњак од пракса.
6. Одлука за утврдување на членови на ННС за зимски семестар 2016/2017 година на Правен факултет.
